**Распоред на часови**

Централно училиште

Подрачно училиште

RASPORED NA ^ASOVI ZA PREDMETNA NASTAVA – OOU„KO^O RACIN" 2022/2023

1.Фила Вероска-Стојковска 1.1 мак. ј.
2.Наташа Неданоска - мак.ј.
3 . Лидија Јевтовиќ .1анг.ј
4 . Габриела Н. англиски
5. Сања Николоска германски јазик
6.Силвана Крстеска -математика
7. Виолета Коцаре -мат 1.1 физика 1.2
8. Елизабета Великоска 8.1 мат.
9Ленче Грунческа 9.1 био. 9.2 п.нау.
10. Тања Лошкоска .1 био. 10.2 п.нау.
11. Сузана Коческа .1 хемија
12. Бобан Блажески .1 историја.
14. Благоја Ристески .1 инф. 14. 2 прог.
15. Зоран Русески 15.1 фзо
16. Богоја Мојсоски .1 лик. 16.1 лик.пр.
17. Игор Стефаноски.1 муз.
18. Јованка Анѓелкоска 18.1 з.рел. 18.2 граѓ.18.3 инов.
19. Валентина Караѓуле физичко
20. Александра Петрески 20.1 етика
21. Јулија Крстева 21.1 т.о
22. Билјана Силјаноска - 1 гео.

| | ^as | $VI^1$ | $VI^2$ | $VII^1$ | $VII^2$ | $VIII^1$ | $VIII^2$ | $IX^1$ | $IX^2$ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| PONEDELNIK | 1 | 1 | 7 | 6 | 19 | 18 | 3 | 8 | 12 |
| | 2 | 7 | 1 | 15 | 19 | 3 | 18 | 12 | 6 |
| | 3 | 1 | 3 | 12 | 6 | 15 | 16 | 7 | 18 |
| | 4 | 3 | 21 | 6 | 12 | 16 | 1 | 11 | 7 |
| | 5 | 21 | 7 | 16 | 3 | 1 | 15 | 18 | 11 |
| | 6 | 7 | 3 | 21 | 16 | 14 | 11 | 15 | 17 |
| | 7 | | | 21 | | 11 | 14 | 17 | 15 |
| VTORNIK | 1 | 18 | 14 | 6 | 3 | 1 | 12 | 5 | 11 |
| | 2 | 14 | 18 | 5 | 6 | 12 | 1 | 11 | 3 |
| | 3 | 12 | 1 | 2 | 22 | 6 | 11 | 3 | 7 |
| | 4 | 1 | 10 | 15 | 2 | 3 | 6 | 7 | 5 |
| | 5 | 10 | 12 | 22 | 5 | 11 | 3 | 2 | 15 |
| | 6 | 22 | 7 | 4 | | 15 | 10 | 8 | 2 |
| | 7 | 7 | 22 | 4 | | 10 | 15 | 8 | 2 |
| SREDA | 1 | 15 | 3 | 6 | 2 | 5 | 1 | 8 | 12 |
| | 2 | 3 | 15 | 2 | 6 | 1 | 5 | 12 | 9 |
| | 3 | 12 | 1 | 15 | 9 | 10 | 6 | 3 | 2 |
| | 4 | 1 | 16 | 9 | 5 | 6 | 10 | 22 | 3 |
| | 5 | 16 | 12 | 5 | 9 | 22 | 10 | 2 | 6 |
| | 6 | 10 | 5 | | 19 | | 22 | 9 | 16 |
| | 7 | 5 | 10 | | 9 | | | 16 | 22 |
| ^ETVRTOK | 1 | 14 | 5 | 4 | 22 | 1 | 6 | 2 | 3 |
| | 2 | 5 | 14 | 22 | 9 | 6 | 1 | 3 | 2 |
| | 3 | 7 | 1 | 2 | 14 | 5 | 3 | 22 | 6 |
| | 4 | 1 | 17 | 9 | 2 | 7 | 5 | 15 | 22 |
| | 5 | 17 | 15 | 14 | 6 | 3 | 7 | 5 | 9 |
| | 6 | 15 | 7 | 6 | | 17 | 14 | 9 | 5 |
| | 7 | | | | | 14 | 17 | | |
| PETOK | 1 | 3 | 22 | 2 | 20 | 6 | 12 | 15 | 18 |
| | 2 | 15 | 3 | 20 | 2 | 12 | 6 | 18 | 16 |
| | 3 | 18 | 15 | 12 | 3 | 22 | 7 | 2 | 6 |
| | 4 | 7 | 18 | 17 | 12 | 15 | 22 | 16 | 2 |
| | 5 | 22 | 7 | | 17 | 18 | 15 | 12 | 16 |
| | 6 | | | | 17 | 7 | | 16 | 15 |
| | 7 | | | | | | | | |

| Ден | час | VI | VII | VIII | IX | I-V |
|---|---|---|---|---|---|---|
| ПОНЕДЕЛНИК | 1 | Германски | Македонски | Англиски | Биологија | |
| | 2. | Македонски | Германски | Биологија | Англиски | |
| | 3. | Географија | Англиски | Математика | Македонски | ПН |
| | 4. | Географија | Биологија | Одделенски | Математика | |
| | 5. | Пр.науки | Географија | Македонски | Математика | А - IV |
| | 6. | Математика | Географија | Македонски | Англиски | |
| | 7. | Англиски | Математика | | | |
| ВТОРНИК | 1. | Физичко | Македонски | Географија | Ликовно | А |
| | 2. | Ликовно | Англиски | Физичко | Македонски | |
| | 3. | Македонски | Музичко | Физичко | Географија | А |
| | 4. | Пр.науки | Информатика | Ликовно | Физичко | |
| | 5. | Информатика | Ликовно | Македонски | Проекти од муз. култ. | ПН |
| | 6. | Информатика | Одделенски | Биологија | Музичко | |
| | 7. | | | Музичко | Биологија | |
| СРЕДА | 1. | Физичко | Македонски | Германски | Физика | |
| | 2. | Македонски | Физичко | Германски | Физика | |
| | 3. | Англиски | Физичко | Математика | Германски | |
| | 4. | Математика | Македонски | Физика | Физичко | А |
| | 5. | Одделенски | Математика | Физика | Германски | |
| | 6. | Музичко | | Т.О. | Македонски | А |
| | 7. | Англиски | | Т.О. | Проекти од муз. култ. | |
| ЧЕТВРТОК | 1. | Религии | Математика | Физичко | Англиски | |
| | 2. | Религии | Математика | Англиски | Физичко | |
| | 3. | Историја | Физичко | Англиски | Граѓанска култура | |
| | 4. | Историја | Англиски | Математика | Иновации | |
| | 5. | Физичко | Историја | Географија | Математика | |
| | 6. | Математика | Историја | Граѓанска култура | Географија | |
| | 7. | | | | Одделенски | |
| ПЕТОК | 1. | Германски | Биологија | Хемија | Македонски | ТОИ |
| | 2. | Математика | Германски | Македонски | Хемија | ТОИ |
| | 3. | Математика | Вештини | Историја | Хемија | |
| | 4. | Македонски | Вештини | Хемија | Историја | |
| | 5. | Т.О. | Етика | Математика | Историја | |
| | 6. | | | Историја | Математика | |

## 8.3 Работа во смени

Централното училиште работи во две смени, а подрачното училиште работи само во една смена.
РАСПОРЕД НА ЅВОНЕЊЕ
Прва смена-централно и подрачно училиште

| *Час* | *Време* | *Одмор* |
|---|---|---|

| | Почнува | Завршува | |
|---|---|---|---|
| 1 | $7^{40}$ | $8^{20}$ | 5 |
| 2 | $8^{25}$ | $9^{05}$ | 20 |
| 3 | $9^{25}$ | $10^{05}$ | 5 |
| 4 | $10^{10}$ | $10^{50}$ | 5 |
| 5 | $10^{55}$ | $11^{35}$ | 5 |
| 6 | $11^{40}$ | $12^{20}$ | 5 |
| 7 | $12^{25}$ | $13^{05}$ | |

Втора смена-централно училиште

| Час | Време | | Одмор |
|---|---|---|---|
| | Почнува | Завршува | |
| 1 | $13^{30}$ | $14^{10}$ | 5 |
| 2 | $14^{15}$ | $14^{55}$ | 20 |
| 3 | $15^{15}$ | $15^{55}$ | 5 |
| 4 | $16^{00}$ | $16^{40}$ | 5 |
| 5 | $16^{45}$ | $17^{25}$ | 5 |
| 6 | $17^{30}$ | $18^{10}$ | 5 |
| 7 | $18^{15}$ | $18^{55}$ | |

## 8.4. Јазик /јазици на кој/и се изведува наставата

| | Македонски | Албански | Турски јазик | Српски јазик | Босански |
|---|---|---|---|---|---|

| | јазик | јазик | | | јазик |
|---|---|---|---|---|---|
| Број на паралелки | 26 | | | | |
| Број на ученици | 389 | | | | |
| Број на наставници | 40 | | | | |
| | | | | | |

## 8.5. Проширена програма

| одделение | наставник |
|---|---|
| **прво** | Весна Карадакоска<br>Елена Димоска<br>Билјана Каланоска |
| **второ** | Анкица Цуцулоска<br>Светлана Жилевска<br>Весна Речкоска Николова |
| **трето** | Елена Китески<br>Магдалена Чалоска<br>Соња Милеска |
| **Продолжен престој** | **Број на паралелки** |
| | **2** |

## 8.6. Комбинирани паралелки

- немаме комбинирани паралелки.

## 8.7. Странски јазици што се изучуваат во основното училиште

| Странски јазик | Англиски јазик | Германски јазик |
|---|---|---|
| **паралелки** | **26** | **12** |
| **Број на ученици** | **391** | **169** |

**8.8 Реализација на физичко и здравствено образование со учениците од прво до петто одделение**

Согласно законот во училиштето се реализира тандем настава.
**Наставник: Наумче Јанкулоски**

**8.9 Изборна настава**

Во училиштето се реализираат изборни предмети, по спроведени анкети и согласно распределба на наставен кадар.

| Изборен предмет | Наставник |
|---|---|
| Творештво | |
| Запознавање со религиите | Јованка Анѓелкоска |
| Проекти од музичка уметност | Игор Стефаноски |
| Проекти од ликовна уметност | Богоја Мојсоски |
| Техничко образование | Јулија Крстева |
| Проекти од информатика | Благоја Ристески |
| Вештини на живеење | Јулија Крстева<br>Ленче Грунческа |
| Програмирање | Ристески Благоја |

**8.10. Дополнителна настава**

Дополнителната настава во училиштето се реализираше согласно проценката од страна на наставниот и стручен кадар за постигнувањата и можностите на учениците, со цел подобрување на истите. Распоредот и вклученоста на учениците зависеше од детектираните потреби.

**8.11 Додатна настава**

Додатната настава се организираше за ученици кои располагаат со високи интелектуални способности и поседуваат капацитети за продлабочување и проширување на квантитетот и квалитетот на знаења од поедини наставни предмети.
Во додатната настава доминираше истражувачкиот пристап во решавање на задачите и проблемите, работа во мали групи од теоретска и практична природа, самостојна работа на учениците, експериментирање, истражување.

## 8.12. Работа со надарени и талентирани ученици

Секој наставник изработува индивидуална програма за работа со надарени и талентирани ученици, со време на реализација од септември до мај во текот на една училишна година во која ќе бидат вклучени предметите за кои ученикот покажува талент, целите во учењето, употребата на стратегии и дидактички материјали. Како одговорни лица се јавуваат одделенските и предметните наставници во соработка со ПП служба .Секој наставник со употреба на разновидни начини и мерки за вреднување, со цел избирање на надарени деца на различна возраст и со различни способности треба да изработи диференцирани наставни планови кои видно се разликуваат од постојните базични планови кои се задолжителни за сите ученици. Тие содржат различни наставни предмети, различен број на часови и други активности кои се одредуваат во зависност од видот на надареноста и возраста на ученикот. Овие наставни планови и програми подразбираат повисоко научно-теоретско ниво на програмските содржини, специфичен и проширен обем на содржини, поголема длабочина на суштината и разновидност на програмските содржини и висока меѓупредметна корелативна поврзаност на програмските содржини. Наставникот преку овие наставни програми за надарени деца треба да е во улога на соработник; наставниот диференциран програмски курикулум да е флексибилен и прилагодлив за наставниците кон секој ученик или група на ученици. Преку практична реализација на диференцираните планови и програми како и преку практичната реализација на работните вежби наменети за понапредните ученици би се афирмирал поквалитетен педагошки третман за овие ученици како во рамките на редовната настава по информатика, додатната настава и слободните ученички активности.

| **Активности** | **Време на реализација** | **Реализатор** |
|---|---|---|
| ➢ Давање на идентификациони прашалници за откривање на логичко - математичка надареност, надареност за јазици, музичка надареност итн. | Септември<br>Октомври | Наставници<br>Родители |
| ➢ Примена на тестови за мерење на интелигенција на учениците кои наставниците ги детектирале како надарени или талентирани. | Октомври | Психолог |
| ➢ Помош и поддршка на наставниците за индивидуален пристап во работата со надарени деца на часовите и вонnаставните активности. | Континуирано | Психолог<br>Педагог |
| ➢ Советодавна работа со надарени ученици и следење на нивните индивидуални постигања. | | Психолог |

| | | |
|---|---|---|
| | Континуирано | Педагог |
| ➢ Консултативно – советодавна работа со родителите на надарените ученици. | Континуирано | Психолог<br>Педагог |
| ➢ Остварување контакти со релевантни институции вон училиштето за прифаќање и вклучување на надарените деца. | Во текот на учебната година | Стручни лица од релевантни институции |
| ➢ Истакнување на постигнатите резултати на оваа категорија на ученици. | Континуирано и на крај на учебната год. | Директор, наставници, ППС |
| ➢ Пофалување и наградување на учениците за постигнатите резултати во учењето и на натпревари во знаење и спорт и училишни конкурси. | Континуирано и на крај на учебната година | Директор, наставници, педагог и психолог |

## 8.13. Работа со ученици со посебни образовни потреби

Учениците со посебни образовни потреби се идентификуваат при запишувањето во прво одделение преку набљудување и разговор со детето, како и информативно-консултативен разговор со неговите родители, за што се приложува и медицинска потврда (наод и мислење за видот и степенот на попреченост) од релевантни институции. Училишниот инклузивен тим согласно програмата за работа, врши процена на моменталното ниво на знаења и функционални способности на ученикот со посебни образовни потреби, креира педагошки профил на ученикот и во соработка со родителот изготвува индивидуален образовен план. За учениците со ПОП се изготвува долгорочен, среднорочен и краткорочен индивидуален образовен план кој е во согласност со нивните можности, способности и интереси. Инклузивниот тим даде поддршка и насоки на наставниците во процесот на планирање, организација и реализација на воспитно-образовната работа со учениците со посебни образовни потреби и двапати во учебната година врши ревизија/евалуација на степенот на постигањата на целите предвидени со ИОП-от.

**Училиштен инклузивен тим**

-Славица Котеска- директор
-Томчо Алексоски, педагог,
-Соња Спасеска, психолог,

-Елизабета  Наумовска, наставник во одделенска настава,
-Јованка Анѓелкоска, предметен наставник
-Наташа Илоска, родител,
-Мирјана Климоска, родител,

**Извештај од работата на Училишниот инклузивен тим за учебната 2022/2023 година**

Училишниот инклузивен тим со членовите во состав: пиректор Славица Котеска, педагог Томчо Алексоски, психолог Соња Спасеска, инклузивен дефектолог Андријана Стефаноска како и вклучени родители,работеше континуирано во текот на целата учебна година.

Од страна на одделенските раководители Елена Димоска и Весна Р.Николова се изработија индивидуални образовни планови за ученикот Михаил Костоски ученик од I-2 одделение, Лео Климоски ученик во II одделение. За ученикот Лео Климоски беше поднесен и Извештај до МКФ за целите коишто ги постигнува во и вон наставните активности за истоимениот ученик. Образовен асистент му беше Јасмина Блажеска, одд.наставник Весна Р.Николова и директор Славица Котеска.

Беше изработен  и ИОП за ученик кој напредува со потешкотии - Целе Николоски под водство на одделенскиот раководител Александра Рошкоска. Се оствcovarија континуирано и индивидуални советувања на овие деца.

Во Регистарот на ученици со ПОП се Лео Климоски- паралелка 2, Михаил Костоски паралелка 1; ученици кои имаат мислење од психолог Ирина Сошаноска и ученици кои имаат потешкотии во учење и однесување се Мартин Тасески паралелка 3, Матеј Блажески паралелка 2, Љубен Георгиески паралелка 3, Мартин Николоски паралелка 9 и Бојана Павлеска паралелка 3.

На 22.11.2022 година се одржаа Обуки за инклузивни тимови на училишта, ден 1 и 2 на платформата Microsoft Teams Meeting.

**Педагошко- психолошка служба**

### 8.14. Туторска поддршка на учениците

Во досегашното работење немало потреба од туторска поддршка на учениците, но доколу се јави потреба, тековно ќе бидат назначени тутори и ќе биде изготвена програма за туторство по соодветниот предмет. Во продолжение се дадените насоки од страна на МОН.

### 8.15. План на образовниот медијатор

Во досегашното работење немало потреба од образовни медијатори на учениците кои се ангажираат за ученици Роми кои потекнуваат од социјално загрозени семејства и/или се подолго време надвор од образовниот систем, но доколу се јави потреба, тековно ќе бидат назначени образовни медијатори и ќе бидат изготвени активности кои ќе бидат ангажирани за децата кои потекнуваат од социјално депривирани средини и за оние кои се надвор од воспитно-образовниот систем.

## 9. Извештај за Воннаставни активности

Преку ова подрачје на учениците им се дава можност за развивање на активен ученички живот, зголемување на интересите и способностите на учениците за заедничка работа која придонесува за зајакнување на меѓусебната доверба, почитување, дружење и изградување на морално, културно, естетско чувство и желба за побрз физички и интелектуален развој. Воннаставните активности добро функционираат.

### 9.1 Училишни спортски клубови

Училиштето нема регистрирано училиштен спортски клуб.

### 9.2 Секции/ клубови

Преку слободните ученички активности се создава можност за индивидуализација на воспитно-образовниот процес, за задоволување и негување на индивидуалните интереси и способности на учениците. Според карактерот и содржината на работата слободните ученички активности се застапени како:

| | Секција | Раководител на секцијата |
|---|---|---|
| 1<br>2.. | Рецитаторско – драмска секција<br>Литературен клуб | Благица Мутлакоска<br>Фила Вероска-Стојковска |
| 3. | Литературно драмска секција | Наташа Неданоска |
| 4. | Википедија клуб | Наташа Неданоска |
| 5. | Љубители на англиски јазик | Лидија Јевтовиќ |
| 6. | Љубители на германски јазик | Сања Николоска |
| 7. | Ликовна секција | Магдалена Чалоска |
| 8. | Ликовна секција | Богоја Мојсоски |
| 9. | Сообраќајна секција | Јулија Крстева |

| | | |
|---|---|---|
| 10. | Еко клуб | Татјана Лошкоска<br>Ленче Грунческа |
| 11. | Креативна секција | Виолета Петковска |
| 12. | Математичко физичка секција | Виолета Коцаре |
| 13. | Математичка секција | Силвана Крстевска<br>Елизабета Великоска |
| 14.<br>15.<br>16.<br>17. | Спортска секција | Зоран Русески<br>Валентина Караѓуле<br>Крсте Чалоски<br>Наумче Јанкулоски |
| 18. | Клуб на млади граѓани | Јованка Анѓелкоска |

**Извештај за работата на Литературниот клуб 2022/2023**

Во рамките на Литературниот клуб членуваа ученици од VI и VIII одделение. Клубот работеше по однапред подготвена годишна програма.

**Цели и задачи на Литературниот клуб:**
Младешката поетска мисла е предизвик и ништо не може да ја сопре за да се претвори во извор и да се разлее во некоја поетска или прозна замисла. Љубовта кон книгата, да протече нешто од своето перо во реката од зборови, да се биде мал поет, писател е основното мото да се членува во Литературниот клуб.

- Целта е продлабочување и проширување на своите знаења за литературните родови и видови кај учениците кај кои постои интерес за македонскиот јазик и литературата како уметност;
- Преку создавање индивидуални, креативни, творечки состави , песни и творби од друг тип - да ги развиваат своите креативни и творечки способности , да го развиваат талентот за пишување сопствени творби на литературен јазик;
- Да развиваат способност за работа со стручна литература и моќта за селекција на податоци;
- Да се издвојат учениците кај кои постои најголема дарба, талент и љубов кон литературата, изразувањето и способноста своите размислувања и ставови за одредена тема творечки да ги изразат и да ги оформат во уметничка творба;

Членовите на овој клуб се носители на многу активности, натпревари, приредби, конкурси, промоции на книги како и одбележување на празници.






Осмоодделенката Надица Тасеска освои прва награда на литературната манифестација „Жуборења од Радика 2022", која беше збогатена со културно-уметничка програма, рекански фолклор и традиција. На истата манифестација, втора награда освои осмоодделенецот  Петар Илоски.







На десетти и единаесетти ноември, Велес ги отвори своите шимшир порти за сите Рацинови следбеници кои твореа на тема „Рацин – поет на болката и љубовта“. На 55.Детски Рацинови средби, Надица освои прва награда на литературниот конкурс во категорија основни училишта.




Во насока на подигнување на свеста за хуман однос кон животната околина, волонтерите на Црвен крст Охрид од програмата за грижа за стари лица „Најди време“ распишаа литературен конкурс на тема „Да им ја дадеме на децата земјината топка“. На овој конкурс, шестоодделенката Лина Маркоска освои  втора награда за нејзината поетска творба.




Надица Тасеска доби благодарница за нејзината поетска творба „Писмо од Треблинка“   од училишниот проект „Холокаустот низ призмата на детските очи“ организиран и реализиран од Фондот на холокаустот на Евреите од Македонија и Меморијалниот центар на холокаустот на Евреите од Македонија.




По повод Светскиот ден на литературата за деца, Здружението за наука, култура и литература

„Златно Перо“- Битола свечено ја промовира стихозбирката „Животот е бајка 2“ во рамките на проектот „Мали Ѕвездички 2023“.Поетските творби на ученичките Јана Спироска (шесто одд.) и Надица Тасеска (осмо одд.) се дел од оваа стихозбирка.

**Одговорен наставник**
**Фила Вероска-Стојковска**

**Извештај од работата на литературно – рецитаторската секција со учениците од ПОУ „Кочо Рацин“ Охрид – Д. Лакочереј**

Една од најзастапените секции е литературно – рецитаторско , драмската секција , која секоја година покрај останатите членови го привлекува вниманието и на нови членови , кои имаат желба да творат и презентираат. Се работи според предвидениот план и програма , изготвен од страна на наставникот , но им се дава можност и самите членови да даваат мотиви во кои ќе бидат најуспешни. Творењето е на разни теми , по повод на бројните празници , кои ги одбележува училиштето преку оваа секција.
Низ пишувањето и рецитирањето , како и вежбањето за драмски изведби наставникот одредува кој ученик за која од овие активности е посебно талентиран, надарен. Учениците во тој поглед се и самите самокритични и самите учествуваат во тоа каде ќе бидат поуспешни. По напишаните творби редовно се врши нивна анализа , се дава мислење од страна на наставникот , но и од учениците, творци, што е добро напишано, а што треба да се отфрли.
Соработката со нив е беспрекорна и со многу развиена самокритика кај учениците. Рецитаторите се избираат по пат на аудиција и се вклучуваат тие што имаат најдобар гласовен квалитет , дикција , се прават пробни рецитирања на заеднички пишувани пократки рецитали , со мотиви за татковината , љубовта во семејството и меѓу учениците , почитувањето , добрината , помагањето , пејзажи , екологија и најразновидни бури на идеи предложени од наставникот во соработка со учениците.
Во драмата учествуваат и скоро самостојно и самокритично која улога би можеле да ја презентираат учениците, со тоа се создава голема можност во успешно изработување на драматизација на текстови и нивна презентација.
Посебен е интересот и со големо внимание прифатен , подготвувањето на литературно – рецитаторско драмски творби , по повод патрониот празник на нашето училиште. Тогаш членовите заедно со наставникот , работат подолг временски период неуморно сѐ со цел да презентираат успешно. Се пишуваат рецитали на темите од наградните литературно – ликовни конкурси , која секоја година ги објавува нашето училиште .
Со ваква работа и соработка релација , наставник – ученици , можеби сами ќе се пофалиме дека досега успехот не е изостанат , а се надеваме дека ќе бидеме уште поуспешни догодина.

Одговорен наставник
**Мутлакоска Благица**

**Литературно-драмска секција при ООУ „Кочо Рацин“- Охрид во учебната 2022/2023 година**

***14.2.2023**- учество на меѓународен конкурс- КИЦ Младост, Футог под наслов „Љубав није само реч“- со ученичката Симона Димитриеска од IX-2 одделение;

***21.12.2022**- учество на патрониот празник на нашето училиште - изведба на драмата „Гоце“ со сите ученици од IX-1 и IX-2 одделение;

***21.12.2022**- учество на литературен конкурс за најдобри поетски творби посветени на патрониот празник на нашето училиште под наслов “Татковино моја низ стихови и бои“ -Симона Димитриеска од IX-2 одделение е добитник на прва награда за најдобра поетска творба за предметна настава, а Изабела Томановска од VII-1 одделение освои трета награда за предметна настава;

***5.12.2022**- учество на литературен конкурс за најдобри поетски творби посветени на Свети Климент Охридски, објавен од Општина Охрид: ученичката Симона Димитриеска од IX-2 одделение на овој конкурс е добитник на **Климентова награда** за најдобра поетска творба за предметна настава /основно образование;

***1.11.2022**- во склоп со медиумска писменост, во просториите на Касарна HUB – организирано гледање на филмска проекција на филмот „Табакерата“;

***7.10.2022**- учество на литературен конкурс со ученичката Симона Димитриеска од IX-2 одделение, објавен од Општина Охрид, под наслов: „Есента со своите најубави бои блика, во полиња и градини на берба ве вика“- освоена II награда на овој конкурс;

**Одговорен наставник**
**Наташа Неданоска**

**Клуб на математичари**

Како дел од воннаставните активности е реализирана математичка секција. Во математичката секција „Клуб на математичари” во ова училиште, во с.Д.Лакочереј, во учебната 2022/2023 година членуваа 9 ученици од VI до IX одделение. Секцијата се одржуваше еднаш неделно. Учениците беа активни преку целата година, покажаа голем интерес и одговорност кон поставените задачи.

На часовите се работеа теми од разни области од математиката: дропки, бројни изрази и примена, проценти, геометрија, пресметување плоштина на многуаголници, решавање на некои аритметички задачи со помош на отсечки,

Питагорова теорема, докажување теореми, анализа на стари проблемски задачи, споредување на броеви и изрази и друго. Учениците изработија различни проекти и вршеа нивна презентација.

Учениците изработија неколку хамери: видови триаголници, Питагорова теорема, видови четириаголници, кои ги красеа училниците, изработка на геометриски тела.

Решаваа задачи од матаматичкото списание Нумерус, решавање конкурсни задачи, анализа на задачи од натпревар, составување магичен квадрат со 9 полиња, игри со бројки и букви, ребуси, анаграми, составување и решавање на асоцијации, судоку, составуваа и математички крстозбори, прибирање, средување и претставување на податоци.

Учениците напредуваа во оспособување и користење на мисловни решенија, самовреднување на својата работа и на резултатите од неа, користење на компјутер, прибор за цртање, хамери, стекнуваат доверба во сопствените можности, градат позитивен однос и интерес кон наставата.

Одговорен наставник
**Великоска Елизабета**

**ИЗВЕШТАЈ од работата на Англиската секција при работа во ООУ „Кочо Рацин" за учебната 2022/23 год.**

Во секцијата учествуваа 9 ученици од VII- IX одд. Учениците работеа според претходно планирана и изготвена програма. Во секцијата учениците работеа тимски во соработка со наставникот. Одговорен на секцијата беше ученичката Јана Петреска од осмо одделение.

При реализацијата на зададените или предвидените активности според програмата за учебната 2022-2023 година учениците работат во својот тим на соодветно избрани проекти ,а воедно беа вклучени во проектите на ниво на училиштето каде се бараше употреба на Англискиот јазик. Групите ученици работеа во соработка со наставникот кога се реализираа активностите од наставната програма, но и од познати англиски списанија и извадоци од соодветна стручна литература според возраста и тоа игри за усовршување збогатување на вокабулар, гледање на филмови од англиско и американско говорно подрачје со цел да се спореди разликата помеѓу Британскиот и Америчкиот говор, слушање на популарна музика по избор, поговорки и загатки ,пишување на есеи и видови на писма -формални и неформални според даден модел, драматизации и други форми со цел да се вежбаат вештините на јазикот-читање, пишување ,слушање и зборување. Дел од учениците изработија проекти за Патрониот празник и училишниот весник со цел да ги промовираат Еко активностите и работата на секцијата на пошироката јавност-родителите и локалното население. Учениците ги исполнуваа своите обврски за време на часовите.

За време на целокупната работа за време на часовите се развиваше самостојната работа и презентација на изработеното вклучувајќи ги новите технологии во начинот на презентација и подготвеност за примена на англискиот јазик во нивното секојдневие

**Одговорен наставник**
**Лидија Јевтовиќ**

**Фудбал во училиште за ученици од II до V одделение**

Современиот начин на живот го намалува интензитетот на физичка активност на младите луѓе, особено децата, што на крај неповолно се одразува на нивното психофизичко здравје. Здравствените ризици кај децата најчесто се поврзани со состојбата од зголемена телесна тежина и здебеленост, особено во урбаните средини. Надлежните институции (Институт за здравје и Министерството за здравство) даваат препораки за нивото на физичка активност за подобро здравје за различни возрасни групи.

За децата од 5 до 17 години возраст физичката активност треба да вклучува игри, спорт, рекреација, физичка едукација и планирани вежби, дома и на училиште. Со цел да се подобри кардиореспираторното здравје, боди-мас индекс (BMI) и здравје на коските, намалување на анксиозноста и депресијата се препорачува:

- Децата и младите да практикуваат умерени вежби 60 минути дневно со енергичен интензитет.
- Повеќето од дневните физички вежбите треба да бидат со голема енергичност, а целта е да се зајакнат мускулатурата и коските.
- Да се вежба најмалку три пати во неделата

Водејќи се од овие препораки, а грижејќи се здравјето на најмладите што секако е во склад и со начинот на дејствување и со општите цели за унапредување на општеството и грижата за младите, Фудбалската федерација на Македонија и Федерацијата на училиштен спорт на Македонија, а во соработка со ООУ „Кочо Рацин“ од Охрид преку овој проект даваат скромен придонес кон создавање на навики за здрав живот и создавање позитивни животни вредности преку промовирање на спортот и фудбалот како спортска игра.

Посебен акцент на овој проект е ставен на најмладите, односно на учениците во одделенска настава ( II до V одд. ) кои ја користат *фудбалската игра како средство за учење и забава во исто време*. Времетраењето на проектот беше 4 месеци (октомври и ноември - I полугодие и април и мај – II полугодие) Учениците беа поделени во 2 категории и тоа:

- Категорија 1: ученици од 2 и 3 одделение
- Категорија 2: ученици од 4 и 5 одделение

При тоа се одржуваа по 1 тренинг натпревар во неделата по категорија со време траење од 40 мин. Се објавуваа фотографии и извештаи на facebook страната на Федерацијата на училиштен спорт и нашето училиште по претходно обезбедена согласност од секој родител чие што дете зеде учество на проектот. За крај беше одигран натпревар на регионално ниво со екипата на ООУ “ Браќа Миладиновци “ – Струга, при што нашите момци издвојуваа победа од 3 – 0.

Основното мото на проектот е: Фудбал сега – Фудбал насекаде.

**Ментор**
**Наумче Јанкулоски**

**Фудбал во училиште за девојчиња**

Федерација на училиштен спорт, Фудбалска федерација на Македонија и ООУ Кочо Рацин – Охрид, успешно го реализираа и вториот проект Фудбал во училиште за девојчина. За потребите на овој проект беа ангажирани девојчиња од 4 и 5 одд. од нашето училиште. Времетраењето на проектот беше 5 месеци (октомври/ноември - 2022 и март/април/мај - 2023 ).

Со примена на овој проект се настојуваше, девојчињата од најмала училишна возраст да се насочуваат кон занимавање со физичка активност при што, покрај позитивното влијание врз правилниот раст и развој на телото, раната селекција на млади таленти, се остварува и дополнителен повеќекратен бенифит изразен како превенција од негативното влијание на улицата и пороците на современото живеење кое не ги одминува и децата од најмала возраст.

Со исполнување на програмските задачи се оствариja и зацртаните цели:

- развивање на интерес кај девојчињата за занимавање со спорт;
- намалување на процентот на деформитети;
- социјализација;
- разбивање на комплекси кај децата;
- подобрување на здравствено-хигиенските навики;
- рана селекција на млади таленти, усмерување во фудбалските клубови.

Учество зедоа 30 ученички со обезбедена писмена согласност од родител. На секое девојче им беше доделена спортска опрема ( дрес и шорц ).

Неделната ангажираност на девојчињата беше 2 тренинзи со времетраење од 40 мин. При избор на вежбите, игрите и спортските содржини се обрна внимание да се исполнуваат одредени критериуми кои се однесуваат на возраста, половата различност и индивидуалните психомоторни карактеристики на девојчињата.

Секоја неделна активност беше објавена на facebook страната на Федерацијата на училиштен спорт.

По реализирање на зацртаните тренинг активности, во месец мај се одиграа и регионални натпревари со екипа од ООУ „Браќа Миладиновци“ - Струга, на кој успешно се претставивме со нашата екипа, и со победа успеа да обезбеди учество на Државниот завршен турнир во Скопје.

На завршниот турнир на ден 31.05.2023 кој се одржа на тренинг комплексот „Петар Милошески“ – Скопје, со 2 победи и 1 пораз нашите фудбалерки успеаја да обезбедат учество во малото финале и да бидат поуспешни од ООУ „ВАСИЛ ГЛАВИНОВ“ – Велес освојувајќи го 3 место на државно ниво.

Оваа победа е поттик за нашите млади фудбалерки за уште поголеми успеси.

**Ментор**
**Наумче Јанкулоски**

**Клуб на екологисти „Магнолија“**

Клубот на екологисти во училиштето работеше на реализација на Програмата за работа на клубот за учебната 2022/2023 година и на тој начин придонесе за подигнување на еколошката свест и култура. Клубот работи под менторство на наставничката Татјана Лошкоска, наставник по природни науки и биологија. Програмата ги имаше следните цели: развивање на еколошката свест и еколошката култура кај учениците за одржување на здрава и чиста животна средина; стекнување на знаења за значењето на растенијата и животните за животот на човекот; запознавање со факторите кои ја загадуваат и уништуваат животната средина; организирање на еколошки акции за уредување на училишниот двор, училиштето и пошироко; развивање на вештини кај учениците за собирање и анализирање на информации; развивање на вештини кај учениците за совладување и примена на знаењето; создавање можности на учениците за формирање и спроведување на идеи; подобрување на вештините на учениците во користењето на ИКТ технологијата. Во клубот членуваа ученици од VI и VIII одделение и активно учествуваа во реализација на следните проекти и работилници:  Меѓународен еко проект Climate Action Project (Проект за климатска акција) - подигнување на свеста кај учениците за последиците од климатските промени;  CodeWeek 2022 - кодирање во Micro:bit, активност Orientation In Space (Ориентација во простор), кодирање компас во Micro:bit  eTwinning проект My Plan@ (Мојата планета, Мојот план за поубава планета)  Живите организми и нивната животна средина - едукативната работилница, реализирана од страна на ЈНУ Хидробиолошки завод и е во рамки на проектот "Искуствено учење за едукација за животна средина и климатски промени"; МЕД/MES, UNICEF  Природните и културните вредности во изворите на Св. Наум – работилница од страна на ЈУНП Галичица во рамки на проектот „Извори Св. Наум – биолошка и инвентаризација на екосистемските услуги“, поддржан од АБРДН фондација и УНЕСКО канцеларијата во Венеција. Менторот и учениците добија сертификати за учество во Проектот за климатска акција и Неделата на кодирањето. Активностите во рамките на клубот се реализираа во вид на предавања, работилници во соработка со јавни установи, невладини организации и здруженија, различни активности: чистење и уредување на училниците и училишниот двор, садење цвеќиња, пишуваа лични творби по повод Денот на планетата Земја, Учениците изработуваа аватари, постери, презентации, итн. Тие користеа дигитални алатки, работеа на колаборативни табли, играа различни игри. Работеа на платформата ESEP (Европската платформа за училишно образование) и се запознаа со правилното користење на вештачката интелигенција. По повод Нова година учениците изработија украси од рециклирачки материјали за украсување на училниците.
https://sites.google.com/view/tloshkoska-/vonnastavni-aktivnosti/proekti-2022- 2023 https://sites.google.com/view/tloshkoska-/vonnastavni-aktivnosti/rabotilnici







**Татјана Лошкоска одговорен наставник на клубот**











## 9.3 Акции

Во училиштето континуирано се организираат и реализираат базари, хепенинг, хуманитарни акции, еколошки акции, со цел активно вклучување на учениците и родителите во воспитно-образовниот процес и соработка со локалната средина.

***16.11.2022- „Екосистеми и екосистемски услуги“**,

Во просториите на ЈУНП Галичица, на нивно барање да се вклучиме во работилница - обука на тема „Екосистеми и екосистемски услуги“, наставничката **Наташа Неданоска** и учениците: Олег Чочевски, Ѓоко Блажески, Мартин Ѓоршески и Марио Ѓорески, беа дел од неа.

Учесниците се здобија со сертификати за основни познавања на темата.

***28.2.2023- Ден на ретките болести- вклучени во акцијата „Ретко е да си редок“**

Во периодот од 1.2.2023 до 28.2.2023, Вики клуб Охрид, во кои членуваат и ученици од нашето училиште, под менторство на наставничката **Наташа Неданоска**, (едукатор за образование во здружението ГЛАМ Македонија и координатор на Вики клуб Охрид), секојдневно се пишуваа по една статија (вкупно 28) за по една ретка болест, за која нема статија на Википедија на македонски јазик. Ова беше придонес во кампањата „Ретко е да си редок“ во која учествуваме на овој начин редоследно пет години.

На 28 февруари IX-2 одделение, под менторство на одделенскиот раководител Наташа Неданоска, зеде учество во училишната кампања за истата поддршка на Здружението за ретки болести.

**Нашето училиште, Вики клуб Охрид, како и менторот Наташа Неданоска, се здобија со благодарници за учество во кампањата.**

***21.3.2023- Ден на пролетта/ изработка на ЦВЕТНИ БОМБИ во соработка со здружението Slow Food Охрид;**

По одржаниот состанок на активистите на Slow Food Ohrid, по предлог на еден од членовите на истиот, наставничката Наташа Неданоска, на 16.3.2023 година нашето училиште го вклучи во акцијата „ ФРЛИ ЦВЕТНА БОМБА“- да ги зачуваме пчелите, да го зачуваме биодиверзитетот“. Со учениците од клубот на екологисти, во мешан состав, од предметна настава, членовите на Слоу Фуд Охрид одржаа интерактивна работилница која се состоеше од:
-Што претставува Slow Food Macedonia и Slow Food Ohrid и кои се нивните цели, мисија и визија (предавач: проф.д-р Ангела Паскуале, претседател на Slow Food Ohrid);
-Мини промоција на списанието за деца „ПОЛЖАВЧЕ“ во кое имаше статија во која се спомнуваа ученици од нашето училиште;
-Што се цветни бомби? Која е идејата за нивна подготовка? Какво влијание имаат врз биодиверзитетот? Што ќе се постигне од оваа акција? (модератор-едукатор: Наташа Неданоска- член на Slow Food Ohrid и наставник по македонски јазик во ООУ „Кочо Рацин“- Охрид);
-Работилница за изработка на цветни бомби (реализатор: Акин Сезер- член на Slow Food Ohrid, сопственик на органска фарма)

**На 21.3.2022 (вторник) се реализираше и втората активност од работилницата- БОМБАРДИРАЊЕ (фрлање) со цветни бомби во нашата околина;**

***16-22.10.2022-** Во нашето училиште се спроведе **собирна акција** во соработка со ОО Црвен Крст Охрид за **Недела на гладта** која траеше од 16 до 22.10.2022. Во истата беа вклучени сите ученици од сите одделенија и сите наставници и персонал.

***12-13.04.2023- Велигденски хуманитарен базар**

На барање на Општина Охрид, а во соработка со ОО Црвен крст Охрид, да се направи хуманитарен Велигденски базар од сите основни и средни училишта, нашето училиште се вклучи со подготовка и продажба на македонска традиционална храна. За таа цел, на работилницата се одржа во селско домаќинство „Пирустија Неданоски“ с.Рамне, а со учениците кои учествуваат на истата, се изработија следниве традиционални јадења: питулици 2 тепсии, комат со праз 2 тепсии, комат со спанаќ 2 тепсии, комат со сирење 3 тепсии, кошмишпите 2 тепсии, проја (пченкарник) 2 тепсии, интегрални грисини 4 мери, палачинки со џем од сливи, медено срце 2 мери. Во финансискиот дел за набавка на основни намирници, со симболична сума на пари, учествуваа сите вработени и ученици.

Наставници- директни помагатели во оваа акција беа: Ленче Грунческа, Јулија Крстева, Татјана Лошкоска, Силвана Крстеска, Милка Кевереска Шапкароска, Бобан Блажески; директорката Славица Котеска, како и дел од Советот на родители: Светлана Лукач и Наде Јолеска.

Во делот на подготовка и пакување на храната, 12.04.2023, учествуваа по два ученика од секој клас од предметна настава, и тоа: од VI-1, Лина Илијоска и Рабиана Демир; од VI-2, Тамара Целеска и Симона Дамеска; од VI-3, Теона Ацеска и Ангела Станојеска; од VII-1, Миа Алачкоска и Марија Алексоска; од VII-2, Зорица Тасеска и Теа Митреска; од VII-3, Вероника Димитриоска и Софија Крстева; од VIII-1, Даниел Сиљаноски и Анастасија Треноска; од VIII-2, Александар Јолевски и Анастасија Секуловска; од IX-1, Теона Божиноска и Димитар Шерементески; од IX-2, Ангела Божиноска и Христина Илијоска и од IX-3, Стефанија Илиеска и ______________.

Во делот на продажба на штандови, на плоштадот Крушевска Република, Охрид, на 13.5.2023 година, учествуваа учениците: од IX-1, Теона Божиноска и Димитар Шерементески; од IX-2, Христина Илијоска и од IX-3, Стефанија Илиеска и одговорен наставник, Наташа Неданоска.

**Одговорен наставник**
**Наташа Неданоска**

**Извештај за проектот “Поттикнување на демократска клима во училиштата”**

Проектот беше претставен пред учениците. Учениците имаа можност да посочат различни теми кои се од нивен интерес, се групираа и секоја група предлагаше различни активности, направија договор што конкретно ќе работата, истражуваат, креираат. Теми и активности кои се спроведоа во рамките на проектот се следните:

- Вандализам - учениците преку интернет истражуваа за поимот вандализам, прошетаа низ градот и направија фотографии на вандализирани објекти, истражуваа за начини на спречување на вандализмот. На крај одлучија да фарбаат ѕид од училишниот двор кој беше вандализиран и нацртаа цртеж кој ќе го разубавува училишниот двор;
- Стоп за насилство на жените - сакајќи да го посочат проблемот и да ја покренат свеста за оваа болна тема, учениците одлучија да направат истражување преку кои институции може да се понуди помош на жените жртви на насилство. Креираа флаери на кои ги поставија местата и институциите во нашиот град кои можат да им понудат помош, истите ги разделија низ градот на минувачите, сакајќи да ја покренат свеста, но и да ја посочат помошта која може да им се даде.
- Хуманитарна акција - донирај облека - под мотото ОД ДЕТЕ ЗА ДЕТЕ учениците донираа облека која во соработка и помош од страна на Црвен Крст беше донирана на деца на кои истата им беше потребна и добредојдена. Предност имаа ученици од нашето училиште.
- Менталното здравје кај младите - есеј едно мое видување, каде е претставено менталното здравје низ призмата на децата, односно како тие се чувствуваат  и што им е потребно од страна на возрасните. Целата на активност е да се поткрене свеста кај возрасните за важноста на менталното здравје кај младите.

  Целта на ученичка иницијатива е подигнување на свеста за различни теми кои ги засегаат младите. Иницијативата беше само во рамките на нашето училиште, беше претставена пред учениците и наставниците во училишниот двор, сепак сметаме дека учениците ги поттикнавме на размислување, пренесовме позитивни пораки, ги охрабривме отворено да зборуваат, споделуваат, критички да размислуваат, да помагаат. Па нели, ако сакаме да го промениме светот треба прво да се промениме себе си. Ние ја започнавме таа промена од нас. Истовремено, учениците  испратија порака до возрасните дека треба да им се поткрепа за промената. Да се менуваме заедно за подобра иднина.


ДОНИРАЈ ОБЛЕКА
ФИЛИГРАН



**Одговорен наставник**
**Јованка Анѓелкоска**

**Годишен извештај за работата на детската организација за учебната 2022-2023 година**

Детската организација своите активности оваа година ги насочи кон детското здружување. Се организираа културни, забавни, образовни, рекреативни активности во областа на екологијата и други активности посветени и во интерес на децата.

Активот на одделенска настава организираше прием на првачињата на првиот училиштен ден. Приемот на учениците помина во најдобар ред. Исто така првоодделенците со пригодна свеченост беа примени во Детската организација.

Во текот на оваа учебна година учениците зедоа учество во празнување и одбележување на државните празници, како и во одбележувањето на Денот на учителот, светскиот ден на штедењето, месецот на книгата.

Учениците зедоа учество и во свечената приредба по повод патрониот празник на училиштето, а исто така учествуваа во Новогодишната приредба и Новогодишниот базар.

Учениците се запознаа со значењето на денот на жената преку соодветна приредба.

Денот на пролетта и екологијата се одбележа со активности за засадување на цвеќиња и уредување и разубавување на училишниот простор.

По повод Денот на шегата - 1Април изработуваа маски, ја применија креативноста , развиваа естетски чувства, а првачињата учествуваа на Априлијада која се одржа на плоштадот , во организација на Општина Охрид.

По повод христијанскиот празник Велигден учениците учествуваа на Велигденски хуманитарен хепенинг организиран од општина Охрид.

Учениците од прво одделение зедоа учество на **детската трка - Охрид трчат** по повод Светскиот ден на физичката активност.

Учениците зедоа учество и во одбележување на Денот на македонската азбука и Денот на просветните работници.

Учениците со голема радост и задоволство учествуваа во сите активности и успешно ги завршуваа.

**Одговорен наставник:**
**Билјана Каланоска**

**Годишен извештај за работата на ПЦК**

***16-22.10.2022-** Во нашето училиште се спроведе собирна акција во соработка со ОО Црвен Крст Охрид за Недела на гладта која траеше од 16 до 22.10.2022. Во истата беа вклучени сите ученици од сите одделенија и сите наставници и персонал.
***11.11.2022-** На учениците над 12 години, од подрачното и централното училиште, им се одржа предавање под мотото „ПРВАТА ПОМОШ СПАСУВА ЖИВОТ“ во соработка со ОО Црвен крст Охрид, кои спроведуваа бесплатните обуки по прва помош преку лиценцирани предавачи / едукатори по прва помош.
На овие обуки учениците имаа можност да стекнат основни знаења за укажување на прва помош како брза и витална интервенција да се спаси нечиј живот, како и да се намалат компликациите од настанати повреди и инвалидитет.
***23.11.2022-** во нашето училиште на учениците од IX одделение им се одржа стручно предавање за сексуално преносливи болести како и превенција од истите од страна на д-р Јованка Стурлакова Коровешоска, долгогодишен волонтер- соработник во ОО Црвен крст Охрид. Да бидеме подготвени- да останеме здрави и кога ќе пораснеме- ова е предавање кое е сместено во програмата за Животни вештини, за дискусија на одделенскиот час.
***15.3.2023-** ВРСНИЧКА ЕДУКАЦИЈА ЗА БОРБА ПРОТИВ ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ со која се покрева свеста кај младите на теми од особено значење за општеството со учесниците од IX одделение кои беа информирани за тоа: Што е трговија со луѓе? Како можеме да ја препознаеме? Зошто и на кого се случува? Кои се последиците кај жртвите? Начини на кои можеме да ја избегнеме .
Работилницата во нашето училиште ја спроведоа: Калина Стојаноска и Маида Демироска, едуцирани млади волонтери, кандидати за едукатори за борба против ТСЛ;

**Одговорен наставник**
**Наташа Неданоска**

**Реализирани вонаставни активности:**

***25.10.2023- Посета на културно-историски знаменитости и установи**

Во согласност со наставната програма и испланираните вонаставни активности, Наташа Неданоска, наставник по македонски јазик и Бобан Блажески, наставник по историја, ги посетија неколку стожерни места во градот Охрид под заштита на Завод и музеј- Охрид со учениците од IX одделение при ООУ „Кочо Рацин“- Охрид (Куќата на Григор Прличев; Гробот на Григор Прличев; Куќата на Христо Узунов; Куќата на Робевци; Амфитеатар; Св.Богородица- Перивлепта; Галерија на икони;)

Посетата се спроведе под мотото: **„Да го запознаеме Охрид за повеќе да го сакаме“ .**

***1.11.2022-** во склоп со медиумска писменост, во просториите на **Касарна HUB –** организирано гледање на филмска проекција на филмот **„Табакерата“;**

***16.11.2022- „Екосистеми и екосистемски услуги“,**

Во просториите на ЈУНП Галичица, на нивно барање да се вклучиме во работилница - обука на тема „Екосистеми и екосистемски услуги“, наставничката Наташа Неданоска и учениците:  Олег Чочевски, Ѓоко Блажески, Мартин Ѓоршески и Марио Ѓорески, беа дел од неа.

Учесниците се здобија со сертификати за основни познавања на темата.

***6.12.2022- соработка со СВР Охрид**

На одделенски час во IX одделение, меѓу другото, ги обработуваме следниве теми: превенција од злоупотреба од психотропни супстанции, заштита од пушење и зависности. Со таа цел, континуирано продолжува нашата соработка со СВР Охрид, Одделот за превенција, чии професионални едукатори, на барање и организација на наставничката Наташа Неданоска, им одржаа пригодно предавање на учениците од централното и подрачното училиште.
https://mvr.gov.mk/vest/23785

***15.2.2023**- **Работилница:„ Се запознаваме со микробилки“** во организација на ЈУНП Галичица, која ја водеше Сања Бачевски, дипломиран инженер за хортикултура;

Нашите ученици од IX одделение беа дел од оваа работилница во која се запознаа со супер храната микробилки, дојдоа до заклучок за придобивките од нејзино консумирање, направија дистинкција во нутритивните вредности од микро билка наспроти производот од истата култура . За крај, научија како се одгледуваат микро билки, па врз хумусна земја, посеаја семе, наводнаа и го обложија садот со фолија....па во својата училница уредија катче во кое сами ќе се обидат да си произведат микро билки.

Оваа работилница ја организира наставничката Наташа Неданоска, а ја придружуваше и наставничката Ленче Грунческа.

***17.2.2023- Светски ден на здрави навики!**

Во програмата за животни вештини во IX одделение, која ја реализираме на часот по одделенска настава, овој период работиме на следниве теми: Мени! Исхрана за здравје! Зошто се дебелееме? и слично .

Одбележување на меѓународниот ден на здрави навики, на покана на наставничката Наташа Неданоска, го реализиравме со Тодорка Наумоска-Димески, дипломиран инженер технолог нутриционист, претседател на Slow Food Прилеп и една од основачите на здружението „Прилеп на точак“ , како наш on-line предавач.

Дел од подтемите на кои таа се задржа беа: Сите сакаме да бидеме здрави; Јадете помалку-јадете почесто; Хидратација ; Физичка активност; Што е диета?; Улогата на витамините во растот за време на тинејџерските години;

Слушатели на предавањето беа учениците од IX-1 и IX-2 одделение со своите одделенски раководители, Бобан Блажески и Наташа Неданоска во централното училиште и учениците од IX-3 одделение со одделенскиот раководител Елизабета Великоска, во подрачното училиште.

**17.3.2023- Посета на нашето училиште од страна на режисерот Илија Пиперкоски**

Седмооделенците, овој период по предметот македонски јазик, учат за документарен филм, а една од задачите им е да изгледаат барем еден документарен филм и да го обработат по дедени насоки Поделени во тимови од мешан состав, од двата класа, тие ги изгледаа сите пет епизоди од документарниот филм „Охрид- град на светлината“ од охридскиот режисер, Илија Пиперкоски, за што подготвија и видео презентации . Имаа многу прашања- на што дојдовме до идеја дека режисерот може лично да им ги одговори

Илија Пиперкоски, како гостин во нашето училиште дојде на барање на наставничката Наташа Неданоска.

Најнапред, наставничката Наташа презентираше биографија за гостинот, која и самиот ја дополна со свои интересни анегдоти и моменти, па тимовите ги презентираа своите презентации, се поставуваа многу интересни прашања од што се разви несекојдневна дискусија за Седмата уметност – филмот!

***31.3.2023- На саем во Yahya Kemal College**-

На покана на училиштето Јахја Кемал, нашите ученици од IX одделение имаа прекрасно попладне исполнето со интересни активности кои произлегуваат од нивните ментори, а претставени од учениците кои учат таму;

Оваа посета ја реализира наставничката Наташа Неданоска со сите три класа од деветто одделение (IX-1, IX-2 и IX-3);

***10.05.2023- бевме дел од работилницата која се одржа во ЈУНП Галичица намената за изворите „Св. Наум“, едни од најважните природни богатства кои ги имаме во нашиот регион.**

На работилницата учениците ги реализираа следните активности:

*Запознавање со целиот растителен и животински свет кој се наоѓа во и околу иворите „Св. Наум“;

*Зошто се толку значајни изворите „Св. Наум“?

*Што значи УНЕСКО статус?

*Каков е квалитетот на вода во изворите „Св. Наум“?

*Зошто треба да бидат под строга заштита изворите „Св. Наум“?*Како се колекционира безрбетна фауна од изворите „Св. Наум“?

*Разгледување различен материјал донесен од изворите и детерминирање на истите со помош на микроскоп во лабораторија?

На работилницата ученици-учесници беа дел од Еко-клубот при нашето училиште, предводени од наставничката Татјана Лошкоска и ученици од IX и VII одделение, од подрачно и централно училиште, под менторство и целосна организација на наставничката Наташа Неданоска;

(Изјава за оваа работилница од канцеларијата на УНЕСКО:

UNESCO Office in Venice is visiting the St. Naum Springs, part of the Ohrid-Prespa Biosphere Reserve and the World Heritage property Natural and Cultural Heritage of the Ohrid region.

St. Naum is one of 5 sites selected for the first-year cycle of the UNESCO - aCF project “Promoting sustainable development through UNESCO’s programmes and sites”. In this context, the “St. Naum springs – Biological and Ecosystem services Inventory (SN-BESI)”

project will promote innovative ways of mapping water-related ecosystems as the site provides refuge for numerous freshwater species of flora and fauna.

UNESCO's mission aims to assess the progress made by the site on implementing its project, notably under the 3 expected results: research, education and innovation. In particular, UNESCO staff met with the project team from the Public Institution Galicica National Park and the Public Scientific Institution Hydrobiological Institute. The UNESCO team also had the opportunity to meet with teachers and students from local schools, and key stakeholders from the communities actively involved in the project activities' implementation.)

***11.11.2022-** На учениците над 12 години, од подрачното и централното училиште, им се одржа предавање под мотото „ПРВАТА ПОМОШ СПАСУВА ЖИВОТ" во соработка со ОО Црвен крст Охрид, кои спроведуваа бесплатните обуки по прва помош преку лиценцирани предавачи / едукатори по прва помош.

На овие обуки учениците имаа можност да стекнат основни знаења за укажување на прва помош како брза и витална интервенција да се спаси нечиј живот, како и да се намалат компликациите од настанати повреди и инвалидитет.

***23.11.2022-** во нашето училиште на учениците од IX одделение им се одржа стручно предавање за сексуално преносливи болести како и превенција од истите од страна на д-р Јованка Стурлакова Коровешоска, долгогодишен волонтер- соработник во ОО Црвен крст Охрид. Да бидеме подготвени- да останеме здрави и кога ќе пораснеме- ова е предавање кое е сместено во програмата за Животни вештини, за дискусија на одделенскиот час.

***15.3.2023-** ВРСНИЧКА ЕДУКАЦИЈА ЗА БОРБА ПРОТИВ ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ со која се покрева свеста кај младите на теми од особено значење за општеството со учесниците од IX одделение кои беа информирани за тоа: Што е трговија со луѓе? Како можеме да ја препознаеме? Зошто и на кого се случува? Кои се последиците кај жртвите? Начини на кои можеме да ја избегнеме .

Работилницата во нашето училиште ја спроведоа: Калина Стојаноска и Маида Демироска, едуцирани млади волонтери, кандидати за едукатори за борба против ТСЛ;

**Одговорен наставник**
**Наташа Неданоска**

**Соработка со национални и други институции кои се интегрирани во наставната програма.**

Учениците од седмо и осмо одделние имаа несекојдневна можност да го надоградат своето знаење преку посета на различни институции во главниот град:

- Матка;
- Изложбен салон на ЕВН во рамките на хидроцентралата Матка;
- Природно-научен музеј;

- Планетариум;
- Спомен куќата на Мајка Тереза.

Промоција на хумани вредности, социјализација и дружење, стекнување нови сознанија и теренска настава го надополнија прекрасниот ден во кој уживаа нашите ученици.

**Одделенски раководители**
**на седмите и осмите одделенија**

## 10. Извештај за Ученичко организирање и учество

Учениците, согласно Законот за основно образование се организираат во заедница на паралелки. Во училиштето функционира Ученички парламент кој се избира на демократски начин со тајно гласање.
Ученичкиот парламент го сочинуваат претседателите на паралелките.
Во ученичкиот парламент учествуваат претседателите на ученици од шесто до деветто одделение.
Ученичката заедница е значаен сегмент во организацијата, животот и работата на училиштето.
Ученичката заедница има за цел социјализација и комуникација на учениците, одржување на дисциплината, градење правилен однос кон училишниот инвентар, развивање на еколошката свест на учениците, градење на свест за демократичност, меѓусебна почит, непречена и отворена комуникација помеѓу учениците и наставниот кадар, како и учество во решавање н проблемите во сферата на воспитно-образовниот процес.
Ученичката заедница егзистира на ниво на
-паралелка
-училиште

**Извештај од Ученичкиот Парламент од ООУ,,Кочо Рацин,,- Охрид ,за учебната 2022/23 година.**

Раководството на Ученичкиот Парламент на ниво на училиште го сочинуваат дванаесет членови т.н одбор на ученици (по еден претставник од VI до IX одд.), педагогот, психологот и одговорниот наставник .
На чело на одборот стои претседател, кој во соработка со одговорниот наставник ги подготвува и свикува состаноците.
Ученички парламент работи според програмата и планот на активности распоредени по месеци.
Во рамките на програмата оваа учебна година, се реализираа шест состаноци при што некои од нив се одржаа во централното, а некои во подрачното училиште.
Секој состанок се реализираше заедно во соработка со учениците , одговорниот наставник, педагогот и психологот на училиштето, при што за секој состанок има соодветен записник..

На првиот состанок најпрво се избраа нови членови во раководството на Ученичкиот Парламент, како и членови во Управниот Одбор на училиштето, замена за учениците кои го завршија деветтото одделение. Оваа година новина беше тоа што за првпат со тајно гласање избравме правобранител на Училишниот Парламент.

На состаноците се разгледуваше успехот , дисциплината и редовноста на учениците по паралелки.

Се преземаа мерки за подобрување на успехот, редовност и дисциплината, доколку истите не беа на потребното ниво.

Разговаравме за потребите и проблемите на учениците.

Исто така се разговараше за заштита и унапредување на човековата околина, како и за подигнување на ЕКО свеста на повисоко ниво.

На последниот состанок се анализираше успехот по паралелки и се бараше начин за негово подобрување.

**Одговорен наставник:**

**Јулија Крстева**

## 11. Извештај за Вонучилишни активности

### 11.1. Екскурзии, излети и настава во природа

По подолга пауза, оваа учебна година се организираа екскурзии за учениците од III, VI и IX одделение и еднодневен пролетен и есенски излет за сите ученици.
Учениците од трето одд. изведоа еднодневна, од шесто дводневна и од деветто тридневна екскурзија.

# ИЗВЕШТАЈ

**ОД ИЗВЕДЕНА ЕКСКУРЗИЈА СО УЧЕНИЦИТЕ ОД III ОДД. ВО УЧЕБНАТА 2022/23 ГОД.**

**1.Цели на екскурзијата:**
**Воспитно-образовни цели**
Развивање позитивен однос кон природните вредности

Развивање позитивен однос кон националните, културните и естетските вредности;
Градење чувство на патриотизам, толеранција и соживот;
Развивање на интерес за градење на здрави меѓучовечки односи и позитивна социјализација
Развивање на социјални односи, чувство на припадност кон колективот и осамостојување на учениците и грижа за себе;
Стекнување на лично искуство во односите со други луѓе;
Поттикнување и манифестирање на позитивни емоции
Зајакнување на еколошката свест за природата

**Учесници во екскурзијата**
**Раководител на екскурзијата:**
- Елена Китески

**Наставници:**
- Магдалена Чалоска
- Соња Милеска

**Ученици:**
-учениците од трето одделение од ООУ ,,Кочо Рацин"   и од подрачното училиште с.Лакочереј.

**Согласно правилникот за изведување на ученички екскурзии со учесници беше  :**
- **водич**
- **доктор**

**Дата : 26.05.2023 година**
**Времетраење на екскурзијата:**
- еднодневна

**Локации за посета и правци на патување:**
Тргнување:училишен двор ОУ,, Кочо Рацин " Охрид,
- посета на Зоолошка градина во Битола
- прошетка низ центарот на градот Битола
- посета на железничка станица и патување со воз до Прилеп
-посета на  споменикот ,,Могила на непобедените ,,во Прилеп и разгледување на центарот на градот
- ручек во ресторан во Прилеп
- Враќање во Охрид во попладневните часови

**Техничка организација:**

-објавување јавен оглас во најмалку два дневни весника од кои најмалку во по еден од весниците што се издаваат на македонски јазик и во весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20 % од граѓаните кои зборуваат јазик различен од македонскиот јазик
- запознавање на родителите за финансиските износи
-известување на органот надлежен за внатрешни работи за отпочнувањето на екскурзијата
-собирање на податоци од родителите за здравствената состојба на учениците
- присуство на лекар

**Начин на финансирање:** родителите на учениците – самофинансирање

**Екскурзијата за учениците од III одделение се изведе согласно правилникот за начинот на изведување на ученичките екскурзии и другите слободни активности на учениците од основните училишта.**

Учениците директно се запознаа со видовите сувоземен сообраќај (патен и железнички) со сообраќајните средства за нивно изведување со поимот автобуска и железничка станица. Исто така запознаа нови градови од нашата татковина и нивната околина, природните реткости и културни случувања во својата близина. Запознавајќи ја културата на другите луѓе ги прошируваат своите знаења од општата култура на живеење.

Преку посетата се разви патриотизмот и прифаќање на различностите кај луѓето во Македонија и светот.

Екскурзијата започна со тргнување од училишен двор ОУ,, Кочо Рацин “ Охрид, со автобуси на патен правец кон Битола. Потоа следуваше посета на Зоолошка градина во Битола и прошетка во центарот на Битола. Најголемата возбуда учениците ја доживеаја на железничката станица во Битола каде по разгледувањето удобно се сместија во патничкиот воз за Прилеп. Голем број ученици прв пат се запознаа со ова превозно средство.

Потоа следуваше патување до Прилеп и разгледување на центарот на градот.Имавме посета на споменикот ,,Могила на непобедените“ во Прилеп. Во Битола учениците имаа ручек во ресторан .

- Враќање во Охрид во вечерните часови.

**Одделенски наставници**

**1.Елена Китески**

**2.Магдалена Чалоска**

**3.Соња Милеска**

**Извештај за изведената дводневна екскурзија со учениците од шесто одделение**

На 12/13.5.2023 година беше изведена дводневна екскурзија со 42 ученика од шесто одделение (VI 1, VI 2 и VI 3) и нивните класни раководители: Фила Вероска-Стојковска, Лидија Јевтовиќ и Јулија Крстева, како и доктор и туристички водич од избраната агенција. Изведувач на екскурзијата беше „Експрес Димакс“ ДООЕЛ Охрид – Димакс травел.

Екскурзијата имаше наставно-научен и рекреативен карактер.

Реализирани содржини и активности:
поаѓање со автобус во 8 часот од Охрид преку Дебар до Маврово со:

панорамски разглед на ХЕЦ „Шпиље“;
посета на Косовраски бањи – предавање од стручно лице;
посета на манастирите Рајчица и Св.Јован Бигорски каде учениците имаа предавање од стручно лице;
посета на Националниот парк Маврово каде беше обезбеден ручек во ресторанот „Мал одмор“

Продолжување на патувањето до Крушево преку Демир Хисар
Сместување во Вила Гора и разглед на градот
Вечера, забавна вечер и ноќевање
По појадокот, посета на Спомен домот на Тоше Проески и Македониумот со предавање од стручни лица, како и прошетка до Крушевското Езеро
Патување до Прилеп каде што се посети манастирот Св.Архангел Михаил под Марковите кули
разглед на центарот на Прилеп каде беше обезбеден ручек во ресторанот „Евро“;
посета на Могила на непобедените во Прилеп;
патување до Битола
разглед на центарот на Битола;
пристигнување во Охрид во 21 часот
Постигнати се следните воспитно-образовни цели:

- развивање позитивен однос кон природните вредности;
- развивање позитивен однос кон националните, културните и естетските вредности;
- градење чувство на патриотизам, толеранција и соживот;
- развивање интерес за градење на здрави меѓучовечки односи и позитивна социјализација;
- развивање социјални односи, чувство на припадност кон колективот и осамостојување на учениците и грижа за себе;
- стекнување лично искуство во односите со други луѓе;
- поттикнување и манифестирање на позитивни емоции;
- зајакнување на еколошката свест за природата

Преку содржините и активностите се реализираа задачите на екскурзијата:

- Запознавање со културно-историски споменици во Македонија (проширување на знаењата за културата и историјата на Македонија преку посета на манастири каде учениците се запознаа со одредени правила и норми на однесување во верските објекти; преку посета на Могила на непобедените во Прилеп и Македониумот во Крушево давајќи почит на борците за слобода и нивните светли идеали за слободна Македонија, како и преку посетата на Спомен домот на Тоше каде детално се запознаа со ликот и делото на македонскиот пејач);

- Запознавање со природните богатства и убавини на Македонија (учениците директно се запознаа со природните убавини на Македонија и се рекреираа и се дружеа. Со овие активности им развива свест за родољубие, чувство на припадност и секако се зацврстува еколошката свест);
- Запознавање со културата и начинот на живеење во одредени подрачја од Македонија (преку посетата на градовите низ Македонија учениците ќе имаат можност да го споредат својот начин на живот со начинот на живот во другите градови. Запознавајќи ја културата на другите луѓе ги прошируваат своите знаења од општата култура на живеење);
- Запознавање со индустриски капацитети во Македонија (при посетата на ХЕЦ Шпиље, хидроелектрична централа која е дел од системот хидроцентрали „Црн Дрим“, можеа да видат како се произведува електрична енергија.)

Финансирање:
Трошоците за дводневната екскурзија (4000 денари со можност на две рати) беа на товар на родителите. Средствата беа уредно уплатени на соодветната трансакциска сметка.
Техничка организација:
За патувањето беше обезбеден автобус од страна на изведувачот.

**Одговорен наставник**
**Фила Вероска-Стојковска**

**Извештај од екскурзијата за IX одделение**

Според наставната програма и програмата за работа на училиштето за учебната 2022/2023 година, во периодот од 04.05.2023 до 06.05.2023 беше изведена тридневна екскурзија со учениците од IX одделение. На екскурзијата учествуваа 17 ученици од IX -1 одделение со одделенскиот раководител Бобан Блачески, 13 ученици од IX -2 одделение со одделенскиот раководител Наташа Неданоска и 12 ученици од IX -3 одделение со одделенскиот раководител Елизебета Великоска. Според програмата за екскурзија , имаше и водич и доктор обезбедени од агенцијата.

Екскурзијата имаше едукативно-образовен и забавен карактер со посета на градови, културно-историски значајни знаменитости, институции. Поаѓањето беше од Охрид во 8 часот кон Битола со посета на битолската чаршија. Потоа во Крушево со посета на спомен-куќата на Тоше Проески и Македониумот со предавања ос стручни лица. Во Прилеп имавме ручек. Според програмата следно беше Неготино -хидроцентрала, Струмица - Колешински водопади и Лебедово езеро и во Штип вечера, забава и ноќевање. Вториот ден после доручек се упативме кон Пробиштип - Лесновски манастир и пештери. Продолживме кон Скопје каде посетивме стара скопска чаршија, црквата Св.Спас, гробот на Гоце Делчев, Спомен куќата на Мајка Тереза со пригодно предавање, East Gate Mall, вечера, забава и ноќевање. Третиот ден после доручек се упативме кон Гостивар - Вруток, изворот на реката Вардар, Маврово, Мавровско Езеро, Национален парк Маврово и ручек. После ручекот

тргнавме кон Дебар - Манастир Св.Јован Бигорски и Манастир Св.Ѓорѓи Победоносец- Рајчица и пристигнување во Охрид во вечерните часови. Екскурзијата се спроведе со лиценцирана агенција и туристички водич, одобрена од МОН и Општина Охрид, како и оправдана и финансирана од страна на родителите на учениците.

**Одговорен наставник**
**Елизабета Великоска**

## 11.2. Податоци за учениците од основното училиште вклучени во вонучилишни активности

Учениците од нашето училиште во голем број се вклучени во локални спортски клубови за ракомет, кошарка, а посебно за фудбал. Голем број од нив се вклучени во Културно уметнички друштва, а помалку во музичко училиште.
Учениците се доста активни во вонучилишните активности.

## 12. Натпревари за учениците

Во согласност со планираните активности од Годишната програма за воспитно-образовната работа на ООУ„Кочо Рацин” - Охрид за учебната 2022/2023 година, учениците под водство на своите ментори учествуваа на натпревари и конкурси кои претставуваат значајна форма во работата на училиштето. Натпреварите играат значајна улога во развојот на личноста на ученикот и имаат цел да се развива натпреварувачкиот дух, да се прошират и збогатат знаењата остварувајќи контакти со ученици од други средини.

### Наградени ученици од нашето училиште

| Ученик/ученичка | Одд. | Предмет | Освоено место | Категорија | Ментор |
|---|---|---|---|---|---|
| Славјан Митановски | III | Македонски јазик | Прво | Општински литературен конкурс за Св.Климент Охридски | Магдалена Чалоска |
| Лина Маркоска | VI | Македонски јазик | Второ | Општински литературен конкурс „Да им ја дадеме на децата земјината топка“ | Фила Вероска-Стојковска |
| Бојана Митовска<br>Јана Спироска | VI | Македонски јазик, Математика | Второ | еТвининг проект „Математика низ стрип и | Фила Вероска-Стојковска |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Магдалена Танаскоска | | и Ликовно образование | | карикатура“ | |
| Надица Тасеска | VIII | Македонски јазик | Прво | Државен натпревар по македонски јазик (Конкурс за најдобар есеј) | Фила Вероска-Стојковска |
| Надица Тасеска | VIII | Македонски јазик | Прво | 55. Детски Рацинови Средби | Фила Вероска-Стојковска |
| Надица Тасеска | VIII | Македонски јазик | Прво | Републички литературен конкурс „Жуборења од Радика 2022" | Фила Вероска-Стојковска |
| Петар Илоски | VIII | Македонски јазик | Второ | Републички литературен конкурс „Жуборења од Радика 2022" | Фила Вероска-Стојковска |
| Симона Димитриеска | IX | Македонски јазик | Второ | Општински литературен конкурс „Есента со своите најубави бои блика, во полиња и градини на берба ве вика“- | Наташа Неданоска |
| Симона Димитриеска | IX | Македонски јазик | Прво | Општински литературен конкурс за Св.Климент Охридски | Наташа Неданоска |
| Анастасија Јаневска | IV | Математика | Прво | Општински натпревар по математика | Елизабета Наумовска |
| Анастасија Петреска | IV | Математика | Второ | Општински натпревар по математика | Билјана Т.Стојановска |
| Никола Ицоски | IV | Математика | Пофалница | Општински натпревар по математика | Елизабета Наумовска |
| Ангела Савески | IV | Математика | Пофалница | Општински натпревар по математика | Елизабета Наумовска |
| Христијан Војдиноски | V | Математика | Трето | Општински натпревар по математика | Виолета Петковска |
| Стојанче Томановски | V | Математика | Пофалница | Општински натпревар по математика | Виолета Петковска |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Бисера Јованчева | V | Математика | Пофалница | Општински натпревар по математика | Виолета Петковска |
| Симона Дамеска | VI | Математика | Пофалница | Општински натпревар по математика | Виолета Коцаре |
| Јована Војдиноска | VII | Математика | Трето | Општински натпревар по математика | Силвана Крстеска |
| Христијан Николоски | VII | Математика | Трето | Општински натпревар по математика | Силвана Крстеска |
| Цане Јаневски | VII | Математика | Трето | Општински натпревар по математика | Силвана Крстеска |
| Изабела Томановска | VII | Математика | Пофалница | Општински натпревар по математика | Силвана Крстеска |
| Анастасија Јаневска | IV | Математика | Второ | Регионален натпревар по математика | Елизабета Наумовска |
| Анастасија Петреска | IV | Математика | Второ | Регионален натпревар по математика | Билјана Т.Стојановска |
| Бисера Јованчева | V | Математика | Трето | Регионален натпревар по математика | Виолета Петковска |
| Јована Војдиноска | VII | Математика | Прво | Регионален натпревар по математика | Силвана Крстеска |
| Цане Јаневски | VII | Математика | Пофалница | Регионален натпревар по математика | Силвана Крстеска |
| Христијан Николоски | VII | Математика | Пофалница | Регионален натпревар по математика | Силвана Крстеска |
| Лука Милошески | V | Англиски јазик | Прво | Општински натпревар по англиски јазик | Александра Рошкоска |
| Наталија Димоска | VI | Англиски јазик | Трето | Општински натпревар по англиски јазик | Александра Рошкоска |
| Сара Котеска | VIII | Англиски јазик | Второ | Општински натпревар по англиски јазик | Лидија Јевтовиќ |
| Лука Милошески | V | Англиски јазик | Второ | Регионален натпревар по англиски јазик | Александра Рошкоска |
| Наталија Димоска | VI | Англиски јазик | Трето | Регионален натпревар по англиски јазик | Александра Рошкоска |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Сара Котеска | VIII | Англиски јазик | Второ | Регионален натпревар по англиски јазик | Лидија Јевтовиќ |
| Миа Илоска | II | Ликовно образование | Прво | Меѓународна изложба за деца и младинци „Флора и фауна – извор на животот и убавината“ | Координатор од Охрид |
| Славјан Митановски | III | Ликовно образование | Второ | Меѓународна изложба за деца и младинци „Флора и фауна – извор на животот и убавината“ | Координатор од Охрид |
| Марија Тасеска | V | Ликовно образование | Второ | Меѓународна изложба за деца и младинци „Флора и фауна – извор на животот и убавината“ | Координатор од Охрид |
| Кристијан Војдиноски | V | Ликовно образование | Трето | Меѓународен божиќен конкурс – компјутерски цртеж | Виолета Петковска |
| Надица Тасеска | VIII | Ликовно образование | Прво | Меѓународна изложба за деца и младинци „Флора и фауна – извор на животот и убавината“ | Координатор од Охрид |
| Петар Илоски | VIII | Ликовно образование | Прво | Меѓународна изложба за деца и младинци „Флора и фауна – извор на животот и убавината“ | Координатор од Охрид |
| Тео Јованоски<br>Давид Василески<br>Бојан Попов<br>Анастасија Секулоска<br>Марио Ѓорески<br>Стефанија Илиеска | VI<br>VI<br>VII<br>VIII<br>IX<br>IX | Музичко образование | Прво | Регионален натпревар во категоријата „камерен ансамбл/бенд" | Игор Стефановски |
| Анастасија Петреска | IV | Природни науки | Второ | Општински натпревар по природни науки | Билјана Т.Стојановска |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Јаков Митрески | IV | Природни науки | Второ | Општински натпревар по природни науки | Билјана Т.Стојановска |
| Андреј Устијаноски | IV | Природни науки | Второ | Општински натпревар по природни науки | Билјана Т.Стојановска |
| Меланија Ристеска | IV | Природни науки | Трето | Општински натпревар по природни науки | Билјана Т.Стојановска |
| Анастасија Петреска | IV | Природни науки | Трето | Регионален натпревар по природни науки | Билјана Т.Стојановска |
| Јаков Митрески | IV | Природни науки | Трето | Регионален натпревар по природни науки | Билјана Т.Стојановска |
| Изабела Томаноска | VII | Биологија | Трето | Општински натпревар по биологија | Ленче Грунчевска |
| Теона Шиникоска | VII | Биологија | Второ | Општински натпревар по биологија | Ленче Грунчевска |
| Анастасија Треноска | VIII | Биологија | Трето | Општински натпревар по биологија | Татјана Лошкоска |
| Христијан Наумоски | VIII | Биологија | Трето | Општински натпревар по биологија | Татјана Лошкоска |
| Изабела Томаноска | VII | Биологија | Трето | Регионален натпревар по биологија | Ленче Грунчевска |
| Теона Шиникоска | VII | Биологија | Прво | Регионален натпревар по биологија | Ленче Грунчевска |
| Анастасија Треноска | VIII | Биологија | Пофалница | Регионален натпревар по биологија | Татјана Лошкоска |
| Христијан Наумоски | VIII | Биологија | Пофалница | Регионален натпревар по биологија | Татјана Лошкоска |
| Стефанија Илиеска | IX | Хемија | Второ | Општински натпревар по хемија | Сузана Коческа |
| Сара Секулоска | VIII | Физичко и здравствено образование | Второ | Општинско првенство во атлетика (дисциплина трчање - 600 метри) | Зоран Русески |
| Илија Јанкулоски | VIII | Физичко и здравствено образование | Второ | Општинско првенство во атлетика (дисциплина трчање - 800 метри) | Зоран Русески |

**Извештај од 49 Општински  натпревар по прва помош**

Прва помош претставува првичната помош која му се пружа на болното и повреденото лице на местотото на несреќата, сè со цел да се спаси животот, да се зголемат шансите за преживување и да се спречи понатамошното влошување на здравствената состојба на болното или повреденото лице. Најчесто првата помош ја даваат лица кои ќе се затекнат на местото на несреќата, а не се здравствени работници. Целта на дадена навремена и исправна прва помош е:

1. Да се зачува животот на повреденото лице преку отстранување на причината која може да доведе до смрт (престанок на дишењето, престанок на работата на срцето, крварење, состојба на изгубена свест, состојба на шок),
2. Да се спречат можните компликации
3. Да се намали болката и стравот
4. Да се подобри општата состојба на повредениот
5. Да се транспортира повредениот во адеквата положба со соодветно моторно возило.

Грижата за повредениот и унесреќениот трае од моментот на откривање на повредениот па сè до моментот кога го презема лекарот. Поради важноста на укажување на прва помош на повредените лица, општинскиот Црвен крст организира обука за наставници и ученици за стекнување знаења за укажување прва помош. Исто така организира и натпревар за учениците каде тие ќе може да докажат како ќе го применат стекнатото знаење. Оваа година се организира 49 Општински натпревар на кој учествуваше и нашето училиште со една екипа, со ученици од 7 – 2 одделение.На Општинскиот натпревар  кој се одржа на 6.5.2023 г. екипата од нашето училиште  се стекна со Благодарница за учество на натпреварот.

**Одговорен наставник**
**Ленче Грунческа**

**13. Извештај за унапредување на мултикултурализмот/интеркуртуларизмот и меѓуетничката интеграција**

**ИЗВЕШТАЈ за реализирани МИО активности учебна 2022-2023**

Во рамките на проектот за меѓуетничка интеграција во нашето училиште се спроведени активности кои одговараат на мултикултурен и мултиетнички принцип на работа. Целта е надминување на стереотипите и предрасудите на таа тема, а со тоа интеграција кон мултиетничко образование и општество, воопшто.
Со таа цел се направија повеќе соработки помеѓу наставниците од различни етнички заедници и наставни јазици, заеднички активности на учениците и родителите. Од сите тие индивидуални или партнерски активности произлегоа крајни резултати: иконографија на ѕидовите на училиштето, драми, проектни активности и слично.

**Предмет:Одделенски час - Животни вештини**

Повторно се поминаа критериумите за избор на Претседател и Заменик претседател и нивните задачи;
КРИТЕРИУМИ:

- редовност, активност, висок успех во учењето, комуникативност, почит кон другите, одговорност;

ЗАДАЧИ:

- да го претставува одделението пред органите на училиштето и да пренесува ставови и мислење пред органите на училиштето;
- да организира расправи во одделението за конкретни прашања, проблеми, по сопствена иницијатива или по иницијатива на други;
- да пренесува пораки, предлози, информации на учениците од органите на училиштето;
- може да се разреши по сопствено барање или по барање на група ученици, или по подолго отсуство од наставата;

- Се истакна дека тие мора да бидат од различен пол;
- Се предложија кандидати (друг ги пријави, но никако наставникот) но мораше да има минимум едно машко едно женско за да има постапка на избор;
- Имињата со редни броеви се запишаа на табла;
- По предлагањето, само оној што не сакаше да биде биран можеше да се избрише од таблата;
- Се избра трочлена комисија (кои не се кандидати, и полово мешани) за избор на самите ученици;
- Комисијата седна на еден дел од училницата во кој пред себе имаа празна кутија;
- Комисијата им даде празни ливчиња на кои требаше да ги напишат имињата на кандидатите и да заокружат еден од нив;
- Пополнетите ливчиња во тајност, се уфрлија во кутијата пред комисијата;
- Откако гласаа, се пребројија гласовите, а не се зедоа во предвид неважечките ливчиња (пречкртано, гласано за повеќе кандидати, итн.)*Комисијата го прогласи за Претседател оној кандидат со најмногу гласови, а за Заменик претседател, наредниот со помал број гласови од него, но од спротивен пол;
- Имињата на Претседателот и Заменик претседателот се доставија до: Директорот, Наставничкиот совет, Училишниот одбор и Советот на родители на училиштето

**Активности со партнер училиштето ООУ„Саид Најдени“ - Дебар**

Учениците од партнер училиштето ООУ„ Саид Најдени“ од Дебар имаа можност да учествуваат со ликовни творби на нашиот патронен празник. Нивните ликовни креации беа изложени на изложбата со цртежите на нашите ученици. Претставници од партнерското училиште беа почесни гости на нашиот патронен празник.

Се реализираше и online работилница на тема Корупција. Работилницата се спроведе преку алатката linoit каде учениците имаа задача да погледнат видео за корупција, потоа да напишат своја дефиниција за корупција, да посочат пример на корупција и да го поткрепат со цртеж/слика, со што се поттикна и истакна нивната креативност. Имаа можност да пишуваат

коментари на примерите и цртежите на своите соученици. Учениците пишуваа на различен јазик (македонски и албански јазик) со што ја поттикнуваме толеранцијата и меѓусебната соработка. Целта на активностите беше унапредување на свеста за различностите и јакнење на капацитетите за прифаќање на истите.

**Предмет: Запознавање со религиите**

Наставна единица: СОРАБОТКА И ПОВРЗАНОСТ; НАМЕСТО РАЗЕДИНЕТОСТ

На часот по предметот запознавање со религиите, се применија ПМИО активности. На овој час наставникот преку вежби и разговор истакна дека луѓето се разликуваат по многу работи (изглед, јазик, култура, религија, националност), но дека разликите не треба да не оддалечуваат едни од други, туку треба да не зближуваат, треба да ја развиваме толеранцијата, почитувањето на различните од нас, што ќе го покажеме преку почит, соработка и поврзаност. За таа цел учениците изработија хамер на кој ја покажаа сплотеноста, поврзаноста помеѓу луѓето и покрај разликите. Хамерот се истакна во училницата, кој и понатаму ќе им служи како пример за почитување на разликите

Наставна единица: ЗАЕДНИЧКО ПОТЕКЛО НА РЕЛИГИИТЕ

На часот по предметот Запознавање со религиите, обработувајќи ја наставната единица ЗАЕДНИЧКО ПОТЕКЛО НА РЕЛИГИИТЕ, се истакнаа основните карактеристики на трите религии (јудаизам, христијанство, ислам). Низ разговор со учениците се извлече заклучок за поврзаноста и заедничкото потекло на трите религии. Со помош на техниката венов дијаграм се истакнаа заедничките работи на трите религии. Со разговараше за пораките кои ги испраќаат, преку потсетување на десетте божји заповеди, на проповедта на Исус Христос и на петте столба на исламот. Се истакна целта на нивното создавање и зошто истите треба да се почитуваат. На тој начин се  посочи на важноста на заедничкото почитување на различните религии.

**Предмет: Граѓанско образование**

Наставна единица:СОРАБОТКА И ПОВРЗАНОСТ ВО ЗАЕДНИЦАТА

На часот по Граѓанско образование, со наставна единица СОРАБОТКА И ПОВРЗАНОСТ ВО ЗАЕДНИЦАТА се применаа активности за меѓуетничка интеграција. Учениците имаа за задача да истражуваат за различни етнички групи, нивните карактеристики и она по што се посебни и единствени, како и изработка на хамер на кој беа испишани човековите вредности на различни етнички јазици. На тој начин учениците посочија активности кои ги зајакнуваат односите на мултикултурната средина и само еден од начин на кој можат да се развива соработка меѓу различни етнички култури.

**Предмет: Образование за животни вештини**
Одделение: VIII
Тема: Јас и другите - општествени односи
Наставна содржина: Здраво

Самостојната мултикултурна работилница беше реализирана со учениците од VIII/2 одделение. Часот го започнавме со дискусија на прашањето: Што подразбирате под поимот мултикултурно/мултиетничко општество. Беа обезбедени сите потребни ресурси. Учениците беа поделени во групи, секоја група доби работен лист и имаа задача да смислат поими кои ги асоцираат на поставеното прашање. Ги кажуваа поимите и со помош на WordArt креиравме облак со зборови кои се однесуваат на мултикултурно/мултиетничко општество.

Другата активност ја започнавме со дискусија на прашањата: Дали знаете да кажете здраво и на некој друг јазик?; Што мислите колку различни јазици се зборуваат денес во светот?; Што мислите дека е подобро, во светот да се зборува само еден јазик или да се зачуваат што е можно повеќе јазици?; Кои се добрите страни/предностите на тоа да се зборува само еден јазик?; А кои се добрите страни/предностите да се зборуваат што е можно повеќе јазици?

Потоа учениците работеа во парови. Тие добија задолженија да одлучат на кој јазик би сакале да научат да кажат „Здраво", доколку јазикот се користи во повеќе држави да истражат во кои држави се зборува на тој јазик, да го напишат зборот и да го нацртаат знамето на државата. Изработките ги залепивме на заеднички хамер и го поставивме во нашата училница. Учениците изговараа на глас „Здраво" на различните јазици.

**Предмет: Биологија**
Одделение: VIII
Тема: Записи во карпите
Наставна содржина: Понови проценки на староста на Земјата

Во текот на реализацијата на еТвининг проектот My Plan@ (Мојата планета, Мојот план за поубава планета) ги споделивме нашите мислења и верувања за планетата Земја и учествувавме во пишување на колаборативната приказна. Одговаравме на прашања поврзани со спасување на планетата Земјата и еколошкото живеење. Тука прво сакавме да иницираме промени во нас, во нашето размислување и согледување.

Другата активност беше пишување на колаборативна приказна „Нова надеж за природата" (еден ја започна приказната, друг продолжи, трет се надоврза, итн, сè додека не стигнавме до крајот на приказната). Во пишување на приказната учествуваа наставниците и учениците.

Во проектот се вклучени повеќе од 30 училишта од други држави: Хрватска, Србија, Албанија, Романија, Шпанија, Латвија, Турција и Грција. Учеството во овие активности придонесе да се подобрат јазичните вештини кај учениците и да запознаат нови

пријатели од различни земји. Покрај тоа што постојат различните методи на проценување на староста на Земјата, исто така можеме да предвидиме и да процениме каква би била иднината на планетата Земја доколку несовесно се однесуваме.

**Извештајот го подготви**
**Јованка Анѓелкоска**

**14. Извештај за Проекти што се реализираат во основното училиште**

**Еко работилници**
Во учебната 2022/23 година се реализирани следните еко-работилници:
1. Роботска рака
2. 3Р – Редуцирај, реупотреби, рециклирај

**Роботска рака**
Предмет: Биологија
Тема: Движење кај луѓето
Наставна единица: Видови на зглобови
Еколошка содржина: ПВЦ амбалажа
Одделение: VIII
Претходно дискутиравме за тоа кои материјали може да ги реупотребиме за да изработиме роботска рака. Тие беа поделени во групи и имаа задолжение да донесат пластични цевки, конец, хартија во боја/корици од тетратки, лепак, ножици, молив. Учениците го истражуваа опсегот на движења кои може да ги направат со нивната дланка. Потоа еден член од групата ја постави дланката врз картонот, учениците ја исцртаа и го исекоа картонот според исцртаната дланка. Тие ги одбележаа коските и зглобовите на картонот и ги пресекоа цевките малку помали од димензиите на коските (учениците оставија простор помеѓу коските за да го прикажат зглобот и моделот да може да функционира). Цевките ги залепија на дланка од картон и низ нив провлекоа конец. И краевите на конецот ги залепија на врвовите на прстите.
Секоја група напиша краток извештај за својата изработка и го објасна начинот на функционирање на зглобовите на прстите. Со учениците се разговараше за широката примена на пластичните цевки во секојдневниот живот и се дискутираше за алтернативна замена на истите (користење на стаклени или метални цевки кои може да се мијат и да се употребуваат подолго време).
ПВЦ (поливинил хлорид) пластиката е мека и флексибилна пластика која се користи за изработка на различни производи за широка потрошувачка. Од неа се изработуваат рамки за врати и прозорци бидејќи е релативно отпорна на надворешните влијанија (сончеви зраци, врнежи од дожд и снег, мраз). Исто така, се користи за изработка на играчки, кабли, шишиња, итн. Тоа

е една од најопасните видови на пластика за здравјето и животната средина и затоа треба да се воздржуваме од купувањето на производи од таков материјал, и да се обидеме да најдеме алтернативни решенија.

**3Р – Редуцирај, реупотреби, рециклирај**
Предмет: Природни науки
Тема: Грижа за животната средина
Наставна единица: Намали, повторно употреби, рециклирај
Еколошка содржина: Рециклирање
Одделение: VI

Предмет: Образование за животни вештини
Тема: Јас и околината - однос со надворешната средина
Наставна единица: Рециклираме
Еколошка содржина: Рециклирање
Одделение: VIII
Работилницата се реализираше во рамки на еТвининг проектот My Plan@ (Мојата планета, Мојот план за поубава планета). Се разговараше со учениците за важноста да се направи правилна поделба на отпадот затоа што многу материјали можат повторно да се користат доколку се собираат одделно. Голем дел од отпадот може да се искористи и од него да се направат нови производи. Со цел подигнување на еколошката свест за селектирање и намалување на отпадот учениците селектираа отпад, рециклираа и изработија постер „3Р – Редуцирај, реупотреби, рециклирај". Во нашето училиште имаше непотребна хартија која ја иситнавме на ситни делови и ја потопивме во вода. Потоа употребивме сито и натопената хартија ја ставивме во пластични чинии. Убаво ја истиснавме преостанатата вода во чинијата и ја оставивме неколку дена да се суши.
Учениците пишуваа, боеја и цртаа на исушената рециклирана хартија. Тие нацртаа корпи за селектирање на отпадоци и различни отпадоци. Изработките ги употребивме за изработка на нашиот постер на кој, исто така, залепивме и различен отпаден материјал (различни пластични и метални отпадни материјали, малечко стаклено шише, органски отпадоци, непотребна хартија).
Постерот го поставивме во ходникот на нашето училиште со надеж дека ќе влијание врз менување на нашите навики и ќе почнат да се применуваат трите принципи на циркуларната економија - редуцирај, реупотреби, рециклирај.

**Извештајот го изготви:**
**Татјана Лошкоска**
**наставник по природни науки и биологија**

**Извештај за реализрани ЕКО активности во учебната 2022-2023 година**

Во оваа учебна година со учениците од VII-1 на кои сум предметен наставник по математика и одделенски раководител реализирав неколку ЕКО работилници.

1. Од тажни капачиња до весела детска игра со ученици од VII-1
2. Знаме на Р.Македонија со ученици од VII-1

**Од тажни капачиња до весела детска игра - реупотреба на отпад**

Во оваа активност учениците најпрво извршија чистење на отпад во училишниот двор. После чистењето на дворот од отпад и направената анализа на собраниот отпад се констатира дека најмногу беа собрани пластични шишиња. Се постави проблемско прашање: Како овој отпад може да се реупотреби притоа да се исполни една од најголемите желби на учениците, а тоа е да имаат свое мало детско катче за игра. Се донесе одлука од собраните капачиња учениците да изработат плочки кои потоа ќе ги искористат за формирање на игралиштето. Пластичните шишиња да ги пренаменат за декоративни украси во училишниот двор, а од собраните конзерви да направат саксии во кои ќе посадат цвеќиња со што хортикултурно ќе ја украсат и нивната училница, но и дел од училишниот двор. Како изгледаше постапката на изработка на плочките можете да погледнете во видеото подолу. https://youtu.be/YIMbqPga8gw










**Знаме на Р.Македонија - реупотреба на отпад**

Еко работилницата знаме на Р.Македонија ја реализирав на часовите по животни вештини, кај наставната содржина Македонија. Учениците работеа во парови. Материјал кој го користеа беше хартија - салфетки, ножички, лепак. Погледнете ги сликите направени при реализација на активноста







**Одговорен наставник**
**Силвана Крстеска**

**Erasmus+ проектот GREEEN (Games, Resources, Environment, Entrepreneurship and Education Network)**

***10.06.2023**- доделени сертификатите за Erasmus+ проектот GREEEN (Games, Resources, Environment, Entrepreneurship and Education Network) во кој ние бевме дел под лидерство на здружението Eco – Logic.

На 14.10.2022-проектот започна со повик до нашето училиште за вклучување на што повеќе наставници во истиот. Работен координатор на истиот од страна на здружението Еко Логик ни беше Миа Лозановска. Конкретно јас, Наташа Неданоска се пријавив за работа во делот on-line весник. Првата обука за овој дел од проектот, заедно со пријавените ученици-учесници (Марио Ѓорески, Петар Танески, Олег Чочевски, Марија Шиникоска, Симона Динитриеска, Софија Милошеска, Стефанија Маркоска од IX-2 одделение, Цане Јаневски и Филип Иваноски од VII-2 одделение, Андреј Ристески и Бојан Попов од VII-1 одделение) се одржа на 31.1.2023 година, на која се добија насоки за понатамошна работа.

На 10.03.2023 година го испративме нашиот прв натпис на тема КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ, со цел да се објави во весникот. На овој натпис работеа: Марио Ѓорески и Петар Танески од IX-2 одделение, Цане Јаневски и Филип Иваноски од VII-2 одделение, Андреј Ристески и Бојан Попов од VII-1 одделение.

На 17.05.2023 година го испративме нашиот втор натпис на тема FOOD WASTE, со цел да се објави во весникот. На овој натпис работеа: Марио Ѓорески, Олег Чочевски, Марија Шиникоска, Симона Динитриеска, Софија Милошеска, Стефанија Маркоска од IX-2 одделение.

Менторот, Наташа Неданоска, и сите ученици-учесници во проектот се здобија со сертификати;

***„Екосистеми и екосистемски услуги“**

Во просториите на ЈУНП Галичица, на нивно барање да се вклучиме во работилница - обука на тема „Екосистеми и екосистемски услуги“, наставничката Наташа Неданоска и учениците: Олег Чочевски, Ѓоко Блажески, Мартин Ѓоршески и Марио Ѓорески, беа дел од неа.

Учесниците се здобија со сертификати за основни познавања на темата.

**Извештај за проектот „Поттикнување на демократска клима во училиштата”**

Проектот беше претставен пред учениците. Учениците имаа можност да посочат различни теми кои се од нивни интерес, се групираа и секоја група предлагаше различни активности, направија договор што конкретно ќе работата, истражуваат, креираат.

Теми и активности кои се спроведија во рамките на проектот се следните:

- Вандализам - учениците преку интернет истражуваа за поимот вандализам, прошетаа низ градот и направија фотографии на вандализирани објекти, истражуваа за начини на спречување на вандализмот. На крај одлучија да фарбаат ѕид од училишниот двор кој беше вандализиран и нацртаа цртеж кој ќе го разубавува училишниот двор;
- Стоп за насилство на жените - сакајќи да го посочат проблемот и да ја покренат свеста за оваа болна тема, учениците одлучија да направат истражување преку кои институции може да се понуди помош на жените жртви на насилство. Креираа флаери на кои ги поставија местата и институциите во нашиот град кои можат да им понудат помош, истите ги разделија низ градот на минувачите, сакајќи да ја покренат свеста, но и да ја посочат помошта која може да им се даде.
- Хуманитарна акција - донирај облека - под мотото „од дете за дете“ учениците донираа облека која во соработка и помош од страна на Црвен Крст беше донирана на деца кои на кои истата им беше потребна и добредојдена. Предност имаа ученици од нашето училиште.

- Менталното здравје кај младите - есеј едно мое видување, каде е претставено менталното здравје низ призмата на децата, односно како тие се чувствуваат и што им е потребно од страна на возрасните. Целата на активност е да се поткрене свеста кај возрасните за важноста на менталното здравје кај младите.

Целта на ученичката иницијатива е подигнување на свеста за различни теми кои ги засегаат младите. Иако иницијативата беше само во рамките на нашето училиште, беше претставена пред учениците и наставниците во училишниот двор, сепак сметаме дека учениците ги поттикнавме на размислување, пренесовме позитивни пораки, ги охрабривме отворено да зборуваат, споделуваат, критички да размислуваат, да помагаат. Па нели, ако сакаме да го промениме светот треба прво да се промениме себеси. Ние ја започнавме таа промена од нас. Истовремено, учениците испратија порака до возрасните дека треба да им се поткрепа за промената. Да се менуваме заедно за подобра иднина.

**Одговорен наставник по граѓанско образование**
**Јованка Анѓелкоска**

## ИЗВЕШТАЈ ЗА СПРОВЕДЕНИ АКТИВНОСТИ ОД ПРОЕКТОТ АНТИКОРУПЦИСКА ЕДУКАЦИЈА ВО ООУ „КОЧО РАЦИН"

Според Годишната програма на ОУ „Кочо Рацин" за 2022/2023 година предвидено е да се реализира програма за антикорупција.
Програмата се реализираше по предметот Граѓанско образование, како воннаставни активности, но и за време на часовите во кои учествуваа ученици од VIII и IX одделение.
За таа цел се преземедоа низа активности:
Преку прашалник учениците ги споделија своите предзнаења за поимите корупција и антикорупција, а преку низа работилница учениците се запознаа со поимите корупција и антикорупција.
Учениците преку powerpoint презентација дискутираа за поимите за корупција, како и начините за спречување на истата. Учениците имаа можност да посочат примери на корупција, со што го истакнаа нивното предзнаење. Преку работа во групи и зададени текстови учениците ја препознава корупцијата и облиците во кои може да се појави. Ги изнесуваа своите ставови врз определени тврдења поставени од страна на наставникот. На тој начин учеа да го почитуваат различното мислење, формираа свои ставови и критичко размислување. Посочуваа што секој поединец може да направи против корупцијата и каде можеме да се обратиме за помош.
Како дел од предметот Граѓанско образование се реализираа активностите предвидени според програмата на предметот.

Учениците добија задача да изработат постери, еден за корупција и еден за антикорупција, како и хамери на истите теми, кои беа претставени пред учениците од VIII одделение и на тој начин се запознаа со поимите корупција и антикорупција.
На ликовниот конкурс на тема "Корупција-ја сечеш гранката на која што седиш", учениците од IX одделени можеа да ги искажат своите стекнати знаења за корупцијата преку ликовни потенцијали и истите беа изложени во училишниот хол.

Се доделија награди за нивните изработки во вид на дипломи и пофалници, со цел да се оддаде признание за активно учество на конкурсот.

Како дополнителна активност реализиравме и online работилница со учениците од партнер училиштето ООУ „Саид Најдени“ од Дебар. Работилницата се спроведе преку алатката linoit каде учениците имаа задача да погледнат видео за корупција, потоа да напишат своја дефиниција за корупција, да посочат пример на корупција и да го поткрепат со цртеж/слика, со што се поттикна и истакна нивната креативност. Имаа можност да пишуваат коментари на примерите и цртежите на своите соученици. Учениците пишуваа на различен јазик (македонски и албански јазик) со што ја поттикнуваме толеранцијата и меѓусебната соработка.
На овој начин ја развиваме граѓанската свест, моралните вредности и донесување на исправни одлуки кај учениците.
Учениците се задоволни од спроведените активности, особено од  оние во кои самите имаа можност да креираат и спроведуваат начини за стекнување знаења кај останатите ученици, со што им се покажа начин на кој самите можат да делуваат во општеството.










**Одговорен наставник**:
**Јованка Анѓелкоска**

**Недела на кодирање- Извештај**




Неделата на кодирањето на ЕУ заедницата е моќен извор на инспирација и ентузијазам. Таа има за цел промовирање на компјутерската писменост, кодирањето и активностите поврзани со технологијата; посочување на учениците за претворање на нивните идеи во реалност; совладување на вештините за кодирање; соработка на младите луѓе во истражувањето и учењето за дигиталниот свет. Во 2021 година во Неделата на кодирањето учествуваа 4 милиони луѓе во повеќе од 80 земји ширум светот. Оваа година Неделата на кодирање траеше од 8 до 23 октомври и секој учесник можеше да ја сподели својата активност со кодирање на веб-страницата на EU Code Week и да ги инспирира другите.

Десетгодишнината на Неделата на кодирање ја одбележавме со организирање на CodeWeek настан во нашето училиште и CodeWeek активност во која учениците кодираа во Micro:bit.

На 14 октомври беше организиран CodeWeek настан во просториите на нашето училиште. Гостин на настанот беше Виктор Попов, а присуствуваа учениците од VII, VIII и IX одделение. Виктор е еден од двајцата креатори и победници на најдобрата игра во Европа на Game Jam Plus натпреварот, чие финале се одржа во Рио Де Жанеиро. Тој на учениците им го приближи кодирањето и креирањето на видео игрите. Тие имаа чест и можност да слушнат како кодирањето можат да го применат во креирање игри од светски рамки. Како завршна активност на настанот учениците ја инсталираа на своите уреди и ја играа победничката игра Paint the Thing. Годинешниот натпревар на Game Jam Plus се одржа во Охрид - Касарна Хаб, 15-16 октомври во траење од 48 часа. Таму сите заинтересирани имаа можност одблиску да погледнат како учесниците преку кодирање создаваат различни дигитални игри.

Во нашето училиште беа реализирани следните CodeWeek активности: Math coding со учениците од VII одделение под менторство на наставничката Силвана Крстеска Stop bullying со учениците од VIII/1 одделение под менторство на наставничката Јованка Анѓелкоска Orientation In Space со учениците од VIII/2 одделение под менторство на наставничката Татјана Лошкоска и Landscape poems using all types of rhyme со учениците од IX/2 одделение под менторство на наставничката Наташа Неданоска. Учениците со користење на Micro:bit и Scratch кодираа и решаваа логички проблеми, како и проблеми од секојдневниот живот. Активностите се интегрирани со имплементираниот проект во нашето училиште „Училишта на 21 век“.

Преку активности поврзани со кодирањето ја разбираме сегашноста и ја менуваме иднината!







**Извештајот го изготвија:**
**Татјана Лошкоска**
**Силвана Крстеска**
**Јованка Анѓелкоска**
**Наташа Неданоска**

**Проект за климатска акција**

Учениците од предметна настава учествуваат во Проектот за климатска акција (Climate Action Project) трета година по ред. Во проектот беа вклучени учениците од VII/1 под менторство на наставничката Силвана Крстеска, VIII/1 под менторство на наставничката Јованка Анѓелкоска и VIII/2 одделение под менторство на наставничката Татјана Лошкоска. Овој проект се спроведува од страна на образовната организација за климатски акции Take Action Global (Преземете акција глобално) и истиот започна на 26 Септември 2022 година. Шестнеделните активности, кои вклучуваа истражувања за климатските промени и еколошка писменост, обединија 15 666 училишта и 3 473 885 ученици од 149 држави од светот. Учениците го унапредуваа своето еколошко образование преку истражувања за причините и ефектите од климатските промени и се обидуваа да најдат соодветни решенија за намалување на климатската криза. Во текот на проектот учениците работеа во алатките Jamboard, Padlet, Mentimeter, Kahoot, учествуваа во еколошка акција за расчистување на училишниот двор, засадуваа цвеќиња, рециклираа, користеа лего коцки за да понудат различни решенија. Тие собраа пластични капачиња, направија смеса за лепење и изработија плочки со бројки. Плочките се поставија во училишниот двор и сите ученици можат да си играат на нив. На 3 ноември, Take Action Global (TAG) беше домаќин на 6-от бесплатен онлајн настан наменет за сите возрасти Climate Action Day (Ден за климатска акција). На годишната прослава на која учествуваа наставници и ученици од различни земји во светот коосновачот на

TAG Џенифер Вилијамс истакна: „Младите луѓе ширум светот се сведоци на климатските промени и сакаат да преземат акција. Тие ја разбираат моќта на колективното дејствување и интегралната улога што ја играат во создавањето промени на глобално ниво“. Говорници на настанот беа светски лидери, водечки научници и истражувачи за климатски промени, меѓународни млади активисти, ученици и наставници кои ги прикажаа своите идеи, пронајдоци и иницијативи. Наставниците и учениците се здобија со сертификати за своето учество во проектот за климатска акција.













Изве
штај
от го
изгот



вија:

**Татјана Лошкоска**
**Јованка Анѓелкоска**
**Силвана Крстеска**

## Заедно до посигурен интернет

Во времето во кое живееме тешко дека некој од нас може да го замисли денот без Интернет.
Сите сме сведоци дека Интернетот ни го промени животот на сите особено на децата и младите. Со негово користење тие имаат можност да се поврзат со цел еден свет на можности за комуникација, учење и слобода на изразување. Но Интернетот, исто така, секојдневно се користи за погрешни намени и се злоупотребува, а децата и младите се тие што ја плаќаат цената. За тоа да се избегне и да се поткрене свеста кај учениците за сите опасности кои ги демнат на интернет во ООУ„Кочо Рацин”-Охрид се реализираа низа од активности.
Со учениците од 7-1 одделение ( 12 ученици ) дискутиравме за тоа колку нивното однесување придонесува за намалување на нивната безбедност на интернет. Ја разгледавме квиз презентацијата во која со одговори на прашањата откриваа: Дали си добар „онлајн” пријател? На одредени прашања учениците даваа различни одговори, па затоа после секое прашање се водеше дискусија за одговорите. Ја спроведовме и работилницата Feeling barometar преку која согледаа дека луѓето може да имаат различни чувства за исти ситуации; дека другите луѓе може да реагираат различно на истото сценарио; и дека треба да се почитуваат чувствата на другите и да се биде потолерантен кон оние со поинакви погледи од нашите. На крај учениците играа квиз во Kahoot и креираа постер со однапред подготвени материјали.
Денот на безбеден интернет нека ни биде само Ден кој ќе нè потсети дека овие активности 365 дена од годината треба да ги имплементираме во секоја прилика која ја имаме со учениците како преку еТвининг проектите така и на секој наставен час во кој тие можат да се реализираат.







**Силвана Крстеска**
**наставник по математика**

**Ден на побезбеден интернет**

Децата ширум светот секојдневно се присутни на интернет и при тоа имаат можност да ги искусат придобивките и негативните последици од неговата употреба. Идентификувањето на содржините и активностите кои ја нарушуваат безбедноста на децата е клучно за правилно дејствување и преземање понатамошни чекори за справување и намалување на ризиците од неправилното користење. Вклучувањето во Неделата на информатиката (6-10 Февруари) и одбележувањето на Денот на побезбеден интернет е одлична можност да ги нагласиме советите кои ги упатуваме во текот на целата година во однос на тоа како да останеме безбедни при користењето на интернетот.
Активностите беа реализирани со учениците од VIII/2 одделение и учествуваа вкупно 17 ученика. Започнавме со презентација за побезбедно користење на интернетот при што дискутиравме за предностите и недостатоците на интернетот. Се потсетивме на апликацијата за изработка на аватари Bitmoji и изработивме постер во PosterMyWall. Потоа учениците работеа во колаборативната алатка Lino при што пишуваа свои размислувања во однос на придобивките од употребата на интернетот; различните извори на информации; споделувањето на содржините на интернет, особено на личните податоци; коментарите кои ги пишуваат и како да се заштитат од непријатностите. Главната идеја беше да се поттикнат учениците прво да размислуваат, а потоа да кликнуваат. На учениците им беше нагласено дека секоја фотографија нема дозвола за слободно преземање и се запознаа со веб страницата за слободно користење на фотографии Pixabay. Тие оттаму преземаа фотографии и ги поставуваа во Lino. Како завршна активност учениците ја играа играта во Kahoot која беше споделена од страна на Центар за иновации и дигитална едукација ДИГ-ЕД. Наставникот и учениците се здобија со сертификати за своето учество во Неделата на информатиката.







**Татјана Лошкоска**
**наставник по природни науки и биологија**

**My Plan@ (Мојата планета, Мојот план за поубава планета)**

My Plan@ (Мојата планета, Мојот план за поубава планета) е еТвининг проект кој опфаќа теми поврзани со зачувување на нашата планета: заштита на животната средина, климатски промени итн. Проектот опфаќа неколку домени: разбирање, освестување, иницирање, примена и споделување Вклучени се повеќе од 30 училишта од други држави: Хрватска, Србија, Албанија, Романија, Шпанија, Латвија, Турција и Грција. Целите на проектот се: Подобрување на јазичните вештини; Запознавање нови пријатели од различни земји; Запознавање на земјите на партнерите во проектот; Оспособување за користење на дигитални алатки; Заштита на животната средина; Да оставиме почист свет на идните генерации. На меѓународно ниво во проектот се одржаа вкупно 51 активност по повод Меѓународниот ден на планетата Земја и 35 работилници и активности по повод Светскиот ден на водата. Проектот е внесен во Годишната програма за работа во ООУ„Кочо Рацин”- Охрид за учебната 2022-2023 година.
Проектот беше претставен пред учениците и родителите и спроведов анкета за интерес на учениците за учество во проектот. Во проектот беа вклучени и под мое менторство работеа 16 ученици-членови на клубот на екологисти „Магнолија“ (12 ученика од VI и 4 ученика од VIII одделение). Родителите на учениците-учесници дадоа писмена согласност за учество на нивните деца во проектот.
На учениците кои учествуваат во проектот им одржав предавање за работата во еТвининг (ESEP). Се одржуваа состаноци во консултација со учениците. На состаноците ги презентирав веб алатките и разговаравме како да ги имплементираме во нашите активности. Ги запознав учениците со безбедно користење на интернет и законот за кршење на авторски права при превземање на текст и слики и ги насочував на безбедни веб-сајтови. Учениците истражуваа, користеа различни алатки, соработуваа, беа креативни и одговорни. Активностите се реализираа во текот на редовните часови и како воннаставни активности.
Учениците учествуваа во различни проектни активности (изработка на лого, постери и презентации; пишување пораки, ученички творби, колаборативни приказни; собирање отпад и рециклирање; итн.). Активностите вклучуваа употреба на дигитални алатки (Canva, Face.co, Padlet, Digipad, BeakingNews Generator, Pixabay, Book Creator, Adobe Express, Lino, Kahoot). Соработувавме со ЈУНП Галичица (Ден на еТвининг), здружението на граѓани Енхелеус Лихнид, Охрид (активности по повод Светскиот ден на водата) и невладината организација Слоу Фуд (Акција Фрли цветна бомба). Учениците селектираа отпад, рециклираа и изработија постер „3Р – Редуцирај, реупотреби, рециклирај“. Постерот го поставивме во еТвининг катчето во ходникот на нашето училиште со надеж дека ќе влијание врз менување на нашите навики и ќе почнат да се применуваат трите принципи на циркуларната економија. Финален продукт на проектот е изработка на е-книга со приказни на тема иднината на планетата Земја. Имајќи го во предвид технолошкиот напредок и продирањето на вештачката интелигенција во образованието проектните партнери се договорија една од активностите да биде имплементација на вештачката интелигенција (ChatGPT и DALL-E-2) кои ни помогнаа во генерирање на содржините на приказните и илустрациите. На овој начин се поттикна висококвалитетното користење на вештачката интелигенција. Акцент беше ставен и на негативните ефекти од користењето и злоупотребата на таквите алатки со цел да се подигне свеста за правилна употреба на новите технологии.

Ги мотивирав учениците и ги охрабрував при секоја нивна активност која се реализираше во проектот. Ги собирав изработките од учениците кои тие ми ги испраќаа и ги поставував на Twinspace и на мојата веб страница, изработив сертификати за учениците за успешно учество во проектот, спроведов евалуација на крајот на проектот. Извршив дисеминација на проектот пред родителите, училиштето, но и пред пошироката заедница. Во рамките на проектната настава покрај содржини кои се од подрачјето на природните науки и биологијата, содржините и активностите имаа интердисциплинарен пристап и се интегрирани со СТЕАМ едукацијата.

**Интеграција на проектот со наставната програма**

При реализацијата на проектот е направена интеграција со наставните предмети: Природни науки (теми: Грижа за животната средина и Синџири на исхрана), Биологија (теми: Варијабилност и Класификација на организмите), Образование за животни вештини (теми: Јас - личен развој, Јас и другите - општествени односи и Јас и околината - однос со надворешната средина). Интеграција има и со други наставни предмети: информатика, хемија, физика, македонски јазик, англиски јазик, граѓанско образование, ликовно образование.

Учениците спроведуваа истражувања, собираа информации, развиваа и применуваа свои идеи и го анализираа и синтетизираа своето знаење. Имаа можност да работат како тим, да разменуваат информации, да носат колективни одлуки и да решаваат проблеми. Учениците ја зголемија својата самодоверба и ги проширија своите усни и писмени вештини. Исто така, тие се стекнаа со дополнителни знаења за користење на различни веб алатки. Го искористија своето знаење и искуство да размислуваат креативно и ги подобрија своите вештини за критичко размислување. Се едуцираа како безбедно да ја користат информатичко-комуникациската технологија и да го почитуваат законот за заштита на авторските права.

**Соработка меѓу партнерски училишта**

Во текот на реализацијата на проектот се одржуваа редовни состаноци преку Zoom. Исто така, партнерите беа во постојана меѓусебна комуникацијата преку WhatsApp група. Документите, активностите и изработките беа поставувани на Twinspace, Facebook, Wakelet, WhatsApp, Padlet каде што другите проектни партнери можеа да ги погледнат и искористат нашите идеи. Ги разменувавме нашите идеи и ги споделувавме изработките на учениците. Активностите што ги споделија проектните партнери најдоа соодветна примена во креирањето на моите активности во рамките на проектот и воопшто во наставата. Беше креирана и веб страница за проектот (Google site). Беше формиран интернационален тим од наставници и ученици од сите партнерски училишта со цел пишување на приказната Нова надеж на природата. Финален колаборативен продукт на проектот е е-книга со приказни на тема иднината на планетата Земја (имплементација на вештачка интелегенција).

**Употреба на технологија**

Учениците добија инструкции како безбедно да го користат Интернет и ги обучив како да ги користат планираните веб алатки. Пополнуваа влезни и излезни анкети, играа игри и учествуваа во гласање (Google Forms, Kahoot). За да се претстават Padlet, тие креираа аватари во Face.co. Bitmoji аватарите ги употребивме при изработка на нашата е-книга „Ден на планетата Земја“ - Ученички творби која беше изработена во Book Creator. Тие работеа и на дигиталната плоча Digipad каде ги напишаа своите размислувања за причините и последиците од уништувањето на планетата Земја, начините за нејзина заштита, еколошката свест на луѓето итн. Изработија логоа во Canva, а потоа гласаа за тие што најмногу им се допаѓаат. По повод Светскиот ден на

водата пишуваа пораки во BreakingNews Generator, а Pixabay го користеа за преземање на фотографии. Изработуваа презентации (Canva), а ChatGPT и DALL-E-2 го искористивме за генерирање на приказни и илустрации на тема иднината на планетата Земја. Користивме веб алатки за да ни помогнат да ги постигнеме целите на проектот, а изборот на веб алатки беше според возраста и интересите на учениците. Сите ученици се најавени воTwinspace на проектот и одговараа и дискутираа на ESEP. Пратењето на проектот се водеше на мојата веб страница, но и на Padlet иTwinspace. Сите родители беа запознаени со работата во проектот и потпишаа согласности дека учениците ќе бидат фотографирани во тек на активностите (за нивна заштита учениците се фотографирани позади, не гледајќи се нивното лице, не постои поврзаност на сликата со личните податоци на ученикот).

**Резултати и дисеминација**

Научените веб алатки, како и наученото од часовите, го применивме во реализација на активностите од проектот, но и како работни задачи со кои се поттикнуваше креативноста кај учениците. Учеството во проектот го промовиравме во нашето училиште и во локалните медиуми. Воедно направивиме афирмација и промоција на нашето училиште во рамките на eTwinning зедницата, како и надвор од нашите граници, што е од особена важност за развој на истото.

Проектот го презентирав пред родителите, но и пред сите вработени во училиштето. Дисеминацијата на проектот во училиштето беше од страна на менторот и учениците-учесници во проектот. Учениците го оценаа проектот со одлична оцена. Сите ученици искажаа желба и наредната година да учествуваат во еТвининг проекти. Во текот на проектот се развиваа вештини за користење на информатичко-комуникациската технологија, се поттикнуваше меѓусебното почитување, критичкото и иновативното размислување, се развиваше самодовербата и еколошката култура кај учениците.

**Сертификати**

Менторот и сите ученици се здобија за сертификати за учество во проектот My Plan@.







**Извештајот го изготви:**
**Татјана Лошкоска**
**наставник по природни науки и биологија**

**Математика низ стрип и карикатура**

**еТвининг проект**

Невообичаениот спој на математиката, уметноста и литературата во ООУ „Кочо Рацин“ од Охрид започна да се имплементира во текот на второто полугодие во учебната 2022/2023 год. преку eTwinning проектот „Математика низ стрип и карикатура“. Проектот нè поврза да соработуваме со партнерски училишта од 5 различни земји: Македонија, Хрватска, Босна и Херцеговина, Србија и Турција. Тимот  составен од менторите Силвана Крстеска (Математика), Богоја Мојсоски (Ликовно образование) и Фила Вероска-Стојковска (Македонски јазик) работеше со 14 исклучително талентирани  ученици од предметна настава.

Интеграцијата на математиката, уметноста и пишаниот збор надополнати со користење ИКТ алатки резултираше со креирање различни ученички изработки (лого, карикатура, стрип). Учениците во текот на целиот проект тимски работеа учејќи најпрво како да се заштитат себе и своите лични податоци на интернет при што креираа аватари, се запознаа со законот за авторски права и кои слободни ресурси можат да ги користат. Имаа интегрирани часови за стрип на кои се запознаа за структурата на стрипот и како можат да креираат стрип користејќи ИКТ алатки (Pixton, Canva и др.). Исто така имаа часови за цртање карикатури кои беа интегрирани во наставната програма по Ликовно образование, а во корелација со Математика и Македонски јазик. Креациите кои ги изработија учениците беа претставени на заедничка изложба на стрипови и карикатури во холот на училиштето која ја посетија сите ученици во училиштето. По гласањето, најдобрите стрипови и карикатури го претставуваа училиштето на завршната манифестација Регионовизија.(гласање по евровизиски принцип – вклучени беа училиштата, односно учениците кои доделуваа бодови и се гласаше за најдобри стрипови и карикатури во три категории: одделенска настава, предметна настава и средно образование).
На 6.6.2023 се одржа Регионовизија за стрип – кулминација на проектот беше освоеното ВТОРО МЕСТО за стрипот „Математичка цедевита“ (категорија предметна настава) од шестоодделенките Бојана Митоска, Јана Спироска и Магдалена Танаскоска под менторство на Фила Вероска-Стојковска, а и останатите два стрипа високо котираа во конкуренција од 60 стрипа од 25 училишта. На 7.6.2023 се одржа Регионовизија за најдобри карикатури на којашто карикатурите на нашите ученици имаа успешен пласман.

Особено радува фактот дека учениците преку спроведената евалуација, овој забавен и едукативен проект високо го оценија и покажаа желба идната година повторно да учествуваат на ваков или сличен проект.

Математика + стрип + креативност + соработка во рамките на училишниот тим = успех!






**Силвана Крстеска**
**Фила Вероска-Стојковска**
**Богоја Мојсоски**

**FamousFemaleMathematician 6**

Проектот е наменет за деца од основно и средно училиште. Преку негова имплементација, дискутиравме за улогата на жената во современиот свет и во минатото. Фокусот на проектот е ставен на соработката во рамките на меѓународните тимови. Проектот е наменет да биде интердисциплинарен и на забавен начин да реализира содржини од бројни училишни предмети: математика, предмети од јазичната група: македонски јазик, српски јазик, англиски јазик, ликовно образование, животни вештини, информатика. Посебно внимание се посвети на соработката помеѓу учениците и овие активности беа дизајнирани така што е максимизирана соработката и учењето меѓу врсниците.

Во овој еТвининг проект беа вклучени 9 ученици ( 7 од VII и 2 од VIII ) под менторство на наставничката по математика Силвана Крстеска

Преку најразлични активности соработуваа 13 училишта од 4 земји од регионов Босна и Херцеговина  (4), Хрватска(4), Србија (3), Македонија (1). Со поврзување на учениците околу идејата познати жени математичари, учениците се стекнаа со компетенции за тимска работа, истражување за учење и ИКТ компетенции. Научија бројни интересни факти за познати математичари кои живееле во минато или творат во сегашноста. Преку работа во работилници, учениците  соработуваа во реализацијата на планираните задачи. Учениците го одбележаа Денот на побезбеден Интернет како основа за правилна употреба на дигитална содржина и Интернет запознавајќи се со поимот Copyright, исто така го одбележаа и меѓународниот Ден на жената со што им оддадовме почит на сите жени во науката.

Проектот е награден со Национална Ознака за Квалитет, што значи дека работата на учениците и менторот во остварување на целите на проектот се оценети највисоко на државно ниво. Со добивањето на оваа ознака учениците и менторот се здобија за право да учествуваат и во добивање на Европска Ознака за Квалитет.




**Силвана Крстеска**
**наставник по математика**

**Програма „Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем“**
**Активности на Еко-одбор**

Според Годишна програма за работа на еко одборот се реализираа повеќето од предвидените активности. Активностите се реализираа во рамки на проекти од областа на екологијата, активности и работилници во соработка со научни институти, невладини организации и здруженија и активности преку еколошки работилници. Наставниците реализираа еколошки содржини интегрирани во планирањата за реализација на годишните програми. Се одбележаа деновите предвидени со еко календарот.

**Проекти од областа на екологијата**

**Climate Action Project (Проект за климатски акција) – Меѓународен проект**. Реализацијата се одвиваше во временски период од шест недели (во октомври и почетокот на ноември). Учествуваа ученици од V/1 (ментор Виолета Петковска), VII/1 (ментор Силвана Крстеска), VIII/1 (ментор Јованка Анѓелкоска), VIII/2 (ментор Татјана Лошкоска). Учениците во тек на шест недели ги истражуваа причините и ефектите од климатските промени, дискутираа, создаваа и се обидуваа да најдат решенија за проблемите. Тие учествуваа во активности кои имаат главна цел намалување на климатската криза - возеа велосипеди, го собираа отпадот, се грижеа за растенијата, изработија саксии за цвеќиња, пресадуваа цвеќиња, пишуваа еко-пораки. Присуствуваа на вебинарот Lego Build The Change, користеа ЛЕГО коцки, користеа рециклирачки материјали за различни изработки итн. Завршната проектна активност „Од тажните капачиња до весела детска игра" беше изработка на плочки со броеви кои се поставија во училишниот двор и сите ученици можат да си играат на нив. За проектот е подготвен посебен извештај.






**My Plan@ (Мојата планета, Мојот план за поубава планета) – еТвининг проект.** Во него беа вклучени 16 ученика од VI и VII одделение кои членуваат во Клубот на екологисти „Магнолија“. Учениците работеа под менторство на наставничката Татјана Лошкоска. Се реализираа различни проектни активности (изработка на постери и презентации; пишување пораки, ученички творби, колаборативни приказни; собирање отпад и рециклирање; итн.). Активностите вклучуваа употреба на различни дигитални алатки, а како краен продукт на проектот е изработка на е-книга со приказни на тема иднината на планетата Земја. За проектот е подготвен посебен извештај.







**Соработка со јавни установи**
**ЈНУ Хидробиолошки завод – Охрид**
**Живите организми и нивната животна средина -** Едукативната работилница се реализира од страна на ЈНУ Хидробиолошки завод и е во рамки на проектот "Искуствено учење за едукација за животна средина и климатски промени". Проектот го спроведува МЕД, а е во координација со UNICEF и обезбедена финансиската поддршка од Шведска. Под менторство на Татјана Лошкоска учествуваа учениците членови на Клубот на екологисти и ученици учесници на натпреварите по биологија. Учениците се запознаа со различни типови водни живеалишта, нивните физички и хемиски карактеристики, различни видови организми кои имаат специфична улога и заземаат посебно место во самото живеалиште преку адаптација, интеракција и сл. Учениците имаа несекојдневна можност да бидат дел од теренско набљудување, мерење, колекционирање на материјал за лабораториска обработка и лабораториска анализа на колекционираниот материјал кои им помогнаа на учениците сами да ги осознаат условите во животната средина како и животните заедници во истражуваните живеалишта.





**ЈУНП Галичица Работилница**
**„Екосистеми и екосистемски услуги“.**
Работилницата ја спроведоа вработените во ЈУНП Галичица, а учествуваа неколку ученици од IX одделение Учениците се здобија со сертификати.




**Активност - процес „Граѓанска наука“** (дел од проектот Натура 2000, спроведуван од Министерство за животна средина и просторно планирање), ЈУНП Галичица.
Нашето училиште им овозможи на претставниците на ЈУНП Галичица да присуствуваат во нашето училиште и да нѐ запознаат со најновите активности, а ние (учениците и наставниците) ветивме дека ќе го дадеме својот придонес во овој научен процес. Наставници: Наташа Неданоска и Бобан Блажески.
**Се запознаваме со микробилки** - ЈУНП Галичица, секторот за образование и едукација.
Нашите ученици од IX одделение беа дел од оваа работилница и се запознаа со супер храната микробилки, дојдоа до заклучок за придобивките од нејзино консумирање, направија дистинкција во нутритивните вредности од микро билка наспроти производот од истата култура. За крај, научија како се одгледуваат микро билки, па врз хумусна земја, посеаја семе, наводнаа и го обложија садот со фолија. Во својата училница уредија катче во кое сами ќе се обидат да си произведат микро билки. Наставници: Ленче Грунческа и Наташа Неданоска.
**Природните и културните вредности во изворите на Св. Наум** – Работилница се реализираше од страна на ЈУНП Галичица во рамки на проектот „Извори Св. Наум – биолошка и инвентаризација на екосистемските услуги“, поддржан од АБРДН фонадација и УНЕСКО канцеларијата во Венеција. Учесници беа дел од Еко-клубот при нашето училиште, предводени од наставничката Татјана Лошкоска и ученици од IX и VII одделение, од подрачно и централно училиште, под менторство на наставничката Наташа Неданоска. Учениците се запознаа со целиот растителен и животински свет кој се наоѓа во и околу изворите Св. Наум; дознаа зошто изворите се толку значајни, што значи УНЕСКО статус, каков е квалитетот на вода во изворите Св. Наум и зошто треба да бидат под строга заштита; се запознаа со начинот на колекционирање без'рбетна фауна од изворите

Св. Наум; разгледуваа различен материјал донесен од изворите и ги детерминираа истите со помош на микроскоп во лабораторија; ги осознаа културните вредности околу изворите Св. Наум.

**Млади ренџери – искуствено учење во ЈУНП Галичица на Светскиот ден на животната средина.**

Работилницата се реализира во рамки на проектот "Воспоставување Мрежа за искуствено учење и спроведување на првата годишна програма за едукација за животната средина и климатски промени", UNICEF MK, МЕД/MES. Присуствуваа учениците од IV-3 и V-3 одделение. Содржеше неколку активности долж едукативната патека Галичица на дланка-Активност Опис на простор: Внесување име на локалитет, Земање GPS координати и надморска висина, Мерење температура, брзина на ветар и влажност, Мерење дијаметар на стебла, Истражување, утврдување на видово разнобразие во истражуваниот локалитет; Активност Во улога на млад ренџер: Осознавање како треба да се однесуваме во национален парк, Кои се природните и културните вредности во НП Галичица, Што треба да понесеме кога одиме на терен, Забележување неправилности во НП Галичица.

**Соработка со невладини организации и граѓански здруженија**

**Соработка со Eco–Logic.**

Нашите ученици беа новинари – истражувачи и за потребите на Erasmus+ проектот GREEEN (Games, Resources, Environment, Entrepreneurship and Education Network) се вклучија во делот: online весник. Вклучени беа 10 ученика кои поделени во две групи, секој со свое задолжение, напишаа статии на следниве теми: Климатски промени и Отпад од храна. Ментор: Наташа Неданоска.

**Соработка со Слоу Фуд Охрид,**

**Акција „Фрли цветна бомба“**- да ги зачуваме пчелите, да го зачуваме биодиверзитетот. По повод денот на пролета и денови на екологијата со учениците од Клубот на екологисти, во мешан состав, од предметна настава, членовите на Слоу Фуд Охрид одржаа интерактивна работилница која се состоеше од: Што претставува Slow Food Macedonia и Slow Food Ohrid и кои се нивните цели, мисија и визија; Мини промоција на списанието за деца „ПОЛЖАВЧЕ“; Што се цветни бомби? Која е идејата за нивна подготовка? Какво влијание имаат врз биодиверзитетот? Што ќе се постигне од оваа акција? (модератор-едукатор: Наташа Неданоска- член на Slow Food Ohrid и наставник по македонски јазик во ООУ „Кочо Рацин“- Охрид); Работилница за изработка на цветни бомби Наставници: Татјана Лошкоска и Ленче Грунческа.

**Соработка со здружението Енхелеус Лихнид, Охрид**

– По повод Светскиот ден на водата учениците од Клубот на екологисти имаа кратко предавање за значењето на водите, живиот свет во нив, загадувањето, негативните последици и важноста на зачувувањето на природните богатства. Учениците собираа отпад по течението на реката Сушица во рамките на своите можностите на учениците. Ментор: Татјана Лошкоска.

**Работилници со еколошки содржини**

**Есенска работилница** - Месец и половина, патувавме со есента. Секојдневно учевме по нешто за неа. Зошто лисјата паѓаат? Што има во зеленчуковата градина? А што во овошната градина? Како есента ја облекува природата? Реализатори на работилницата беа наставниците: Виолета Петковска (V-1 одделение) и Елена Димоска (I-2 оделение). Дел од активностите се реализираа во затворена училница и дел во училишниот двор. Учениците од I-2 и V-1 неуморно и со воодушевување собираа лисја, заеднички лепеа,сечеа,боеја. Одбравме есенска кралица, пеевме преснички за убавините кои таа ги носи со себе, се украсивме со есенски венчиња.

**Новогодишни работилници** – соработка со родители.
Реализирани се голем број на новогодишни работилници. Дел од изработките беа употребени за украсување на училиштето, а со другиот дел учениците се претставија на продажната акција во склоп на патрониот празник на училиштето.
**Работилници по повод 8 Март**
– Во нашето училиште беа реализирани работилници за денот на жената, а инспирација на работилниците беше мајката.
**21 Март - Денот на пролетта и екологијата во нашето училиште**
**Пролетно разубавување**: забавно-едукативни игри во училишниот двор. Учениците од шесто до деветто одделение го разубавија училишниот двор за најмалите кои ќе можат на забавен начин да ги поминуваат одморите и часовите по физичко образование. Наставници: Богоја Мојсоски, Јованка Анѓелкоска и Наум Јанкулоски.
**Заеднички активности помеѓу учениците и наставниците**:
Во централното и во подрачното училиште се изведоа заеднички активности помеѓу учениците и наставниците: се засадија разновидни цвеќиња, се чистеше училишната околина, се пишуваа еколошки слогани: Нека секој ден биде екологија; Нашето училиште, градина цветна; Во чиста средина, здрав живот. Истите беа истакнати на училишните паноа, како потсетник на успешно изведена акција.
**Еколошка едукација на наставници**
**Обука ,,Искуствено учење за животна средина и климатски промени за наставниците по природни науки".**
Проектот е организиран од УНИЦЕФ, а финансиран од владата на Шведска. Обуката беше реализирана во 4 дела во ООУ Христо Узунов – Охрид. Учесници беа наставниците: Татјана Лошкоска, Сузана Коческа, Ленче Грунчевска и Виолета Коцаре.

**Координатор на Програмата:**
**Татјана Лошкоска**

## 15. Извештај за Поддршка на учениците

### 15.1. Постигнување на учениците

**КВАНТИТАТИВЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА УЧЕБНА 2022/2023 ГОДИНА**

Во рамките на извештајот за успехот и постигнувањата во воспитно-образовниот процес, анализиран е успехот во поглед на средниот и општиот успех.

**Од прво до трето одделение** учениците се оценуваат описно.

Активностите на оценувањето подразбираат континуирано следење на психофизичкиот напредок, социјализацијата и едукацијата на учениците и редовно евидентирање на постигнувањата.

**Четврто одделение**

Среден успех централно – 4,26

Подрачно – 4,55 **на ниво на училиште – 4,405**

**Петто одделение**

Среден успех централно 4,61

Подрачно 4,64 **на ниво на училиште 4,625**

**Среден успех од 4 до 5 одделение изнесува 4,51**

**Шесто одделение**

Среден успех централно   4,21

Подрачно     4,41     **на ниво на училиште   4,31**

**Седмо одделение**

Среден успех централно – 4,45

Подрачно –  4,30     **на ниво на училиште   4,37**

**Осмо одделение**

Среден успех централно –  4,08

Подрачно –  3,60     **на ниво на училиште     3,84**

**Деветто одделение**

Среден успех централно   4,34

Подрачно –  4,22     **на ниво на училиште  4,26**

**Средниот успех од шесто до деветто одделение изнесува   4,195**

**Среден успех од четврто до деветто одделение изнесува    4,301**

**Општ успех на ниво на училиште**

| Одд. | м | ж | Вкупно | Одлични | Мн.добри | Добри | Доволни | Недоволни |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 23 | 26 | 49 | | | | | |
| 2 | 23 | 20 | 43 | | | | | |
| 3 | 21 | 31 | 52 | | | | | |
| 4 | 17 | 17 | 34 | 17 | 7 | 9 | - | (еден ученик не е оценет ) |
| 5 | **22** | **14** | **36** | **26** | **6** | **3** | **/** | (еден ученик не е оценет) |
| **1-5** | **106** | **108** | **214** | **43** | **13** | **12** | | |
| 6 | 20 | 25 | 45 | 19 | 18 | 8 | | |
| 7 | 22 | 19 | 41 | 24 | 10 | 7 | | |
| 8 | 30 | 17 | 47 | 19 | 12 | 15 | | |
| 9 | 20 | 22 | 42 | 19 | 17 | 6 | | |
| **6-9** | **92** | **83** | **175** | **81** | **57** | **36** | **-** | |
| **1-9** | **198** | **191** | **389** | **124** | **70** | **48** | | **(двајца ученици не се оценети)** |
| **1-9** | | | **100%** | | | | | **00,67%** |

**Табела бр.1 – Број на ученици и општ успех(од вкупно ученици кои се оценети со бројчана оценка)**

**Среден успех по предмети – предметна настава**

| | |
|---|---|
| 1.Македонски јазик | **4.02** |
| 2.Англиски јазик | **3.9** |
| 3.Германски јазик | **3.87** |
| 4.Математика | **3.91** |
| 5.Информатика | **4.58** |
| 6.Природни науки | **4.28** |
| 7.Општество | **/** |
| 8.Историја и општество( 4 одд.) | **4.34** |
| 9. Слободни изборни предмети (4 одд.), Фигури од хартија-Велосипедизам, Оригами, Мултикултурализам, Кошарка | **4,29**<br>**5,00**<br>**5,00**<br>**4,77**<br>**4,86** |
| 10.Историја | **3.82** |
| 11.Географија | **3.84** |
| 12.Биологија | **4.64** |
| 13.Хемија | **3.75** |
| 14.Физика | **3.45** |

| | |
|---|---|
| 15.Ликовно | **4.75** |
| 16.Музичко | **4.76** |
| 17.Физичко | **4.95** |
| 18.Т.О | **4.71** |
| 19.Запознавање со религии | **4.33** |
| 20.Етика | **4.47** |
| 21.Граѓанско образование | **4.05** |
| 22.Иновации | **4.41** |
| 23.То Изборен | **/** |
| 24.Работа со компјутери | **/** |
| 25.Програмирање | **4.51** |
| 26.Проекти (ликовно) | **5** |
| 27.Проекти (музичко) | **4.92** |
| 28.Вештини на живеење | **5** |
| 29.Творештво | **/** |
| 30.Техничко образование и информатика | **4.73** |

**Табела бр.3 Среден успех на ниво на училиште по предмети**

**Планирани и реализирани часови**

| Часови | Одделенска настава | Предметна настава | Вкупно |
|---|---|---|---|
| Планирани | 1- вкупно 2124<br>2 вкупно 2307<br>3-вкупно 2880<br>4-вкупно 1872<br>5- 2917 | 6 вкупно 2268<br>**7 / 3024**<br>**8 / 3384**<br>**9 / 3395** | **12.100**<br>**12 071**<br>**24171** |
| Реализирани | 1-- вкупно 2165<br>2- вкупно 2307<br>3- вкупно 2880<br>4- вкупно 1872<br>5 вкупно 2752 | 6 вкупно 2268 | **12 100**<br>**12 071** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | **7 / 3024**<br>**8 / 3384**<br>**9 / 3395** | **24 171** |

**Табела бр.4 планирани и реализирани часови од задолжителна настав**

| **Часови** | **планирани** | **реализирани** | |
|---|---|---|---|
| **1-5** | **12 100** | **12 100** | |
| **6-9** | **12 071** | **12 071** | |
| **Вкупно 1-9** | **24 171** | **24 171** | |

**Табела 4-1, Планирани и реализирани часови; збирно**

**Изостаноци на учениците**

| | Оправдани | Неоправдани | Вкупно |
|---|---|---|---|
| Одделенска настава | 1655 | 805 | 2460 |
| Предметна настава | 1329 | 44 | 1373 |
| **Вкупно** | **2984** | **849** | **3833** |
| | | | |

**Табела бр.5 – изостаноци на учениците**

**Слободни ученички активности**

Во рамките на слободните ученички активности реализирани се вкупно **905 часови.**

**Педагошки мерки**

| Педагошка мерка | м | ж | Вк. | |
|---|---|---|---|---|
| Укор | - | - | - | |
| Усмена опомена | 1 | - | 1 | |
| Писмена опомена | 1 | - | 1 | |
| Намалено поведение | - | - | - | |
| Префрлање во друга паралелка | - | - | - | |
| Префрлање во друго училиште | - | - | - | |
| Вкупно | 2 | - | 2 | - |

**Поведение :** Сите ученици се со примерно поведение.

Напомена:1 ученик не е оценет (Во странство) Стефан Костоски

Еден ученик од четврто одделение е неоценет, поради неоправдано отсуство од настава и неможност да се изведе оценка.

**Ученикот Виктор Настоски посетуваше Класен испит и има просек од 2,25.**

## 15.2. Професионална ориентација на учениците

Во текот на учебната 2022 / 2023 година, директорот и наставниот кадар, во континуитет работеа на полето на професионалната ориентација на учениците. Имено, професионалната ориентација се реализираше преку имплементирање на теми во наставните содржини.

Од 8.03.2023 год. па се до крајот на учебната година директорот организираше Мотивирачки трибини **„И јас сум од Кочо Рацин“** (вкупно 10) со цел учениците да се мотивираат во изборот на понатамошното образование според афинитетите кои ги поседуваат. Трибините се одржуваа во просториите на **Младински центар- Охрид**, а гости на истите беа наши поранешни ученици, сега успешни во својата кариера.

Во просториите на Младински центар, учениците учествуваа и на работилница за кариерно советување **„Мојот кариерен избор“** која ја реализираа Марија Коваческа и Ана Топенчарова Коваческа, меѓународно сертифицирани советници за развој на кариера.

Стручната служба во соработка со одделенските раководители на училиштето, информира за објавениот Конкурс за за упис во средно училиште.

Стручната служба на училиштето спроведе анкети за професионална ориентација на учениците во деветто одделение, а анкетите се анализирани од квантитативен и квалитативен аспект.

Во реализирањето и анализата на анкетите за професионална ориентација, се согледаа одлуките за упис на учениците од деветто одделение во средните училишта, како и факторите кои влијаат при изборот на средно училиште, како и потенцијално занимање.

Училиштето соработуваше со средните училишта во Општина Охрид, кои спроведоа презентации за наставните планови и програми на училиштата.

## 15.3. Промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство, од злоупотреба и запуштање, спречување дискриминација

Во училиштето има изготвено програма за превенција на насилно однесување, со цел намалување на асоцијалното и насилното однесување, обезбедување сигурност и доверба меѓу учениците, зголемување на степенот на меѓусебно разбирање и толеранција, оспособување за решавање конфликтни ситуации, во кои учествуваат учениците преку индивидуални и групни

активности Училишниот тим за намалување на насилното однесување на учениците прави детектирање на видовите насилно однесување во училиштето, местата каде се случуваат и презема соодветни мерки за нивно сузбивање и намалување. Стручните соработници и наставниците остваруваат советодавна работа со учениците-жртви на насилно однесување и учениците кои манифестираат насилно однесување, како и со нивните родители, со цел надминување на ваквите појави. Директорот на училиштето е должен да го пријави до надлежните институции секој облик на насилство, злоупотреба или занемарување сторено врз ученик од страна на друг ученик, родител / старател, наставник, стручен соработник или кое било друго лице вработено во училиштето. Во соработка со родителите и релевантни институции се спроведуваат активности во училиштето во кои учествуваат родителите, учениците и наставниците, со цел да се придонесе за подобрување на социо-емоционалната состојба на учениците. Во текот на учебната година се реализираа: предавања, разговори и работилници на часот по одделенска заедница, со стручните соработници, со одделенските раководители и со надворешни стручни лица во врска со превентива од болести (заштита, зараза, зависност). Училиштето остварува соработка со релевантни институции: МВР, Центарот за социјална работа, здравствени установи за безбедност преку одржување едукативни работилници за учениците.
Училиштето исто така има донесено Протокол за физичка заштита на учениците како и Протокол- Правилник за постапка за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување.

**16. Оценување**

Учениците континуирано во текот на целата учебна година се следат и се оценуваат. Се оценуваат нивните знаења, вештини и умеења како и нивното поведение. Во текот на целата учебна година учениците се оценуваат дијагностички и формативно, а на полугодие и на крај на учебната година сумативно. Учениците од I до III одделение во текот на целата учебна година се оценуваат описно, учениците од IV до VI одделение во I и III наставен период се оценуваат описно, а на полугодие и на крај на учебна година бројчано. Учениците од VII – IX одделение се оценуваат бројчано во текот на целата учебна година.

**16.1. Видови оценување и календар на оценувањето**

Постигањата на учениците во основното училиште се оценуваат описно и бројчано. Во училиштето постои интерно оценување на постигнувањата на учениците согласно Законот за основно образование. Интерното се одвива континуирано во текот на целата учебна година со анализа на состојбите во четири класификациони периоди.
Оценувањето како една од најважните компоненти на наставниот процес која се користи за следење и подобрување на поучувањето и учењето, се изведуваа континуирано од првиот, па се до третиот период.
По предметите за писмено оценување наставниците прават план, имајќи ги предвид законските ограничувања (дневно најмногу по едно, а седмично по две писмени работи).
План за писмено проверување на постигањата на учениците по предмети и одделенија изготвуваат одделенските и предметните наставници и го заведуваат во дневниците.

Во текот на наставно – воспитната работа наставниците го следат напредувањето на секој ученик поединечно со индивидуален пристап во работата.
Од наставниците се очекува да вршат континуирано писмени проверки на знаењата на учениците каде ќе бидат имплементирани критериумите и стандардите во оценувањето.
Наставниците го планираат и вршат оценувањето квартално – сумативно оценување, со примена на различни методи на сумативно оценување, а во текот на годината оценуваат формативно како би се подобрило нивото на знаењата на учениците и формативните методи се користат за сумативни цели како би се овозможило континуитет и релијабилност во оценувањето.
Унапредувањето на оценувањето на учениците во училиштето се врши со посета на разни семинари, обуки за Примена на стандардите за оценување на постигањата на учениците, семинари за сумативно и формативно оценување на учениците, а на ниво на училиште беа донесени потребни акти – Кодекс за оценување, Критериуми за оценување на ниво на училиште и поставени стандарди и критериуми по секој предмет.
Секој наставник води досие за учениците кое што содржи ученички изработки со цел перманентно следење на учениците и формирање објективна оценка. Дел од изработките на учениците се и елемент на професионалното досие на наставникот. Во професионалното досие на наставникот исто така се вклучени и планирањата и преземените активности за реализација на редовната настава и воннаставните активности.
Оценувањето на учениците се врши според критериуми и стандарди утврдени од страна на Министерството за образование и наука и Бирото за развој на образованието. Согласно концепцијата за деветгодишно образование учениците се оценуваат описно и нумерички според три периоди:
Учениците кои се опфатени во првиот период I-III одделение се оценуваат со описни оценки. Со описното оценување се дава приказ на постигањата на учениците по предмети и опис на социјализацијата и развојот на детето.
Учениците кои се опфатени во вториот период IV-VI одделение се оценуваат со описни и нумерички оценки. На крајот од првото и третото тримесечје и на полугодие добиваат описни оценки, а на крајот од учебната година добиваат нумерички оценки, се со цел полесно адаптирање кон преминот во третиот период на деветгодишното образование.
Учениците кои се опфатени во третиот период VII-IX одделение се оценуваат само со нумерички оценки.

**16.2. Тим за следење, анализа и поддршка**

Следење, анализа и поддршка при усогласувањето на оценувањето со предвидените стандарди врши директорот и стручната служба. Тимот за следење и проверка на усогласеноста на оценувањето со предвидените стандарди има изготвено програма за посета на часови и има обврска преку посетата на часови и изготвување на протоколи и евидентни листи да го следи имплементирањето на стандардите и критериумите за оценување на учениците. Со стандардите и критериумите за оценување се запознаени учениците и родителите. Одделенскиот наставник, односно раководител на паралелката е должен да го извести родителот за успехот на ученикот најмалку двапати во секое полугодие. Годишните оценки одделенскиот, односно

раководителот на паралелката на родителите ги соопштува на родителска средба која се одржува три дена по денот на одржувањето на наставничкиот совет на кој се утврдуваат годишните оценки на учениците.
Во секој класификационен период се одржуваат родителски средби на кои одделенскиот раководител ги известува родителите за постигнатите резултати на учениците. За време на родителските средби во училиштето се присутни и предметните наставници кои се подготвени да им дадат образложение на родителите за некое прашање. (Освен информирањето за постигањата на крајот на пропишаните периоди (тримесечја, полугодие, крај на година) родителите добиваат редовни информации во усна или писмена форма (на индивидуални средби, писмени белешки, листи за проверка, коментари на пишани трудови на учениците и сл.).
Педагогот изготвува извештај за успехот на учениците по одделенија, предмети, пол, етички состав и наставен јазик квартално по тромесечија, на полугодие и на крајот на годината според податоци добиени од одделенските раководители како и за поведението и редовноста на учениците по одделенија, пол, етички состав и наставен јазик. Анализа на состојбите со оценувањето се прави по активи и согласно на тоа се дава поддршка за подобрување на резултатите.

## 16.3. Извештај за Стручни посети за следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно-образовниот кадар

Воспитно-образовниот процес во училиштето се следи од страна на директорот и стручните соработници – педагог и психолог. Ова следење е планирано во нивните програми за работа. Со овие стандарди и критериуми се одредува динамиката и карактерот на следењето и вреднувањето.
Термините на посета на наставните часови беа флексибилни и се определуваа и согласно пројавените потреби и проценки на Комисијата за следење и унапредување на наставно-воспитниот процес.

## 16.4 Извештај за Самоевалуација на училиштето

Согласно законот за Основно образование на крајот на секоја втора наставна година училиштето врши самоевалуација.. Самоевалуацијата се спроведува во три фази:
-подготвителна фаза (се врши определување на методи, техники и инструментите за самоевалуација и се прибавува документацијата потребна за вршењето на самоевалуацијата);
-фаза на реализација (се врши анализа на податоците и документацијата, се добиваат и се усогласуваат добиените наоди, се подготвуваат поединечни извештаи и за самоевалуација и заеднички нацрт извештај за спроведената самоевалуација);
-фаза на известување и усвојување (се обезбедува достапност на нацрт извештајот за Наставничкиот совет, Совет на родители, ученици, директорот на училиштето и Училиштен одбор кои можат да доставаат забелешки за нацрт извештајот за спроведената самоевалуација).

Во самоевалуацијата на училиштето се вклучени сите наставници кои работат во тимови поделени по подрачја. Резултатите од самоевалуацијата се земаат во предвид при изготвување на план за развој на училиштето со цел да се обезбеди квалитет на наставата.
Во текот на годината се организираа состаноци за насоки до одговорни на подрачја на Самоевалуацијата за изготвување на анкетни прашалници за ученици, родители, наставници и стручни соработници и истите беа спроведени, се прибираат и групираат податоците за самоевалуација и се прибавува документацијата потребна за вршењето на самоевалуацијата на училиштето.

## 17. Извештај за Безбедност во училиштето

Училиштето располага со противпожарни апарати кои се поставени на видно место во училиштето и на секој од нив е ставено упатство за употреба. Учениците редовно се информирани и обучувани како да се однесуваат во случај на опасност. Училиштето има изработено план за движење при евакуација кој е истакнат на видни места. За заштита и безбедност на просториите во училиштето има план за дежурства на наставници и техничка служба за време на часовите.
Оваа учебна година посебно внимание се посвети на безбедноста на учениците која е зајакната со Протоколи за физичка безбедност и Протокол- Правилник за постапка за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување.
Училиштето соработува со надлежните институции за обезбедување на безбедноста на учениците преку редовна комуникација, разни предавања и реализирање проекти поврзани со безбедноста на учениците.

## 18. Извештај за Грижа за здравјето

Активностите посветени на грижата за здравјето на учениците се реализираа во наставата во текот на учебната година, преку предавања и разговори на часот, како и со надворешни стручни лица.

### 18.1. Хигиена во училиштето

- Лична хигиена
- Хигиена во училиштето и училниците
- Дезинфекција
- Дезинсекција
- Дератизација
- Хигиена на санитарни јазли

Училиштето во текот на учебната 2022/2023 година, водеше грижа за хигиената во училишниот објект така што се вршеше дезинфекција, дезинсекција и дератизација од страна на Завод за здравствена заштита - Охрид. Ходниците, тоалетите, училниците, се чистеа и одржуваа во текот на денот со средства за хигиена и дезинфекција.
Во училиштето се спроведува едукација за подигнување на свеста на учениците за одржување на хигиена.
Одговорноста за одржување на хигиената во училиштето ја има техничкиот персонал, како и секој вработен и ученик поединечно.

**18.2. Систематски прегледи**

Систематски преглед се реализира со учениците од I, III, V и VII одделение во термини кои беа во согласност со програмата на Медицински центар, додека пак со учениците од I, II, III, IV, V, VI, и VII одделение се спроведе стоматолошки преглед за превенција на оралните заболувања кај децата. Учениците беа придружувани од раководителот на паралелката и родителите (учениците од I одделение).

**18.3 Вакцинирање**

Систематски лекарски прегледи, прегледите за забите на учениците, како и редовни вакцинации и ревакцинации се реализираат според планот на Медицински центар- Охрид и во просториите на Медицински центар.

**18.4. Едукација за здрава исхрана – оброк во училиштата**

Во училиштето, поради тоа што не постојат услови за подготовка на храна, учениците се советуваат да носат храна од дома.
Во училиштето постојано се води грижа за подигнување на свеста од потребата на конзумирање на здрава храна. Се водат разговори, како и се спроведуваат предавања за здрава храна.
Во училиштето се реализира по едно предавање во полугодие за здрава храна, кои се спроведуваат од страна на одделенските раководители/наставниот кадар по биологија.

**Светски ден на здрави навики**

Во програмата за животни вештини во IX одделение, која ја реализираме на часот по одделенска настава, овој период работиме на следниве теми: Мени! Исхрана за здравје! Зошто се дебелееме? и слично .
Одбележување на меѓународниот ден на здрави навики, на покана на наставничката Наташа Неданоска, го реализиравме со Тодорка Наумоска-Димески, дипломиран инженер технолог нутриционист, претседател на Slow Food Прилеп и една од основачите на здружението „Прилеп на точак“ , како наш on-line предавач.

Дел од поттемите на кои таа се задржа беа: Сите сакаме да бидеме здрави; Јадете помалку-јадете почесто; Хидратација ; Физичка активност; Што е диета?; Улогата на витамините во растот за време на тинејџерските години;

Слушатели на предавањето беа учениците од IX-1 и IX-2 одделение со своите одделенски раководители, Бобан Блажески и Наташа Неданоска во централното училиште и учениците од IX-3 одделение со одделенскиот раководител Елизабета Великоска, во подрачното училиште.

**19. Извештај за Училишна клима**

Според изработената самоевалуација може да се заклучи дека нашето училиште има многу добар углед во околината. Тоа располага со високо квалитетен наставен кадар кој при работата користи современи форми, методи и наставни средства и ги спроведува иновациите во наставата.

Училиштето има Кодекс на однесување со кој се поставени принципите и правилата на однесување на сите структури во училиштето (раководниот кадар, наставниците, стручната служба, техничкиот персонал, учениците и родителите). Во неговата изработка учествувале преставници на сите структури, а при неговото усвојување е спроведена демократска процедура со учество на претставници на сите структури.

Климата во училиштето е на многу добро ниво. Постои почитување на релација наставник-наставник и на релација ученик-наставник. Доколку постојат индиции на спротивставени мислења, тие се решаваат преку разговори и дебати.

Учениците се навремено и целосно информирани за сите работи што се од нивен непосреден интерес и учествуваат во решавањето проблеми и донесувањето одлуки во врска со тие работи.

**19.1. Дисциплина**

Таа е пропишана и се реализира според повеќе правни акти: Правилник за однесување на ученици, наставници и родители (во училиштето и училишниот двор); Кодекс за однесување на учениците, Кодекс за однесување на родителите и Кодекс за однесување на наставниците во училиштето, Куќен ред на училиштето, интерни правила за педагошки мерки, распоред на дежурства на наставниот кадар. Во нив детално се разработени правилата на однесување на секој од гореспоменатите субјекти, како и санкциите во случај на прекршување на утврдените правила. За надминување на проблемите со поведениeто и дисциплината, континуирано се водат разговори помеѓу ученик - ученик, ученик - наставник, ученик - стручен соработник, а по потреба и со родител, со цел подобра дисциплина и воспоставување работна атмосфера на часовите. Кон ученикот кој ги повредува правилата на воспитно- образовната работа се применуваат педагошки мерки. Истовремено со изрекување на педагошките мерки, директорот формира тим за поддршка кој ќе работи со родителот, односно старателот, ученикот, наставникот и паралелката, со цел надминување на проблемот. Начинот на изрекување на педагошките мерки го пропишува министерот, на предлог на Бирото. При изрекување на педагошките мерки, се обезбедува еднаквост и праведност во однос на сите ученици и доследно се применуваат Правилникот и Критериумите за изрекување педагошки мерки. Исто така, изработен е распоред на

дежурни наставници во училиштето, заради одржување на дисциплината во училиштето. Дежурните наставници водат евиденција за тековните случувања во училишната зграда и училишниот двор.

### 19.2. Естетско и функционално уредување на просторот во училиштето

Во училиштето се води грижа за функционалното и естетско уредување и одржување на просторот, во согласност со возраста на децата. Наставниците и учениците придонесуваат за уредувањето на училиштето со свои изработки, проекти и презентации, со цел подобар изглед и функционалност, водејќи сметка за мултикултурализмот. Наставниците и учениците се грижат за ентериерот во училниците, додека тимот за естетско уредување е одговорен за уредувањето на ходниците и влезниот простор. Сите простории во училиштето функционално ги задоволуваат потребите на учениците и наставниците, со што се овозможува непречена реализација на наставата.

| Тим за изработка на план за естетско планирање | активности | Време на реализација |
|---|---|---|
| Богоја Мојсоски<br>Татјана Лошкоска<br>Ленче Грунческа<br>Одделенски раководители<br>Ученички парламент<br>Ученичка заедница<br>Родители | -уредување на училишниот двор во централното училиште<br>-уредување на училишниот двор во подрачното училиште<br>-засадување на млади садници<br>-уредување на ентериерот на училиштето<br>-уредување на паноата на училиштето<br>-организирање изложби | Континуирано |

### 19.3. Етички кодекси

Во рамките на своето работење, училиштето има изготвено Етички кодекси за однесување на наставниците, учениците, вработените во училиштето и родителите, кои се составен дел на училишната документација и пракса.

**КОДЕКС НА ОДНЕСУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ**

-Ученикот е должен навреме и редовно да доаѓа на настава

-Ученикот е должен да се грижи за училишниот простор и имот
-Секое отсуство од настава задолжително треба да е оправдано од родител
-Ученикот е должен да се грижи за хигиената во училиштето и блиската околина
-Во училиштето ученикот треба да биде совесен, одговорен со должно почитување кон сите возрасни лица и други ученици
-На часовите ученикот треба активно да следи и учествува во наставниот процес
-Целосно да ги извршува училишните обврски
-Да придонесува  за одржување на работна атмосфера
-Ученикот е должен редовно да носи училиштен прибор, учебници и тетратки
-Да соработува со наставници, стручна служба и други субјекти
-Да покаже почитување и толеранција кон другарите и наставниците
-Да помага на други ученици
-Да е спремен на тимска работа
-Ученикот не смее самоволно и без причина да го напушти часот
-Учениците да не се однесуваат недолично и конфликтно(вербално и физички)
-Учениците да ги исклучуваат мобилните телефони за време на настава
-Учениците не смеат да носат вредни предмети и повеќе пари на училиште
-Отпоздрави го наставникот кога ќе влезе на час
-Не приговарај на опомените на дежурните наставници
-Пред започнување на часот ученикот задолжително мора да биде во училница
-Ученикот не смее да врши психичко и физичко насилство врз други ученици и вработени
-Дежурните за време на одморите се во своите училници
-Дежурниот ученик се оддалечува од училница само ако добие работна задача од наставник, стручна служба или директор
-Доколку има нарушување на дисциплината, дежурниот ученик мора да информира наставник, стручна служба или директор
-Дежурниот ученик се грижи за дисциплината за време на часови и одмори
-Кога  наставникот зборува не го прекинувај
-Ученикот треба да се обраќа со ВИЕ на возрасните
-Ученикот да користи  позитивни зборови како повели, благодарам,
-Ученикот да поздравува со добро утро, добар ден , добра вечер,
-Незадоволството се искажува на културен начин и пристојни зборови
-Слушај ги другите и почитувај го времето и мислењето  на другите
-Почитувај ги различностите
-Учтивоста е особина која ја краси твојата личност
-Ученикот треба да ги информира родителите за училишните задолженија
-Ученикот задолжително треба да ги пренесува информациите по барање на наставникот

-Ученикот треба да се грижи за ентериерот во училницата и хигиената
-Учениците за време на малиот одмор да не ги напуштаат училниците
-Учениците за време на големиот одмор да не го напуштаат училишниот двор
-По завршување на настава и воннаставните активности да го напуштат училиштето

**КОДЕКС НА ОДНЕСУВАЊЕ НА НАСТАВНИЦИТЕ**
-Наставникот треба да се грижи за училишниот имот, особено за просторот и имотот каде е назначен за одделенски раководител
-Наставникот секогаш треба да се залага за афирмација за наставните предмети и институцијата
-Наставникот треба да го почитува времетраењето на часот
-Наставникот треба да го евидентира присуството и отсуството на ученици
-Наставникот треба да е пример со своето однесување
-Секој наставник треба професионално да се усовршува и да следи стручна литература
-Наставникот е должен да ја почитува личноста на секој ученик
-Наставникот е должен професионално да се однесува за време на час
-Наставникот е должен објективно да го оценува ученикот
-Наставникот треба да го пофалува секој напредок на учениците
-Наставникот треба да ги мотивира учениците навремено и квалитетно да ги извршуваат работните задачи
-Наставникот треба да настојува учениците примерно и дисциплинирано да се однесуваат
-Наставникот редовно треба да го информира родителот за однесувањето и постигнувањата на учениците
-Наставникот редовно треба да соработува со родителите
-Наставникот треба коректно и професионално да соработува и да ги почитува колегите
-Наставникот треба редовно да учествува во работата на стручните органи и тела на училиштето
-Наставникот е должен да ги почитува одлуките на Одделенскиот и Наставничкиот совет
-Наставникот треба да е креатор на позитивна атмосфера и позитивна клима во паралелките и училиштето
-Наставникот треба да гради односи на меѓусебно разбирање, соработка, почитување со сите субјекти во училиштето
-Наставникот деловно и професионално да се однесува
-Наставникот да носи деловна гардероба

**КОДЕКС НА ОДНЕСУВАЊЕ ЗА РОДИТЕЛИ**
-Родителите треба редовно да ги исполнуваат обврските кои ги имаат кон училиштето( оправдувања на отсуства на ученици, консултации со наставници, присуство на родителски средби и Совет на родители)
-Континуирана соработка со наставници и стручна служба во интерес на подобрување на постигнувањата на учениците
-Континуирано следење на постигнувањата, дисциплината и редовноста на учениците

-Континуирано следење на психофизичкиот развиток на детето
-Примена на позитивна мотивација
-Родителите да се однесуваат со почит кон своето дете и останатите ученици во училиштето
-Родителите треба да ја почитуваат личноста на наставниците и другите вработени
-Се забранува вербална и физичка пресметка со учениците во училиштето
-Родителите не смеат да влегуваат во училници за време на час (со искпучок по добиена дозвола од стручна служба и директор, со извршена претходна проценка)
Училишниот одбор на седницата одржана на 07.07.2023 год. Донесе нов Етички кодекс за однесување на наставниците, стручните соработници, учениците, родителите и други вработени во училиштето како предуслов за непречена и успешна работа, а правилата ќе бидат видливо истакнати во училишната зграда.

**19.4. Односи меѓу сите структури во училиштето**

Училиштето води политика на взаемно почитување и рамноправен третман на сите структури што учествуваат во училишниот живот. Со цел подигнување на квалитетот на комуникацијата и меѓусебната доверба и соработка, вработените во училиштето остваруваат формални и неформални средби. Односите меѓу вработените и со учениците се регулирани со посебни Правила на однесување на сите структури (Куќен ред), вработени и учениците посебно кој редовно се ревидира пред секоја учебна година. Училиштето има демократски формирана ученичка заедница како и одделенски заедници преку кои учениците навремено и целосно се информирани за сите работи што се од нивен непосреден интерес и учествуваат во решавањето на проблемите и донесувањето одлуки во врска со тие работи. Училиштето презема добро испланирани активности за да ги поттикне родителите да се вклучат во подобрувањето на воспитно - образовната работа на училиштето на сите нивоа. Родителите се добредојдени активно да се вклучат во наставниот процес. Училиштето користи ефективни методи за комуникација со родителите преку организирање индивидуални родителски средби и приемни денови, приспособувајќи се на времето што родителот го има на располагање. Училиштето има пропишани демократски процедури за избор на претставниците на родителите во Училишниот Одбор кој вклучува можност за кандидирање и истите доследно ги применува. Информациите што се однесуваат на сите аспекти од работата на училиштето, како што се целите, организацијата, идните активности и нивото на постигање на учениците се јасни, разбирливи и достапни на сите родители во пишана форма. Родителите се чувствуваат добредојдени во училиштето. Доказ за вклученоста на родителите на учениците во животот и работата на училиштето е и изборот на родители во Совет на родители на ниво на паралелка, Совет на родители на ниво на училиште и членови од Советот на родители во училишниот одбор. За подигнување на квалитетот на комуникацијата и меѓусебната доверба и соработка во училиштето се организираат заеднички прослави, екскурзии, коктели, свечености сл. За подобрување на комуникацијата помеѓу критичните точки исто така се организираат состаноци, работилници и дебати.

**20. Извештај за Професионален и кариерен развој на воспитно- образовниот кадар**

Професионалниот стручен развој подразбира индивидуално усовршување, усовршување спроведено од страна на училиштето т.е. интерно, како и надворешно усовршување, кое го врши БРО, МОН и други институции.

**НАСЛОВИ НА ТЕМИ ЗА ОБУКИ НА НАСТАВНИЦИ**

ПРОГРАМА 20 ТЕМА -ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ И КАРИЕРНО СОВЕТУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ (МЕНТОРИРАЊЕ, СЛЕДЕЊЕ, ПРИСТАПИ ЗА ДЕТЕКЦИЈА НА АФИНИТЕТИ И ИНТЕРЕСИ, МОТИВАЦИЈА И РАЗВОЈ И СЛ.) 16.06.2023-23.06.2023 ГОДИНА;
ПРОГРАМА 10 ТЕМА-ИНКЛУЗИЈА И ПРИСТАПИ ВО ПОУЧУВАЊЕТО НА УЧЕНИЦИ СО ПОСЕБНИ ОБРАЗОВНИ ПОТРЕБИ/ПОПРЕЧЕНОСТ 21.06.2023-22.06.2023;
ПРОГРАМА 12 ТЕМА-ПРИМЕНА НА ИНОВАТИВНИ ИНТЕРАКТИВНИ ПРИСТАПИ ВО НАСТАВАТА 21.06.2023-22.06.2023 ЕДУИНО ВЕБИНАРИ

**ОБУКИ ЗА СТРУЧНИ СОРАБОТНИЦИ**

ОБУКА НА ТЕМА ВОВЕДУВАЊЕ НА НОВА КОНЦЕПЦИЈА И НОВИ НАСТАВНИ ПРОГРАМИ ВО I, II, IV I V ОДДЕЛЕНИЕ НА ДЕВЕТГОДИШНО ОСНОВНО ВОСПИТАНИЕ И ОБРАЗОВАНИЕ 17.11.2022 ГОДИНА ООУ ,,ГРИГОР ПРЛИЧЕВ"-ОХРИД;
ПРОГРАМА 1 ТЕМА-ПРОФЕСИОНАЛНА ОРИЕНТАЦИЈА НА УЧЕНИЦИТЕ: ЗАЈАКНУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ ПРЕКУ САМОСПОЗНАВАЊЕ И СОВЕТУВАЊЕ ЗА КАРИЕРЕН РАЗВОЈ 09.11.2022 ГОДИНА ООУ ,,ХРИСТО УЗУНОВ"-ОХРИД;
ОБУКА ЗА ПОДДРШКА НА УЧИЛИШНИ ИНКЛУЗИВНИ ТИМОВИ 03.02.2023;
ОБУКА-РАЗВОЈ НА СОЦИЈАЛНИ ВЕШТИНИ И САМОДОВЕРБА КАЈ УЧЕНИЦИТЕ, СПРАВУВАЊЕ СО ПРОБЛЕМАТИЧНО ОДНЕСУВАЊЕ И СОЗДАВАЊЕ НА ПОЗИТИВНА СОЦИО-ЕМОЦИОНАЛНА КЛИМА НА ЧАС-07.07.2023 ГОДИНА.

### 20.1. Детектирање на потребите и приоритетите

За квалитетна настава, потребно е континуирано едуцирање на наставниот кадар. Потребите и приоритетите за професионален развој на образовниот кадар произлегуваат од детектираните состојби од самоевалуацијата, интегралните евалуации и новините и насоките дадени од Министерството и основачот. Самоевалуацијата на училиштето покажа дека наставниците редовно ги следат сите обуки и семинари организирани или поддржани од МОН и БРО, а дел од нив и самостојно се усовршуваат. Секој наставник на ниво на актив ги изнесува личните потреби за професионален развој, кои потоа се проследуваат по хоризонтала и вертикала. Во нашето училиште постои тим за професионален развој на наставниците, составен од директор, стручни соработници и претседатели на активи.

### 20.2. Активности за професионален развој

Професионалното усовршување на наставниците се остварува преку акредитирани програми за обука, преку проекти одобрени од Министерството, интерно стручно усовршување во училиштето, меѓуучилишни тимови за учење и преку индивидуални форми на учење. Во рамки на континуираното стручно усовршување, наставниците се обврзани да посветат најмалку 60 часа на обуки во текот на три учебни години, со најмалку 40 часови учество на акредитирани програми за обука. По утврдување на потребите за професионалниот развој на вработените, се планира организација и реализација на интерни обуки, семинари, работилници, дисеминации на новини и др. Во училиштето се изработува годишен план за професионален развој на наставниците, задолжително се реализира дисеминација и се изработува извештај проследен со евалуација, од каде произлегуваат и наредните потреби за професионален развој.

**20.3. Личен професионален развој**

Во училиштето редовно се следи работата на наставниците и се настојува нејзино подобрување преку разни форми на професионален развој: семинари, обуки, конференции, пишани рубрики, статии во стручна литература итн. Според насоките дадени од ДПИ, се врши и интерно следење на наставниците преку посета на часови, како и анализа на наставничките портфолија. За сопственото стручно усовршување, наставникот прави личен план за професионален развој за секоја учебна година преку самоевалуација на професионалните компетенции, резултатите од интегралната евалуација и извештаите од посети на директорот на училиштето, советници од БРО и ДПИ.
Директорот на училиштето го одобрува планот, на предлог на тимот за професионален развој во училиштето. Тимот за професионален развој го сочинуваат координаторите на стручните активи на наставници во училиштето, директорот и стручен соработник во училиштето. Формата и содржината на личниот план за професионален развој на наставникот и стручниот соработник ги уредува министерот, на предлог на БРО и Центарот. За професионалниот развој на секој наставник се води професионално досие.

**20.4. Хоризонтално учење**

Знаењата, искуствата и стручното усовршување на наставниците стекнати од сопствената пракса во воспитно-образовниот процес и од разни семинари се споделуваат со другите наставници. Тоа искуство се разменува и споделува со останатите наставници и стручни соработници преку изведување, присуствување и анализирање на нагледни и отворени часови, прикази на стручни теми, држење на интерни обуки, дисеминации, работилници и колегијална менторска поддршка.

**20.5. Кариерен развој на воспитно-образовниот кадар**

Професионалниот развој води кон кариерно напредување на воспитно-образовниот кадар. Во процесот на кариерен развој на наставниците, проценувањето на исполнетоста на стандардите за напредување во звања се врши од неколку аспекти, и ја

прави училиштето. За таа цел воспитно-образовниот кадар во училиштето е запознаен со: Основните професионални компетенции кои треба да ги поседува наставникот, Професионалните стандарди за наставник-ментор, Професионалните стандарди за наставник- советник. Проценката од училиштето се прави за оној наставник кој се подготвува и се пријавил за напредување во звање и ја базира врз информации добиени од: родители, ученици, наставници и училишна документација.
Во нашето училиште има еден наставник- ментор, Виолета Петковска.

## 21. Соработка на основното училиште со родителите/ старателите

Овој вид на соработка е многу важна компонента преку која се остварува воспитно-образовната дејност на училиштето. Училиштето е отворено за соработка со родителите во функција на подобрување на комуникацијата на локалната средина и училиштето како интегрален дел и подобрување на квалитетот на воспитно-образовниот процес.

### 21.1. Вклученост на родителите/старателите во животот и работата на училиштето

Учеството на родителите во училиштето се планира и се одвива на повеќе начини. Посебно внимание се посветува на соработката со родителите преку секојдневни средби, разговори и родителски средби. За таа цел, се изработени програми за реализирање на содржините и активностите, а Советот на родители дава посебен придонес во унапредување на соработката. Родителите имаат можност да даваат свои предлози за подобрување на работата, ја детектираат состојбата на училиштето, со цел подобрување на условите за работа. Исто така, родителите се вклучуваат во изведување разни активности, при што се земаат предвид нивните предлози и мислењата. На почетокот на учебната година, преку изработка на флаери, согласно воспоставената практика, родителите се информираат за организациската поставеност и за активностите кои ги изведува училиштето, нивните права и одговорности и правата и одговорностите на учениците. Во Годишната програма се планираат средби со родители и приемен ден на училиштето. Сите информации наменети за родителите се истакнуваат на огласна табла поставена во холот на училиштето.

### 21.2. Вклученост на родителите/старателите во процесот на учење и вонннаставните активности

Родителите континуирано и непосредно се вклучуваат во училиштето во секој сегмент, како и во процесот на учење. Преку родителските и индивидуалните средби, состаноците со Советот на родители и Училишниот одбор, редовно се информираат за наставниот процес од страна на директорот, наставниците, стручните соработници. Во програмите за соработка со родителите од одделенските раководители и во програмите од стручните соработници се предвидува соработка со родителите за работа со ученици со потешкотии во развојот и за напредување на талентираните и надарените ученици. Со цел да се подобри соработката на училиштето со родителите, тие се вклучуваат во разни манифестации и промоции на училиштето, работилници, базари, спортски настани, прослави, приредби, нагледни активности и др.

Со помош на Советот на родители оваа година добивме две косилки за трева, клупи за училишниот двор во подрачното училиште, нов натпис над влезот во училиштето, рампи за велосипеди, како и голема помош и ангажираност при збратимувањето со училиштата од Р.Србија и Р.Босна и Херцеговина. Родителите за нивното залагање и помош при афирмацијата на училиштето добија Благодарници.

### 21.3. Едукација на родителите/старателите

Едукацијата на родителите се реализира преку работилници за Советот на родители, едукативни предавања реализирани на општите родителски средби, разговори и советувања. Во училиштето се реализира Програма за советување родители, со која родителите се советуваат и едуцираат како да им помогнат на своите деца во надминување на проблемите и подобрување на училишниот успех. Стручните соработници секојдневно спроведуваат советодавно-консултативни разговори со родителите и вршат едукација на родителите на учениците кои имаат слаб успех, голем број изостаноци и имаат асоцијално однесување. Училиштето редовно ги известува и едуцира родителите преку презентации на фб страната, соопштенија, брошури и флаери.

## 22. Комуникација со јавноста и промоција на основното училиште

Со цел да го зголеми својот углед и да ја промовира својата работа во локалната заедница и пошироко, училиштето по пат на презентации, соопштенија и публикации континуирано го унапредува квалитетот на соработката со локалната заедница. На тој начин овозможува стекнување доверба, создавање добра волја и поволно мислење како член на заедницата.
Училиштето соработува со сите релевантни институции кои допринесуваат за успешно спроведување на воспитно-образовната дејност.
Основното училиште како императив во работењето има зацртано соработка со Локалната самоуправа, Министерството за образование и наука, Бирото за развој на образованието, локалната заедница, соработката со основни и средни училишта, Домот на културата, Градската библиотека, НП Галичица, Хидробиолошки завод, Младински Центар- Охрид, Касарна ХАБ, СЛОУ ФУД, локални ТВ и радио станици и интернет портали, Биро за вработување, Центар за социјални грижи, Медицински центар, институции задолжени за безбедноста на учениците и други компетентни институции.
Целокупниот воспитно-образовен процес во училиштето е јавен и транспарентен. Во јавноста освен постигањата и резултатите од учество на учениците во натпревари на знаења се презентираат и резултатите од сите спроведени проектни активности , како и натпревари од забавно спортски карактер, учество во тв емисии, трибини, ликовни колонии и литературни манифестации.
Оваа учебна година, со потпишување на Меморандум за соработка со ОШ „Веселин Маслеша“- Белград, Р.Србија и ОШ „Веселин Маслеша“- Фоча, Р.Босна и Херцеговина. нашето училиште ја прошири соработката и во меѓународни рамки.

## 23. Прилози

**Прилог 1**
**Извештај за работата на Совет на родители**

Работата на Советот на родители функционираше во согласност со програмата за работа донесена на почетокот на учебната година. Советот покрај новите членови, доби и нов претседател- Наде Митановска. Се одржаа 5 редовни средби, како и неформална комуникација и вклученост во решавање на тековните и актуелните состојби во училиштето.
На состаноците на Советот на родители беше презентиран Извештајот за работа во 2021/2022, Годишната програма за работа на училиштето 2022/2023 година, редовно беа пренесувани информации за успехот и поведението на учениците, нивното подобрување, секојдневните активности и потреби на училиштето.
Советот на родители почнува да ја сфаќа својата улога и се обидува да помогне во разни сфери на работа на училиштето, посебно во воннаставните активности. Родителите во голема мера ја помогнаа организацијата на Патрониот празник на училиштето збратимувањето со училиштата од Република Србија и Република Босна и Херцеговина. Во рамки на своите можности обезбеди и неколку донации.

**Претседател**
**Наде Митановска**

**Прилог 2**
**Извештај за работата на Одделенскиот совет**

Одделенскиот совет на своите редовни состаноци (посебно за одделенска, посебно за предметна настава) ја реализира програмата за работа, на која се разгледуваа прашања за реализација на задолжителната, додатната и дополнителната настава, воннаставните активности и другите подрачја од воспитно- образовниот процес, успехот на учениците, редовноста, дисциплината и поведението на учениците.

**Прилог 3**
**Извештај за работата на Наставнички совет**

**Наставничкиот совет** како највисок стручен орган на училиштето во оваа година, разгледуваше прашања од областа на успехот и постигнувањата на учениците, квалитетот на наставата, стручно усовршување на наставниот кадар, презентација на стручни теми, формирање на комисии и донесување на одлуки и други активности пропишани со Закон. Даваше предлози и носеше одлуки околу организацијата на Патрониот празник на училиштето како и околу збратимувањето со училиштата од РС и РБиХ. Од редот на Наставничкиот совет беа избрани тројца нови претставници во Училишниот одбор, а на последниот состанок,

на задоволство на сите членови на советот, директорот предложи да се донесе правилник како од наредната учебна година и во нашето училиште би се избирал Првенец на генерација.

**Записничар**
**Ленче Грунческа**

**Прилог 4**

**ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА АКТИВОТ НА ОДДЕЛЕНСКИТЕ НАСТАВНИЦИ ВО ООУ „ КОЧО РАЦИН “ - ОХРИД**
**за учебната 2022/2023 година**

Активот на одделенските наставници во учебната 2022-2023 година според планот и програмата имаше предвидено 4 состанока и истите ги реализира согласно предвидениот план и програма за работа на активот.
На првиот состанок кој беше одржан на 13.10.2022 год. беа споделени искуства за работата и адаптацијата на првачињата според новата наставна програма и новите учебници, критики и пофалби на истите. Свои искуства споделуваа одделенскиот наставник Светлана Жилеска и одделенскиот наставник Весна Речковска Николова.
Вториот состанок се одржа на 02.12.2022 год.. Темата беше споделување искуства во работата со ученици вклучени во инклузија. Свои впечатоци споделија одделенскиот наставник Елена Димоска и Весна Речковска Николова коишто работаат со деца со МКФ проценка, односно деца со аутизам. Во расправата се вклучи и образовниот асистент Јасмина Блажеска којашто ги истакна своите должности, улога и олеснување на работата на ученикот, наставникот и другите ученици во одделението. Со овие ученици се работи по посебна програма која што ја изработува одделенскиот наставник со помош од целиот инклузивен тим.
Третиот состанок се одржа на 10.04.2023 год. Темата на овој состанок беше улогата на наставникот во развојот на емоционалната интелигенција кај ученикот. Предавање на оваа тема одржа одделенскиот наставник Виолета Петковска. Таа ја објасна големата улога на наставникот во овој процес, ги истакна четирите различни постулати за развој на истата. Практично покажа и игри, односно техники кои што би ја развиле детската емоционална интелигенција.
Четвртиот состанок се одржа на 7.6.2023 год. На овој состанок презентација на час по природни науки за агрегатната состојба на водата одржа одделенскиот наставник Елизабета Наумовска. Таа пренесе како го одржала овој час пред советник и како овој час го поврзала и со друг час со примена на повеќе нагледни средства. Работата на час била групна, со следење на презентација, усно одговарање на прашања, изработка на хамер, пополнување на РЛ за потврдување на стекнатите знаења. Советничката којашто присуствувала на часот објаснила како правилно да се изработуваат сценаријата за часот, да бидат истакнати најмногу две цели на часот и да се одржува часот според воведниот, главниот и завршниот дел. Задолжително рефлексија и корелација со друг наставен предмет.

**Одговорен на одделенскиот актив**
**Весна Речковска Николова**

**Прилог 5**
**ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА АКТИВОТ НА ПРИРОДНА ГРУПА ПРЕДМЕТИ ВО ООУ „ КОЧО РАЦИН “ - ОХРИД**
**за учебната 2022/2023 година**

Активот на природната група предмети во учебната 2022-2023 година според планот и програмата имаше предвидено 5 состанока и истите ги реализира согласно предвидениот план и програма за работа на активот.

На првиот состанок беше извршено конституирање на активот и беше донесена годишната програма за работа на активот во оваа учебна година. Истовремено се изврши задолжување на наставниците со свои теми.

Вториот состанок се одржа на 26.12.2022 и на тој состанок наставничката по математика и физика Виолета Коцаре одржа практичен час со ученици од IX-2 одделение, кои применувајќи го знаењето од претходните часови за енергија, поделени во две групи истражувале, користеле стекнати знаења, направиле презентации за како еден остров да добива енергија и тие презентации ги презентираа на овој час.

На третиот состанок одржан на 15.3.2023 наставничката по географија Билјана Сиљаноска одржа практичен час во VI одделение на тема Планета Земја и наставна содржина Земјина револуција и последици од неа. Целите на часот беа учениците да научат зошто имаме појава на пролетна и есенска рамнодeница, за промената на годишните времиња, да ја разберат поврзаноста на земјината револуција и топлинските појаси. Учениците фронтално и преку бура на идеи ја совладаа новата наставна содржина.

На четвртиот состанок одржан на 29.5.2023, наставничката по техничко образование Јулија Крстева одржа презентација на практичен час во VI одделение - Примена на сообраќајните правила и прописи во патниот сообраќај. Целите на часот се учениците да ги прошират знаењата за правилата и прописите во сообраќајот, да се оспособат да ги почитуваат и да развијат култура на однесување во сообраќајот. Наставникот преку слики ги истакнува сообраќајните правила и прописи во патниот сообраќај. Учениците го следат излагањето на наставникот, активно учествуваат со своите предзнаења, размислувања и стекнати знаења за разрешување на различни сообраќајни ситуации. Потоа во училишниот двор наставникот сценираше различни ситуации кои можат да се сретнат во сообраќајот и учениците со велосипеди како учесници во сообраќајот ги разрешуваат проблемските ситуации

На петтиот состанок одржан на 18.6.2023 се направи анализа на работата на активот и се заклучи дека учениците успешно ги реализира планираните и зададени активности. Како предлог беше дадено, каде што ќе биде можно, повеќе ученици да се вклучуваат во активностите и предложено беше на активот да има и истражувања или предавања од страна на

наставниците, а не само часови. За одговорен наставник на активот во учебната 2023-2024 година се избра наставничката по физика Виолета Коцаре.

**Одговорен на актив**
**Елизабета Великоска**

**Прилог 6**
**Извештај од работата на Активот од општествено-јазичната група предмети во учебната 2022/2023 година**

Активот од општествено-јазичната група предмети во учебната 2022/ 2023 година одржа четири состанока. На состаноците се реализира програмата во целост преку предвидените активности со цел - усовршување на наставниот процес, изнесување различни идеи и планови за реализирање на наставните содржини по различни предмети, иновативни методи и форми кои се користат, резултатите постигнати од ваквите часови, зголемување на нивото на креативноста и творечките способности кај наставниците, како и меѓусебна соработка на предметните наставници од општествено-јазичната група предмети.
На првата средба која се одржа на 20.9.2022 година се усвои предлог-програмата на Активот. Одговорниот наставник Лидија Јевтовиќ ја презентираше програмата и целите на истата на стручниот актив.
Првиот состанок се одржа во ноември на кој што реализаторот Фила Вероска -Стојковска го презентираше часот по македонски јазик на тема „ Атмосфера на соработка и натпревар во паралелката. Целта на часот беше да се истакне значењето на соработката и воедно позитивен натпревар кај учениците во текот на реализацијата на наставните содржини. Вториот состанок се одржа во декември 2022 година на којшто реализаторот Милка Кевереска Шапкароска го презентираше часот „Стратегии за усвојување вокабулар“ со ученици од VII одделение (отворен час). Целта на часот беше учениците да применуваат и употребуваат различни стратегии за усвојување и нов вокабулар. На третиот состанок кој се одржа во мај, реализаторот Бобан Блажески имаше отворен час на тема: „Персија “ преку power-point презентација .Целта на часот беше пoсликовито да се доближи тој историски период кај учениците.
Четвртиот состанок се одржа во јуни на кој се анализираше работата, активностите и постигнатите резултати на стручниот актив за учебната 2022-2023 година и се предложи нов одговорен наставник за следната учебна година
На состаноците се развиваше конструктивна дискусија од страна на присутните и се разменуваа различни искуства.

**Одговорен наставник**
**Лидија Јевтовиќ**

**Прилог 7**
**ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ за работата на ПЕДАГОШКИ АКТИВ за 2022/2023 год.**

Оваа успешна учебна година, нашиот актив се дружеше и активно се надоградувавме еден со друг наставник- дете-родител, имавме соработка, разменување на идеи и успешни средби, ученици- наставници.
Педагошкиот актив во учебната 2022-2023 година со оглед на тоа дека не изврши некои активности, сепак педагогот во континуитет ја следи целокупната воспитно-образовна работа на училиштето. Се изврши и кратка презентација на тема

ОСНОВНИ НАСОКИ ЗА ФОРМИРАЊЕ НА КАРАКТЕРОТ (ученици во предметна настава) односно како да се изгради цврст и добар карактер. Беа упатени и некои генерални пораки кон нашите деца.

За наредната учебна 2023/2024 година се планира Активот да донесе свој План и програма за работа, да се конституира Активот ,како и да се задолжат наставниците да учествуваат активно со свои стручни теми, компатибилни со новиот современ тек на воспитно-образовниот процес во ООУ „Кочо Рацин"-Охрид.

**Одговорен на актив**
**Педагог Томчо Алексоски**

**Прилог 8**
**Извештај за работата на Педагогот 2022/2023 година**

Подрачја на работа

**1.Непосредно следење на воспитно-образовната работа**

-Следење на годишните, тематските и дневните планирања-инструкции;

-Следење и увид во водењето на педагошката евиденција;

-(Континуирано прегледување на Е-дневник, инструкции за негово водење, сугестии за коригирање на направени грешки, запишување на првачиња во матична книга);

-Следење на успехот на учениците(континуирано следење, разговори со ученици кои послабо напредуваат, разговори со родители, инструктивна помош за организација на процесот на учење, мотивирање и поттикнување);

-Следење на деца за упис во прво одделение(посета на часови, разговори со одделенските наставници);

-Следење на читањето во второ одделение-испитување на брзината и точноста на читањето.

**2.Советодавна работа со ученици, наставници и родители**

-Советодавни, информативни и консултативни разговори со ученици(идентификување на ученици кои се талентирани, откривање на проблем, преземање мерки, разговори со ученици кои послабо напредуваат, потешкотии во однесувањето, воспитно запуштени, ученици со ИОП);

-Разговори со родители-самоиницијативно или по нивно барање, разговори со родители пред изрекување педагошки мерки, разговори со родители на деца со ПОП или ИОП;

-Помош на наставници почетници;

-Советодавна работа во врска со начинот на водење на педагошката евиденција и документација како и при изрекување педагошки мерки;

-Запознавање со мрежата за средни училишта во Македонија за деветто одделение.

-Работа со ученици со потешкотии во учењето(Вклучување и водење грижа за развојот на учениците со потешкотии во учењето, усвојување општи и применливи знаења согласно нивните можности, Стекнување општи и применливи знаења што се потребни во секојдневниот живот или за натамошно образование

-Идентификување на ученици со потешкотии во учење(консултативно-советодавни разговори со наставници за начини на работа со оваа категорија на ученици како и дефинирање на форми за работа надминување на тешкотиите со кои се соочуваат

***3.Аналитичко истражувачка работа***

-Анализа на успехот и поведението на учениците по класификациони периоди (тримесечје, полугодие, крај на учебна година, по одделенија, предмети, пол, споредбени анализи по тримесечја, полугодија и крај на учебна година.);

-анализа на анкети за професионална ориентација на учениците;

-Работа на проекти;

-Следење на развојот на ученици со проблематично однесување-разговори,вежби,инструкции за наставниците кои работат со овие ученици.

***4.Стручно усовршување***

***-Интерно стручно усовршување***

Педагошки работилници за наставници

-Инструктивна помош на активите при изготвување на различни програми. Учество во (стручни активи)-актив на одделенска настава.

-Следење на стручна литература и периодика, прирачници за успешна примена на новите сознанија во воспитно-образовната работа;

-Континуирана соработка со колеги од другите училишта како и советник од БРО;

Се следеше и координираше работата на ученичката заедница и ученичкиот парламент.

***5.Педагошка евиденција и документација***

-Извештаи и анализи;

-Евиденција и документација за сите реализирани активности.

***РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРИОРИТЕНИ ЗАДАЧИ***

***ПРИМЕНА НА КРИТЕРИУМИТЕ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ ПО РАЗЛИЧНИ ПРЕДМЕТИ***

-Прегледување на месечните и дневни планирања во врска со оценувањето;

-Инструктивна помош на наставниците во изготвување на тестови за мерење на постигнувањата;

***ПОГОЛЕМА ВКЛУЧЕНОСТ НА РОДИТЕЛИТЕ ПРЕКУ ЕДУКАЦИЈА***

-Родителите на родителски средби се запознаени со наставните планови и програми како и можностите тие да се вклучат во работата на училиштето;

-Редовно се информирани за постигањата на учениците.

**Педагог**
**Томчо Алексоски**

**Прилог 9**
**ИЗВЕШТАЈ НА ПСИХОЛОГОТ ЗА КРАЈ НА УЧЕБНА 2022/2023**

Во текот на учебната година како еден од приоритетите на реализација на активностите, покрај планирањето и програмирањето,односно изготвување на посебни програми е следење на психофизишкиот развиток на учениците, социјализација и адаптацијата.
На самиот почеток на учебната година се изврши увид во изработката на Годишните распределенија на наставниот кадар.
Битен елемент во активноста на психологот имаат анализите во доменот на воспитно – образовниот интерес (анализа во доменот на професионалната ориентација на учениците- презентирано пред Наставнички совет).
Анализата е преточена во истражување за „ФАКТОРИ КОИ ВЛИЈААТ ПРИ ИЗБОРОТ НА СРЕДНО УЧИЛИШТЕ ВО ПРОЦЕСОТ НА ПРОФЕСИОНАЛНАТА ОРИЕНТАЦИЈА НА УЧЕНИЦИТЕ“.
Во рамките на следењето на воспитно-образовната работа континуирано се следеа постигнувањата на учениците преку разговори со родители, разговори и консултации со наставници, како и подготовка на квартални квантитативни извештаи за успехот и постигнувањта на учениците.
Континуирано се реализираа активности за реализација на инклузивни пристапи
Во текот на учебната година се реализираше и советување со родителите преку планирање на советувањето, советување и изготвување на извештаи.
Покрај советувањето со родителите, континуирано се спроведуваше и советување со учениците.
Се спроведоа и анализираа анкети за потребите на воспитно – образовниот процес на ООУ„ Кочо Рацин “ – Охрид.
Се следи и координира работата на ученичката заедница, ученичкот парламент и избор на ученички правобранител.
Во доменот на професионалниот развој, психологот учествуваше во бројни активности:

**СЕМИНАРИ/ВЕБИНАРИ**

1. Вебинар„ Однесување и емотивна реакција“- Институт за психологија, САД
2. Вебинар „Емотивно-енергетска исцрпеност и начини за регенерација “ - Институт за психологија/Хрватска;
3. Вебинар„ Исцелување на емотивен стрес со помош на природни ресурси“- Институт за медицински науки, САД

4. 29. 09 2022 Вебинар„ Развивање програми за реализација на слободни изборни предмети“ ЕДУИНО,
5. Вебинар„ Метод на Никола Тесла за практицирање на енергетска психологија“ Универзитет САД
6. ЕДУИНО ВЕБИНАР „Рана интервенција-достапни опции и услуги“, БРО
7. Семинар-„Професионална ориентација на ученици“- реализиран од страна на БРО
8.Презентација пред Наставнички совет на ООУ „Кочо Рацин-И С Т Р А Ж У В А Њ Е :
ФАКТОРИ КОИ ВЛИЈААТ ПРИ ИЗБОРОТ НА СРЕДНО УЧИЛИШТЕ
ВО ПРОЦЕСОТ НА ПРОФЕСИОНАЛНА ОРИЕНТАЦИЈА НА УЧЕНИЦИТЕ
9. Едуино вебинар-„.Стимулација на говор во рана возраст“
10. Вебинар„ Кога телото зборува “ - ОЛИ центар, Скопје;
11. 12. 03 2023 „ Психолошки аспекти на ароматерапија - Aromatherap,,- AROMASUMMIT,
12. ЕДУИНО вебинар „ Визуелни дезинформации и фотофорензика“
13. Вебинар „ Развој на психички способности “- Меѓународен институт за психологија
14. Вебинар „ Пристапи во работа со соништата “ – ОЛИ едукативен центар
15. Вебинар „ Пристапи за справување со стресот “ – ОЛИ едукативен центар
16. Вебинар „ Генетска меморија / меморија на ДНК“ – Меѓународна академија за психологија

Генерално, може да се констатира дека активностите на психологот се реализирани согласно програмата, со степен на флексибилност, во зависност од планираните и тековните активности на училиштето.

**Психолог,**
**Соња Спасеска**

**Прилог 10**
**Годишен извештај за работата на училишната библиотека 2022/2023**

**Август -** Во овој месец учиме од искуствата од минатите години и се надополнуваме во работата, во размена на идеи и искуства во врска со работата; ја доставивме Програмата за работа на училишната библиотека. Лектирите уредно ги распределивме за потребите на учениците. Целта на библиотеката е што повеќе читатели и поголема искористеност на библиотеката.
**Септември -** Во овој месец се промовира училишната библиотека преку првата средба на учениците од прво одделение со библиотеката, запознавање и упатување на учениците од второ до деветo одделение со наслови надвор од програмата за лектири во зависност од нивната возраст и желби; учество на пригодна свеченост за влез на првачињата во Детска организација; учество на конкурс „Есенска рамноденица“.
**Октомври -** Се стави акцент на насоките на читателите како да ја чуваат и заштитуваат книгата; се одбележа Детската недела со активности кои произлегоа од учениците и наставниците.

**Ноември –** Се одбележа Месецот на книгата - учениците се запознаа со значењето на книгата творејќи на тема „ Книгата е соѕвездие кое го покрива целиот свет“. Се координираше работата со наставниците во остварувањето на разни програми и проекти во училиштето.
**Декември** - Се одбележа празникот Св.Климент Охридски; се изготви училиштен весник „Мугри“; се распиша литературен и ликовен конкурс во чест на патронот на училиштето, Кочо Рацин; се организираа заеднички литературни читања, изложби, акции; се изготви ѕиден весник за Кочо Рацин.
**Јануари -** Развивавме читателска и креативна способност на учениците преку дискусија на тема „Книга која ми остави најголем впечаток” во текот на зимскиот распуст.
**Февруари -** Одбележување на 21 Февруари (Меѓународен ден на мајчиниот јазик) со цел развивање љубов кон читањето и мајчиниот јазик и изработка на ѕиден весник.
**Март -** Обновување на книжниот фонд, дискусија за жените-писателки по повод 8 Март и разгледување нивни дела, присуство на промоцијата на книгата „Славе Ѓорѓо Димоски во книжевната критика “ од авторот Димитар Пандев.
**Април -** Презентација за процесот на создавање на хартија преку работилницата за рачна изработка на хартија и сознанија за дејноста на градската библиотека НУБ „Григор Прличев“- Охрид; литературно творење на учениците со мотиви за екологија; учество на натпревар „Млади библиотекари“; Одбележување на 23 Април - Светскиот ден на книгата и авторското право - дискусија на тема: „Омилен лик од книга“ .
**Мај -** Одбележување на културните вредности оддавајќи почит на просветителите – реферат за 24 Мај - Ден на словенските просветители Кирил и Методиј; натпревар меѓу ученици во читање книги: изработка на список на најчитани книги.
**Јуни -** договор за набавка на нова литература за ученици и наставници, со цел збогатување на книжевниот фонд во библиотеката, спроведување акции за прибирање книги; надополнување за невратени лектири, присуство на промоцијата на книгата „Тие доаѓаат“ со ученички творби меѓу кои имаше и творби од наши ученици; разгледување книги за Рацин по повод 80-годишнината неговата смрт. Доставување на Годишниот извештај за работа на училишната библиотека.

**Одговорен наставник,**
**Фила Вероска-Стојковска**

**Прилог 11**
**Директор**

Активностите се реализирани согласно Законот за основно образование и Статутот на училиштето преку организиција и раководење со училиштето, со акцент на воспитно- образовната работа на училиштето и преку самостојно донесување одлуки во рамки на законската надлежност и демократските принципи.

Активностите од страна на директорот, планомерно и програмски се реализираа согласно надлежностите и функциите утврдени од одредбите на законската регулатива од областа на образованието, работните односи, финансиското работење, колективни договори во доменот на педагошко-инструктивната и административно-организациската работа.
Во рамките на педагошко инструктивната работа, директорот подготвува и предлага Годишна програма за работа за учебната година, која што во континуитет се следи, оценува и проценува и врз кое следење се преземаат мерки за квантитет и квалитет во реализацијата.
Се организира воспитно- образовниот процес преку распределбата на наставниот кадар по наставни предмети и други задолженија, работата на стручните тела, комисии и стручни активи.
Во текот на учебната година, директорот раководеше со Одделенскиот и Наставничкиот совет. Присутен е во работата на стручните тела училиштето.
Континуирано, од страна на директорот се следи и анализира успехот и постигнувањето на учениците, реализацијата на наставните планови и програми, реализацијата на програмската насоченост на стручните активи и се врши проценка на влијанието и ефектуираноста врз постигнувањата на учениците и квалитетот на воспитно образовниот процес.
Во текот на учебната 2022/2023 година, во реализацијата на програмските задолженија од страна на директорот, континуирано е практикуван аналитичкиот пристап за успехот и постигнувањата во воспитно- образовниот процес врз реализацијата на Годишната програма.
Континуирано соработува со наставниот кадар во функција на стручно и педагошко оспособување и усовршување, како и во функција на унапредување на наставно- воспитниот процес. Во рамките на своите надлежности директорот врши и посета на часови со планирани и зацртани цели.
Како активност треба да се напомене вклучувањето на учениците во разни активности, следењето на нивниот напредок и постигања, ставови, тешкотии, кризи, разрешување на конфликтни состојби. Посебно внимание се обрна на повозрасните ученици за кои директорот организираше 10 Мотивирачки трибини во Младински центар- Охрид под наслов „И јас сум од Кочо Рацин“. Целта на трибините беше да се мотивираат учениците во изборот на својата идна кариера, а гости (говорници) беа наши поранешн и ученици, денес успешни во својата кариера.



Во текот на оваа учебна година, директорот потпиша Меморандум за соработка на ООУ „Кочо Рацин“- Охрид со ОШ „Веселин Маслеша“- Белград и ОШ „Веселин Маслеша“- Фоча, со што станавме три партнер училишта во меѓународни рамки (прекугранична соработка). Чинот на збратимување беше поддржан од Советот на родители, Секторот за образование при Локалната самоуправа- Општина Охрид и Почесниот конзул на РС во Охрид, господинот Михајло Филев.






Во рамките на административно организациската дејност, директорот континуирано ја организира и координира работата на сите субјекти и дејности во училиштето; материјалните ресурси на училиштето, кадровски и финансиски потреби во училиштето, избор и распоредување на наставен и административно-технички кадар.
Директорот врши надзор над административно- финансиското работење, изготвува статистички податоци, анализи, извештаи.
Поднесува извештај за реализацијата на Годишната програма, успехот на учениците и материјалното работење на училиштето.
Соработува со Министерството за образование, Бирото за развој на образованието, Локалната самоуправа, локалната заедница, стручните служби, стручни и научни институции, родителите, невладини организации и други релевантни инстанци.
Во рамките на професионалниот развој, учествуваше на семинари организиран од страна на Министерството за образование и Бирото за развој на образованието и други релевантни институции.
Во текот на учебната 2022/2023 година директорот на училиштето го планираше, организираше и проценуваше воспитно–образовниот процес.

**Директор**
**Славица Котеска**

**Прилог 12**
**ИЗВЕШТАЈ ЗА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА, НАСИЛСТВО И ПРОМОЦИЈА НА ЕДНАКВОСТ**

Врз основа на Годишните планирања на училиштето и реализација на истата, се подготви извештај за заштита на децата од дискриминација, насилство и промоција на еднаквост.
Согласно Програмата, училиштето во континуитет ги детектираше појавите кои имаа елементи во половата, родовата, социјалната, верската, етничката националната и друг вид на дискриминација.
Појавата на дискриминација се детектираше врз основа на разговори со наставниот и стручниот кадар, раководството на училиштето, родителите, како и со учениците,
Манифестната и латентна дискриминација, изразена преку вербални конфликти, во континуитет беа опсервирани и пропратени со соодветен пристап.
Наведените видови на дискриминација, кои се забранета со Законот за основно образование, како и со Декларацијата на правата на детето, соодветно беа третирани од страна на раководството на училиштето, стручната служба, наставниот кадар, во соработка со родителите.
Покрај опсервацијата на манифестниот дел на дискриминација, беа спроведувани и разговори со учениците и родителите. Разговорите одеа во насока на градење на свест за соодветен пристап и градење на свест за почитување на различностите, што е есенција во градење на релациите и климата во самото училиште.

Неизоставни беа и афирмативните мерки, со цел промовирање на недискриминацијата и елиминирање на дискриминативниот пристап.
Како неопходност во справување со појавите на дискриминација, се реализираше и промоција на еднаквост и правичност кај учениците.
Елементите за справување со дискриминација, беа вклучени во наставниот процес како корелативна компонента, но и во воннаставните активности, каде што учениците ја градеа свеста и применуваа активности од доменот на недискриминација и меѓусебна почит.
Програмата се реализираше и преку промоција на декларацијата на правата на детето , со посебен акцент за градење на меѓусебна почит и недискриминативен пристап.
Од причина што појавата на дискриминација, која се појавува во многу пропратни елементи и форми неминовно води до насилство, кое исто така се појавува во латентна, вербална или друга манифестна форма, се реализираа активности за превенција и справување со насилството.
Училиштето во реализација на своите активности во континуитет се справуваше со појавените форми на насилство од секаков вид преку примена на соодветен пристап и други соодветни форми и методи.
Во рамките на својата работа училиштето ги презеде следните активности:
- запознавање со поимот насилство и видовите и формите на насилство;
-се создаваше училишна клима и соживот преку сеопфатна училишна политика-МИО;
-се развиваа стратегии за намалување на насилството, односно едукација за справување со конфликтни ситуации;
-се разговараше со наставници, родители ученици;
-се детектираа причините за појава на насилство, злоупотреба и занемарување на деца;
-се следае ефектите од превземените мерки;
-заштита на децата и обезбедување на безбедна училишна клима;
-соработка со надлежни институции;

**Директор**
**Стручна служба**

**Прилог 13**
**Извештај за работата на Училишниот одбор**

Училишниот одбор е највисок орган кој е одговорен за управување со училиштето. Составот и надлежностите на УО се дефинирани со Законот за основно образование и Статутот на училиштето. * Училишниот одбор е одлучувачко тело за управување со училиштето. * Училишниот одбор во соработка со директорот на училиштето и училишните тимови постојано поттикнува активности кои ќе обезбедат квалитет во работењето. Училишниот одбор при ООУ „Кочо Рацин“- Охрид во текот на учебната 2022/2023 година редовно одржуваше седници.

**Претседател на УО**

**Наде Митановска**

## 24. Заклучоци и согледувања за остварување на воспитно- образовниот процес

Годишниот извештај за работата на ООУ „Кочо Рацин“- Охрид во учебната 2022/2023 година, според изнесените податоци констатирани се следните постигања:
- Условите за работа во училиштето се оптимално искористени и потребна е дислокација на училиштето како истите би се подобриле;
- Средниот успех на училиштето на крајот на крајот на учебната година изнесува 4.31;
- Зголемена е демократска партиципација на учениците во парламентот;
- Подигање на свест за здрава животна средина кај учениците и грижа за сопственото здравје и здравјето на другите;
- Промовирање на мултикултурализам и почит кон разликите;
- Стекнување на нови и усовршување на постојните компетенции на наставниците и стручните соработници;
- Инклузија на ученици во редовната настава од секаков вид на попреченост;
- Вклученост во многу проекти, домашни и меѓународни и размена на искуства;
- Унапредување на квалитетот на образованието со цел да се задоволат потребите и интересите на секој ученик, како и грижа за добросостојбата на учениците.

Директорот како организатор, иницијатор и предводник на воспитно- образовната работа, во тесна соработка со стручната служба во училиштето ги реализираа формите и содржините во сите структурални подрачја на воспитно- образовната работа во училиштето, планирани во Годишната програма, а вработените со својот потенцијал позитивно одговорија на обврските.

## 25. Детален статистички извештај

| ОДД. | Број на паралелки | Број на ученици |
|---|---|---|
| I | 3 | 49 |
| II | 3 | 43 |
| III | 3 | 52 |
| I-III | 9 | 144 |
| IV | 2 | 34 |

| | | |
|---|---|---|
| V | 3 | 36 |
| IV-V | 5 | 70 |
| VI | 3 | 45 |
| VII | 3 | 41 |
| VI-VII | 6 | 86 |
| VIII | 3 | 47 |
| IX | 3 | 42 |
| VIII-IX | 6 | 89 |
| VI-IX | 12 | 175 |
| I-IX | 26 | 389 |

**КВАНТИТАТИВЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА УЧЕБНА 2022/2023 ГОДИНА**

Во рамките на извештајот за успехот и постигнувањата во воспитно-образовниот процес, анализиран е успехот во поглед на средниот и општиот успех.

**Од прво до трето одделение** учениците се оценуваат описно.

Активностите на оценувањето подразбираат континуирано следење на психофизичкиот напредок, социјализацијата и едукацијата на учениците и редовно евидентирање на постигнувањата.

**Четврто одделение**

Среден успех централно – 4,26

Подрачно – 4,55 **на ниво на училиште – 4,405**

**Петто одделение**

Среден успех централно 4,61

Подрачно 4,64 **на ниво на училиште 4,625**

**Среден успех од 4 до 5 одделение изнесува 4,51**

**Шесто одделение**

Среден успех централно 4,21

Подрачно 4,41 **на ниво на училиште 4,31**

**Седмо одделение**

Среден успех централно – 4,45

Подрачно – 4,30 **на ниво на училиште 4,37**

**Осмо одделение**

Среден успех централно – 4,08

Подрачно – 3,60 **на ниво на училиште 3,84**

**Деветто одделение**

Среден успех централно 4,34

Подрачно – 4,22 **на ниво на училиште 4,26**

**Средниот успех од шесто до деветто одделение изнесува 4,195**

**Среден успех од четврто до деветто одделение изнесува 4,301**

**Општ успех на ниво на училиште**

| Одд. | м | ж | Вкупно | Одлични | Мн.добри | Добри | Доволни | Недоволни |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 23 | 26 | 49 | | | | | |
| 2 | 23 | 20 | 43 | | | | | |
| 3 | 21 | 31 | 52 | | | | | |
| 4 | 17 | 17 | 34 | 17 | 7 | 9 | - | (еден ученик не е оценет ) |
| 5 | **22** | **14** | **36** | **26** | **6** | **3** | **/** | (еден ученик не е оценет) |
| **1-5** | **106** | **108** | **214** | **43** | **13** | **12** | | |
| 6 | 20 | 25 | 45 | 19 | 18 | 8 | | |
| 7 | 22 | 19 | 41 | 24 | 10 | 7 | | |
| 8 | 30 | 17 | 47 | 19 | 12 | 15 | | |
| 9 | 20 | 22 | 42 | 19 | 17 | 6 | | |
| **6-9** | **92** | **83** | **175** | **81** | **57** | **36** | **-** | |
| **1-9** | **198** | **191** | **389** | **124** | **70** | **48** | | **(двајца ученици не се оценети)** |
| **1-9** | | | **100%** | | | | | **00,67%** |

**Табела бр.1 – Број на ученици и општ успех(од вкупно ученици кои се оценети со бројчана оценка)**

**Среден успех по предмети – предметна настава**

| | |
|---|---|
| 1.Македонски јазик | **4.02** |
| 2.Англиски јазик | **3.9** |
| 3.Германски јазик | **3.87** |
| 4.Математика | **3.91** |
| 5.Информатика | **4.58** |
| 6.Природни науки | **4.28** |
| 7.Општество | **/** |
| 8.Историја и општество( 4 одд.) | **4.34** |
| 9. Слободни изборни предмети (4 одд.), Фигури од хартија-Велосипедизам, Оригами, Мултикултурализам, Кошарка | **4,29**<br>**5,00**<br>**5,00**<br>**4,77**<br>**4,86** |
| 10.Историја | **3.82** |
| 11.Географија | **3.84** |
| 12.Биологија | **4.64** |
| 13.Хемија | **3.75** |
| 14.Физика | **3.45** |

| | |
|---|---|
| 15.Ликовно | **4.75** |
| 16.Музичко | **4.76** |
| 17.Физичко | **4.95** |
| 18.Т.О | **4.71** |
| 19.Запознавање со религии | **4.33** |
| 20.Етика | **4.47** |
| 21.Граѓанско образование | **4.05** |
| 22.Иновации | **4.41** |
| 23.То Изборен | **/** |
| 24.Работа со компјутери | **/** |
| 25.Програмирање | **4.51** |
| 26.Проекти (ликовно) | **5** |
| 27.Проекти (музичко) | **4.92** |
| 28.Вештини на живеење | **5** |
| 29.Творештво | **/** |
| 30.Техничко образование и информатика | **4.73** |

**Табела бр.3 Среден успех на ниво на училиште по предмети**

**Планирани и реализирани часови**

| Часови | Одделенска настава | Предметна настава | Вкупно |
|---|---|---|---|
| Планирани | 1- вкупно 2124<br>2 вкупно 2307<br>3-вкупно 2880<br>4-вкупно 1872<br>5- 2917 | 6 вкупно 2268<br>**7 / 3024**<br>**8 / 3384**<br>**9 / 3395** | **12.100**<br>**12 071**<br>**24171** |
| Реализирани | 1-- вкупно 2165<br>2- вкупно 2307<br>3- вкупно 2880<br>4- вкупно 1872<br>5 вкупно 2752 | 6 вкупно 2268 | **12 100**<br>**12 071** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | **7 / 3024**<br>**8 / 3384**<br>**9 / 3395** | **24 171** |

**Табела бр.4 планирани и реализирани часови од задолжителна настав**

| **Часови** | **планирани** | **реализирани** | |
|---|---|---|---|
| **1-5** | **12 100** | **12 100** | |
| **6-9** | **12 071** | **12 071** | |
| **Вкупно 1-9** | **24 171** | **24 171** | |

**Табела 4-1, Планирани и реализирани часови; збирно**

**Изостаноци на учениците**

| | Оправдани | Неоправдани | Вкупно |
|---|---|---|---|
| Одделенска настава | 1655 | 805 | 2460 |
| Предметна настава | 1329 | 44 | 1373 |
| **Вкупно** | **2984** | **849** | **3833** |
| | | | |

**Табела бр.5 – изостаноци на учениците**

**Слободни ученички активности**

Во рамките на слободните ученички активности реализирани се вкупно **905 часови.**

**Педагошки мерки**

| **Педагошка мерка** | **м** | **ж** | **Вк.** | |
|---|---|---|---|---|
| **Укор** | **-** | **-** | **-** | |
| **Усмена опомена** | **1** | **-** | **1** | |
| **Писмена опомена** | **1** | **-** | **1** | |
| **Намалено поведение** | **-** | **-** | **-** | |
| **Префрлање во друга паралелка** | **-** | **-** | **-** | |
| **Префрлање во друго училиште** | **-** | **-** | **-** | |
| **Вкупно** | **2** | **-** | **2** | **-** |

**ООУ„КОЧО  РАЦИН“ - ОХРИД**

# Г О Д И Ш Е Н   И З В Е Ш Т А Ј

**За материјалното работење на училиштето**
**во учебната 2022/2023  година**

**(ПРИЛОГ)**

**Тел/факс 046/255-537**

**Директор**
**Славица Котеска**

**ОХРИД 2023**

ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ НА ООО „КОЧО РАЦИН“- ОХРИД
**За период 01.09.2022 до 31.12.2022 и 01.01.до 30.07.2023 година за сметка 7520106211603/локална. инвестициона**

| | |
|---|---|
| **Приходи** | **2.853.532,00** |
| **ВКУПНО ПРИХОДИ** | 2.853.532,**00** |

**РАСХОДИ**

| | |
|---|---|
| **ВКУПНО401** | |
| 421110 електрична енергија | |
| 421120 вода | |
| 421240 Затоплување со течно гориво нафта | 1.435.837,00 |
| **Вкупно 421** | **1.435.837,00** |
| 423110 канцалариски материјали | |
| 423720 алат и ситен инвентар | |
| 423990 други матријали | |
| **Вкупно 423** | |
| 424110 поправка и одржување | |
| 424210 Одржување на згради | 32.000,00 |
| 424230 дезинфекција и дератизација | |
| 424420 поправка на хадвер и софтвер | |
| 424440 поправка и одржување на отпремнина | |
| **Вкупно 424** | **32,000,00** |
| 425250 осигурување на недвижност | 25.428,00 |
| 425490други здраствени услуги | 28.000,00 |
| 425720 услуги за развој на наставниот план и прог. | |
| 425790 други образовни услуги | |
| 425760 превозни услуги во образованието | 299.074,00 |
| 425990други договорни услуги | 155.791,00 |

| | |
|---|---|
| **Вкупно 425** | **508.293,00** |
| 426990 други оперативни расходи за завршна | |
| 426410 објавување огласи | |
| **Вкупно 426** | |
| 427110 Привремени вработувања | 246.419,00 |
| **427 Вкупно** | **246.419,00** |
| 464910 плаќање по судски решенија | |
| 464940 Отпремнина на вработени | 66,022,00 |
| 464990 други трансфери | |
| **464 Вкупно** | **66,022,00** |
| **481210 Подготовка на проекти** | **417.720,00** |
| **481 Вкупно** | **417.720,00** |
| **482930 Реконструкција на др.објекти** | **147.241,00** |
| **482 Вкупно** | **147.241,00** |

**ВКУПНО РАСХОДИ** **2.853,532,00**

**СМЕТКОВОДИТЕЛ** **ДИРЕКТОР**

Илинка Ристовска Славица Котеска

**----------------------------** **---------------------------**

ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАСИСКОТО РАБОТЕЊЕ НА ООУ КОЧО РАЦИН ОХРИД

**ЗА учебна 2022-2023 од 01.09. до 31.12.2022 и од 01.01 до 30.07.2023 година**

**За сметка 7520106211903/ локална**

**ПРИХОДИ** **25,115,927,00**

---

**25,115,927,00**

**РАСХОДИ**

| | | |
|---|---|---|
| 4011 | нето плати | 15.603.575,00 |
| 401510 | персонален данок | 1.225.448,00 |
| | **Вкупно 401** | **16.829.023,00** |
| 402110 | придонес ПИО | 4.394.268,00 |
| 402210 | придонес здравство И проф.заб. | 1.869.894,00 |
| 402310 | придонес за вработување | 280.511,00 |
| **Вкупно 402** | | 6**.544.673,00** |
| 421110 | електрична енергија | 424.453,00 |
| 421120 | вода и канализација | 68.311,00 |
| 421130 | ѓубретарина | 90.804,00 |
| 421190 | отпадни водо | 81.588,00 |
| 421240 | течно гориво нафта | |
| 421320 | телефон и телефакс | 45.244,00 |
| 421390 | др.трошоци за комуникација интрнрт | 31.954,00 |
| 421410 | Горива и масла | 22.469,00 |
| 421 | **Вкупно комунални услуги и греење** | **764.823,00** |
| 423110 | канцалариски материјали | **15**.345,00 |
| 423120 | списанија и весници | 14,472,00 |
| 423710 | средства за хигиена | 52.103,00 |
| 423720 | ситен инвентар и други материјали | 31.922,00 |

| | | |
|---|---|---|
| 423990 | други материјали | 43,046,00 |
| **423** | **Вкупно ситен инвентар алат и др.матријали** | **156,888,00** |
| 424210 | Одежување на згради | 8.000,00 |
| 424230 | ДДД мерки | 14.960,00 |
| 424440 | Одржување и поправка на опрема | 9.600,00 |
| 424420 | Поправка и одржување на хадвер и софтвер | 3.694,00 |
| **424** | **Вкупно** | **36.254,00** |
| 425250 | Осигурување на недвижност | |
| 425290 | услуги за развој на наставниот план и програма | 45.710,00 |
| 425360 | судски такси | |
| 425740 | полнење на ПП апарати | |
| 425490 | други здравствени услуги | |
| 425760 | договорни услуги и превоз на ученици | 585,935,00 |
| 425750 | услуги за вонучилишни услуги | 1.770,00 |
| 425920 | услуги за копирање и печатење | 12.884,00 |
| 425990 | други договорни услуги | 10,769,00 |
| **425** | **Вкупно договорни услуги** | **657,068,00** |
| 426410 | објавување огласи | 48.598,00 |
| 426990 | други оперативни расходи | 6,300,00 |
| **426** | **Вкупно други тековни расходи** | **54,898,00** |
| 464940 | отпремнина при пензионирање | 72.300,00 |
| 464990 | други трансфери – помошти на вработени | |
| **464** | **Вкупно разни трансфри** | **72.300,00** |
| | **ВКУПНО РАСХОДИ** | **25,115,927,00** |

**СМЕТКОВОДИТЕЛ** **ДИРЕКТОР**
**Илинка Ристовска** **Славица Котеска**

**И З В Е Ш Т А Ј**

За финансиско материјалното работење на ООУ КОЧО РАЦИН ОХРИД за период од 01.09. до 31.12.2022 и 01.01 до 30.07.2023 година -787-сопствена сметка

| | |
|---|---|
| **ВКУПНО РАСХОДИ;** | **61.831,00** |
| **420 Вкупно Патни и дневни трошоци** | **5.000,00** |
| 420120 патни трошоци | 5.000,00 |
| **421 Вкупно** | **6,000,00** |
| 42111 Електрична енергија | 6.000,00 |
| **423Вкупно Материјали** | **25,262,00** |
| 423110 канцалариски материјали | |
| 423120-весници и списанија | 7.864,00 |
| 423710-средства за хигиена | |
| 423990-други материјали | 17.398,00 |
| **424- Вкупно** | **2.990,00** |
| 424210-одржување на згради | |
| 424430-поравка и одржување на опрема | **2.990,00** |
| 424420-одржување на хадвер и совтвер | |
| **425 Вкупно** | **6,628,00** |
| 425720 услуги за развој на наставниот план и програма | 6.628,00 |
| 425920 копирање и печатење | |
| **426 Вкупно** | **10.951,00** |
| 426410 објавување на огласи | 9.148,00 |
| 426990 други оперативни расходи | 1.803,00 |

**483 Купување на мебел и опрема 5.000,00**

**483120 Купување на училишен мебел 5.000,00**

**ПРИХОДИ ВКУПНО 100,825,00**

Приходи од закупнини Градинка 100,825,00

**ВКУПНО ПРИХОДИ ЗА 2022-2023 100,825,00**
**ВКУПНО РАСХОДИ ЗА 2020-2021 61,831,00**

**Вкупно останат приход за 2022/2023 година (Салдо 38,994,00)**

СМЕТКОВОДИТЕЛ ДИРЕКТОР
**Илинка Ристовска** **Славица Котеска**

Извештајот е подготвен од:

Славица Котеска- директор

Одговорни наставници по подрачја и активи

Фила Вероска- Стојковска- наставник по македонски јазик (одговорен наставник на библиотека)

**Претседател на УО:**

**Наде Митановска**

**Јули, 2023 год.**

**Директор:**

**Славица Котеска**